УНИВЕРЗИТЕТ “СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ

**М-р Оља М. Ристова**

# ДОКАЗНА ВРЕДНОСТ НА СВЕДОЧЕЊЕТО НА МИГРАНТИТЕ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА КОНЕЧНАТА ОДЛУКА НА СУДОТ

**Докторска дисертација**

**Ментор**

**Проф. д-р Трпе Стојановски**

**Скопје, октомври 2024**

**М е н т о р:** Проф. д-р Трпе Стојановски
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола

**Членови на Комисијата:**

Редовен професор д-р Борис Мургоски
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола

Редовен професор д-р Катерина Крстевска Савовска
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола

Редовен професор д-р Марина Малиш Саздовска
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола

Редовен професор д-р Никола Дујовски
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола

**Дата на одбрана:**

**Дата на промоција: ___________________________________**

**БЕЗБЕДНОСНИ НАУКИ**

# **И З Ј А В А**

Од м-р Оља Ристова

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од обласа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил,

___________________________

# ДОКАЗНА ВРЕДНОСТ НА СВЕДОЧЕЊЕТО НА МИГРАНТИТЕ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА КОНЕЧНАТА ОДЛУКА НА СУДОТ

**А б с т р а к т**

Криумчарењето на мигранти со сите свои последици го привлекува вниманието не само на државните органи, туку и на пошироката јавност, како и на бројни истражувачи и научници. Криумчарењето на мигранти како феномен не е доволно проучен и има недостаток на истражувања кои ја опфаќаат конкретно,  кривичната постапка од аспект на сведочење на мигрантите и примената на начелата на непосредност и контрадикторност, процедура за утврдување на возраста на мигрантите, постапување со ранливи групи мигранти, почитувањето на човековите права на мигрантите во текот на постапката, слободата на движење до моментот на давање исказ за потребите на кривичната постапка, како и примена на меѓународните договори и стандарди од страна на судиите и странките во кривичната постапка.

Со квалитативната анализа се опфатени судски предмети за криумчарење мигранти во кои обвинетите не признале вина и кои завршиле со правосилни судски одлуки. Анализирани се предмети од три судски инстанци, на Основниот кривичен суд Скопје како единствен надлежен првостепен суд, потоа пресудите на Апелациониот суд Скопје по жалбите на конкретните предмети, како и пресудите на Врховниот суд на РСМ по вонреден правен лек во истите кривични постапки.

Анализата го опфаќа постапувањето со криумчарените мигранти сведоци во кривичната постапка, од моментот на нивното откривање од стана на органите на прогонот до моментот на напуштање на државата. Во овој дел е опфатен начинот на утврдување на идентитет, утврдување на возраста на мигрантите, дали се работи за деца или возрасни што е од големо значење за правната квалификација на кривичното дело, законскиот основ за задржување да сведочат во кривичната потапка и ограничување на слободата на движење. Посебен предизвик претставува начинот, времето и местото на нивното сослушување од страна на јавниот обвинител и стручноста на судиите, јавните обвинители и адвокатите конкретно за постапување со сведоците мигранти во контекст на и квалитетот на нивните искази.

Истражувањето во корелација со домашните и странските извештаи за задржување на сведоците мигранти покажува дека на криумчарените мигранти им се ограничува слободата на движење во прифатниот центар, се задржуваат во временски период од неколку дена до три месеци исклучиво заради давање исказ во кривичната постапка. Криумчарените мигранти се задржуваат арбитрерно, без законски основ, без да им биде издадено решение и без да им биде објаснета причината за здржување. Откако ќе дадат исказ пред јавниот обвинител, веднаш се преместуваат во транзитниот центар за баратели на азил што е установа од отворен тип и тие слободно ја напуштаат државата.

Анализата доаѓа до заклучок дека мигрантите се сослушуваат исклучиво во текот на истрагата од страна на јавниот обвинител, најчесто без присуство на осомничениот и неговиот бранител, со што се отстапува од начелото на непосредност и контрадикторност во судската постапка.

Истражувањето покажува дека не постојат стандардни оперативни процедури за утврдување на возраста на криумчарените мигранти, особено кога мигрантот е на граница меѓу дете и возрасен. Утврдувањето на возраста на сведокот мигрант директно влијае на видот и висината на кривичната санкција бидејќи Кривичниот законик предвидува потешка правна квалификација за криумчарено малолетно лице. Казнената политика во периодот на истражувањето е опфатена со квантитативната анализа во која статистички се опфатени сите предмети за криумчарење мигранти во периодот на истражувањето. Анализата покажува дека заострувањето на миграциските политики на Владата на Република Северна Македонија во 2017 година е во корелација со највисокото ниво на изречени затворски казни во 2017 година.

Анализата на пресудите покажа дека исказите на сведоците мигранти имаат влијание на одлуката на судот, но секогаш се ценат во корелација со другите вербални и материјални докази. Судиите при одлучувањето ретко ја применуваат праксата на Европскиот суд за човекови права и други меѓународни договори и стандарди, а кога бранителот се повикува на меѓународната пракса и договори, судиите даваат само паушално толкување на одредбите без да дадат образложение за конкретните наводи.

**Клучни зборови: криумчарење мигранти, миграција, слобода на движење, идентитет, возраст на мигрант, дете мигрант, кривична постапка, доказна вредност, сведочење, кривична санкција, ЕСЧП**

**EVIDENCE VALUE OF MIGRANTS' TESTIMONY IN CRIMINAL PROCEEDINGS AND THEIR INFLUENCE ON THE COURT'S FINAL DECISION**


**Abstract**

The smuggling of migrants with all its consequences attracts the attention not only of state authorities, but also of the general public, as well as numerous researchers and scientists. Smuggling of migrants as a phenomenon is not sufficiently studied and there is a lack of research that covers specifically, the criminal procedure in terms of: the testimony of migrants and the application of the principles of immediacy and contradiction, the procedure for determining the age of migrants, dealing with vulnerable groups of migrants, respect of the human rights of migrants during the procedure, the freedom of movement until giving a statement for the needs of the criminal procedure, as well as the implementation of international agreements and standards by the judges, public prosecutors and lawyers in the criminal procedure.

The qualitative analysis covers court cases for migrant smuggling in which the defendants pleaded not guilty and which ended with final court decisions. Cases from three court instances have been analyzed, the Basic Criminal Court Skopje as the only competent first-instance court, then the judgments of the Skopje Court of Appeals on appeals of specific cases, as well as the judgments of the Supreme Court of Republic of North Macedonia on extraordinary legal remedies in the same criminal proceedings.

The analysis covers the treatment of smuggled migrant witnesses in the criminal proceedings, from the moment of their discovery by the law enforcement authorities to the moment of leaving the country. This section covers the method of determining identity of migrants, determining the age, whether they are children or adults, which is of great importance for the legal qualification of the crime, the legal basis for keeping the migrants merely for testifying in criminal proceedings and restriction of freedom of movement. A particular challenge is the manner, time and place of their hearing by the public prosecutor and the expertise of judges, public prosecutors and lawyers specifically in dealing with migrant witnesses in the context of the quality of their testimony.

Correlating research with domestic and foreign reports on the detention of migrant witnesses shows that smuggled migrants are restricted in their freedom of movement in the Reception center. The migrants are detained for periods of time ranging from several days to three months solely for the purpose of testifying in criminal proceedings. Smuggled migrants

are detained arbitrarily, without a legal basis, without a decision being issued and without explaining the reason for detention. After they testify before the public prosecutor, they are immediately transferred to the transit center for asylum seekers, which is an open facility, and they are free to leave the country.

The analysis comes to the conclusion that migrants are interrogated solely during the investigation by the public prosecutor, most of the time without the presence of the suspect and his lawyer, thus deviating from the principle of immediacy and contradiction in court proceedings.

The research shows that there are no standard operating procedures for determining the age of smuggled migrants, especially when the migrant is on the borderline between child and adult. Determining the age of the migrant witness directly affects the type of penalty or the criminal sanction because the Criminal Code provides for a more severe legal qualification for a smuggled minor The penal policy during the research period is covered by the quantitative analysis, which statistically covers all cases of migrant smuggling during the research period. The analysis shows that the tightening of the migration policies of the Government of the Republic of North Macedonia in 2017 is correlated with the highest level of imposed prison sentences in 2017.

The analysis of the verdicts showed that the statements of migrant witnesses have an impact on the court's decision, but they are always evaluated in correlation with other verbal and material evidence. When making decisions, judges rarely apply the practice of the European Court of Human Rights and other international agreements and standards, and when the defense counsel refers to international practice and agreements, the judges only give a blanket interpretation of the provisions without giving an explanation for the specific allegations.

**Key words: migrant smuggling, migration, freedom of movement, identity, migrant age, migrant child, criminal procedure, evidence validity, witness testimony, criminal sanction, ECHR**

# ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ, ТАБЕЛИ И СЛИКИ

## Графикони – анкетни прашалници


**Графикон 1:** Структура на експертскиот панел

**Графикон 2:** Работно искуство на експертите во соодветната област

**Графикон 3:** Искуство во работа со предмети за кривични дела криумчарење мигранти

**Графикон 4:** Област во која адвокатите во експертскиот панел застапуваат предмети

**Графикон 5:** Учество на обука за постапување со илегални мигранти

**Графикон 6:** Дали мигрантите секогаш се задржуваат во Прифатниот центар за странци при МВР

**Графикон 7:** Основ по кој се задржува мигрантот во Прифатниот центар

**Графикон 8:** Време на задржување на мигрантот во Прифатниот центар со цел давање исказ за потребите на истрагата / кривичната постапка

**Графикон 9:** Фаза од постапката во која за прв пат е повикан адвокатот како бранител во кривични дела со криумчарење мигранти

**Графикон 10:** Место каде обвинителот го има првиот контакт / разговор со мигрантите

**Графикон 11:** Место каде се врши сослушување на сведоците мигранти од страна на јавниот обвинител

**Графикон 12:** Присутни лица за време на сослушувањето на сведоците мигранти

**Графикон 13:** Дали кога се сослушуваат сведоците мигранти од страна на јавниот обвинител секогаш се присутни осомничениот и неговиот бранител

**Графикон 14:** Дали кога се зема исказ од сведоците мигранти од страна на јавниот обвинител процесот се снима

**Графикон 15:** Дали судот секогаш праќа покана за главна расправа до сведоците мигранти по добивање на обвинението

**Графикон 16:** Адреса на која судот ја праќа поканата до сведоците мигранти

**Графикон 17:** Предлог за изведување на искази на мигрантите како доказ во постапката од страна на јавниот обвинител

**Графикон 18:** Дали на главната расправа се читаат исказите на мигрантите дадени на записник во истражна постапка пред јавниот обвинител

**Графикон 19:** Дали во Вашата пракса имало предмет кога на главната расправа биле сослушани сведоци мигранти во контрадикторна постапка

**Графикон 20:** Дали во Вашата пракса имало случај Апелациониот суд да прифати жалба по основ дека мигрантите не биле сослушани во контрадикторна постапка на главната расправа пред првостепениот суд?

**Графикон 21:** Дали како бранител сте поднеле вонреден правен лек во предмет со криумчарење на мигранти до Врховниот суд на РСМ по основ на повреда на начелото на контрадикторност во постапката за непосредно сослушување на мигрант на главна расправа?

**Графикон 22:** Дали сметате дека заради примена на начелото на контрадикторност во судската постапка мигрантите треба да сведочат непосредно пред судот на главната расправа

**Графикон 23:** Дали сметате дека исказите на мигрантите земени од страна на ЈО во текот на истрагата треба секогаш да се снимаат и потоа да се репродуцираат на главната расправа пред судот доколку ја напуштиле државата

**Графикон 24:** Дали доколку сведоците мигранти вршат препознавање на осомничените во полициска станица препознавањето се снима?

**Графикон 25:** Присутни лица во полициската станица кога сведоците мигранти вршат препознавање на осомничениот/те

**Графикон 26:** Дали јавниот обвинител зема искази од сите криумчарени мигранти?

**Графикон 27:** Освен исказите на мигрантите како вербални докази, дали јавниот обвинител обезбедува и други вербални и материјални докази?

**Графикон 28:** Дали исказот на сведоците мигранти е пресуден за креирање на описот на дејствијата на сторување на кривичното дело во диспозитивот на обвинението, односно време, место и начин на сторување?

**Графикон 29:** Дали исказот на сведоците мигранти е во голема мера пресликан во изреката на пресудата, односно време, место и начина на сторување?

**Графикон 30:** Најчести одлуки за одземање на имотната корист стекната со кривичното дело

**Графикон 31:** Кој го утврдува идентитетот и возраста на мигрантите, според адвокатите опфатени со истражувањето

**Графикон 32:** Начин на кој најчесто се утврдува возраста на мигрантите

**Графикон 33:** Начин на кој најчесто се утврдува дека мигрантот е малолетно лице / дете до 18 години, доколку нема документи за идентификација и тоа не е очигледно по неговиот изглед

**Графикон 34:** Дали како бранител на обвинетиот/те сте предложиле антрополошко вештачење или изведување на друг доказ да се утврди возраста на мигрантот кога истата е спорна?

**Графикон 35:** Кој најчесто се повикува ако мигрантот е малолетно лице/дете без придружба

**Графикон 36:** Третман на мигрантот помеѓу малолетно лице/дете и возрасен од страна на надлежниот орган, во случај кога е спорна возраста на мигрантот

**Графикон 37:** Докази според кои судот ја утврдува возраста доколку обвинението е за кривично дело Криумчарење мигранти по чл.418-б ст.4 од Кривичниот законик

**Графикон 38:** Случаи кога Апелациониот суд ја прифатил жалбата за правна квалификација на кривичното дело, по основ дека нема докази дека еден или дел од мигрантите биле малолетни лица, или дека не можело со сигурност да се утврди дали мигрантот е малолетен или возрасен

## СЛИКИ, ГРАФИКОНИ И ТАБЕЛИ – КАЗНЕНА ПОЛИТИКА

### СЛИКИ

**Слика 1**: Дистрибуција на изречените затворски казни
**Слика 2:** Дистрибуција на изречените условни осуди

### ГРАФИКОНИ

**Графикон 1:** Број на број на осудени лица, по години
**Графикон 2:** Времетраење на изречените затворски казни по години
**Графикон 3:** Времетраење на изречените условни осуди по години
**Графикон 4:** Времетраење на изречените затворски казни по видот на кривичното дело
**Графикон 5:** Времетраење на изречените условни осуди по видот на кривичното дело
**Графикон 6:** Структура на затворските казни (број на осудени лица), според видот на кривичното дело, по години
**Графикон 7:** Структура на условните осуди (број на осудени лица), според видот на кривичното дело, по години
**Графикон 8:** Времетраење на изречените затворски казни според тоа дали осудениот признал вина
**Графикон 9:** Времетраење на изречените условни осуди според тоа дали осудениот признал вина
**Графикон 10:** Број на осудени лица и просечна затворска казна, по видот на кривичното дело, според тоа дали осудениот признал вина
**Графикон 11:** Број на осудени лица и просечна условна осуда, по видот на кривичното дело, според тоа дали осудениот признал вина

### ТАБЕЛИ

**Табела 1:** Дескриптивна статистика на изречените затворски казни (во месеци), по години
**Табела 2:** Резултати од спроведените тестови за еднаквост на изречените затворска казна низ годините
**Табела 3:** Дескриптивна статистика на изречените условни осуди (во месеци), по години
**Табела 4:** Резултати од спроведените тестови за еднаквост на изречените условни осуди низ годините
**Табела 5:** Дескриптивна статистика на изречените затворски казни (во месеци), по видот на кривичното дело
**Табела 6:** Резултати од спроведените тестови за еднаквост на изречените затворски казни според видот на кривичното дело
**Табела 7:** Дескриптивна статистика на изречените условни осуди (во месеци), по видот на кривичното дело
**Табела 8:** Резултати од спроведените тестови за еднаквост на изречените условни осуди според видот на кривичното дело
**Табела 9:** Дескриптивна статистика на изречените затворски казни (во месеци), според тоа дали осуденикот го признал делото
**Табела 10:** Резултати од спроведените тестови за еднаквост на изречените затворски казни според тоа дали осуденикот го признал делото
**Табела 11:** Дескриптивна статистика на изречените условни осуди (во месеци), според тоа дали осуденикот го признал делото
**Табела 12:** Резултати од спроведените тестови за еднаквост на изречените условни осуди според тоа дали осуденикот го признал делото

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

АКМИС – Автоматизиран компјутеризиран систем за управување со судски предмети

ЕК – Европска Комисија

ЕКЧП – Европска конвенција за човекови права

ЕСЧП – Европски суд за човекови права

ЗКП – Закон за кривична постапка

ЈО – Јавен обвинител

ЈУ – Јавна Установа

КЗ – Кривичен законик

МЦСР – Меѓуопштински центар за социјална работа

НПМ на НП на РСМ – Национален превентивен механизам на Народниот правобранител на Република Северна Македонија

ОЈО – Основно јавно обвинителство

ОЈО за ГОКК - Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

ПИМ – Посебни истражни мерки

РЦ – Регионален Центар

УНХЦР - Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци при Обединетите нации во Скопје

УНИЦЕФ – Меѓународен фонд за деца при Обединетите Нации (сега Фонд за деца на Обединетите нации)

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД........................................................................................................................15**
1. Формулација на проблемот....................................................................................18
2. Определување на предметот на истражувањето..............................................21
2.1 Теоретско определување на предметот на истражувањето................................21
2.2 Ограничување на слободата на движење на мигрантите во текот на истрагата.........................................................................................................................25
2.3 Сведочење на мигранти во истражната постапка пред јавен обвинител.......................................................................................................................26
2.4 Читање на исказите на мигрантите како доказ во судската постапка..........................................................................................................................27
2.5 Утврдување на возраст на мигрантот кога е на граница на дете и полнолетен......................................................................................................................28
3. Поимно-категоријален апарат...........................................................................31
3.1 Криумчарење на мигранти, трговија со луѓе, сличности и разлики..........................................................................................................................31
3.2 Поим и цели на казнувањето, кривични санкции за криумчарење на мигранти, надлежен суд и пресуда..........................................................................................34
3.3 Акузаторна кривична постапка и принципот на непосредност ......................................................................................................................................36
3.4 Поим за лишување од слобода и слобода на движење на мигранти кои се сведоци во кривичната постапка...........................................................................38
4. Операционално определување на предметот на истражувањето....................39
5. Дисциплинарно определување на предметот...................................................41
6. Временско и просторно определување на предметот на истражувањето.....42
7. Цели на истражувањето........................................................................................43
8. Хипотези.......……………………………………………......……........…45
8.1 Општа хипотеза……………………………………………….............…45
8.2. Посебни хипотези…………………………..………......….........….45
9. Методолошки пристап...........................................................................................47
10. Научна и општествена оправданост на истражувањето.................................50

I. ПРАВНИ АСПЕКТИ НА КРИУМЧАРЕЊЕТО НА МИГРАНТИ

1. Меѓународни инструменти за спречување криумчарење мигранти.....................50
2. Воведување на кривичното дело криумчарење мигранти во Кривичниот законик..........................................................................................................54
3. Начин на делување на криумчарите (Modus operandi)……………..……........…57
4. Надлежни органи за откривање, гонење на криминалот со криумчарење мигранти и надлежен суд.................................................................................................59

II. МИГРАЦИСКА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА– ИНСТРУМЕНТИ И МЕХАНИЗМИ

1. Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.........................................................................................................61
2. Резолуцијата за миграциската политика на Република Северна Македонија 2021 – 2025 година....................................................................................................62

III. ЗАКОНСКИ ОСНОВ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ МИГРАНТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

1. Законски основ за задржување мигранти, лишување од слобода и слобода на движење…………......………………………..….................................................64
2. Легитимност на задржувањето од аспект на извештаите на Народниот правобранител на РСМ преку Националниот превентивен механизам................68

IV. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСТРАГАТА ЗА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

1. Дејствија кои ги презема полицијата под надзор на јавниот обвинител..............76
2. Сведочење на мигранти во истражната постапка пред јавен обвинител..........................................................................................................82

V. УТВРДУВАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТ И ВОЗРАСТ НА МИГРАНТИТЕ

1. Деца мигранти сведоци во кривичната постапка....................................................86
2. Постапка за утврдување на возраст на мигрантите – дете или возрасен...............89

VI. ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗ – СОСЛУШУВАЊЕ СВЕДОЦИ МИГРАНТИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Начела на контрадикторност и непосредност.......................................................95

**VII. АНАЛИЗА НА ДОКАЗИТЕ И КОНЕЧНА ОДЛУКА НА СУДОТ**
1. Анализа на вербалните и материјалните докази....................................................99
2. Одлука на судот и почитување на меѓународните стандарди.........................................................................................................101

**VIII. КАЗНЕНА ПОЛИТИКА**..........................................................................103
1. Методологија за анализа на казнената политика.................................................104
2. Анализа на казните.................................................................................................107
   а) Анализа на казните по години...........................................................................108
   б) Анализа на казните по видот на кривичното дело.............................................112
   в) Анализа на казните според тоа дали осудениот признал вина..........................116

3. Статистичка анализа на податоци..........................................................................120
**IX. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ**.......................................................................................121
1. Апликација до Европскиот суд за човекови права..............................................122
2. Фактичка состојба...................................................................................................122
3. Повреда на членот 6 од Конвенцијата..................................................................126
4. Оценка на ЕСЧП.....................................................................................................127
5. Примена на праксата на ЕСЧП од страна на судовите.........................................128
**X. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**............................................................129
1. Методологија и податоци.................................................................... ..............129
1.1.Анкетни прашалници...........................................................................................129
1.2.Анализа на содржина на предмети и пресуди на повисок суд.............................135
2. Резултати од истражувањето согласно посебните хипотези...............................137

**XI.ЗАКЛУЧОЦИ**........................................................................................................187
**XII.ПРЕПОРАКИ**.......................................................................................................193

**ПРИЛОЗИ**
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

## ВОВЕД

Криумчарењето на мигранти, како составен дел на организираниот криминал зазема значајно место во правната наука и кривичното законодавство. Ова се должи на фактот што дејствијата кои ја создаваат сликата за овие кривични дела предизвикуваат бројни индивидуални, семејни и општествени последици. Криумчарењето на мигранти со сите свои последици го привлекува вниманието не само на државните органи, туку и на пошироката јавност, како и на бројни истражувачи и научници. Криумчарењето на мигранти како феномен опфаќа повеќе аспекти од кои во најмногу истражувања интерес е покажан за статистиката на илегалната миграција во однос на обидите за илегален влез на мигрантите (Council of Europe; North Macedonia, 2023), степенот на ефикасност на државните органи во откривање на илегалната миграција, мапирање на рутите преку кои најчесто се одвива криумчарењето (DTM - Displacement Tracking Matrix, 2022), статистика за земјата на потекло на мигрантите (EUROPOL; FRONTEX and EASO Joint Report, January, 2020), како и виктимолошкиот аспект на криумчарењето на мигранти и кршењето на човековите права воопшто (UNODC, 2024). Сепак сметам дека овој феномен не е доволно проучен и има недостаток на истражувања кои ја опфаќаат конкретно, кривичната постапка од аспект на сведочење на мигрантите во смисла на начелата на непосредност и контрадикторност, правата на мигрантите во текот на постапката, слободата на движење, постапката за утврдување на возраста на мигрантите како и нивната ранливост од родов аспект.

Сериозен проблем кој го истакнаа граѓанските организации, но и некои претставници на државни институции е сознанието дека за време на миграциската криза во 2015 и 2016 година многу мигранти од ранливите групи, особено жени и деца, биле жртви на насилен криминал од сите облици (Стојановски, 2018). Според Стојановски, неподготвеноста на државата да ги прифати пријавите и да ги документира случаите, го произвело чувството дека жртвите се оставени на својата немоќ, во миграцискиот збег владеат правилата на џунглата и криминалот не се казнува. Оваа состојба ја илустрира неподготвеноста на државата соодветно да постапува, да го превенира криминалот, да ги сослуша жртвите на криминал, да ги гони сторителите на овие кривични дела и да застане во заштита на ранливите категории мигранти.

Заштитата на правата на жените и девојките мигранти, бегалци и баратели на азил е нова стратешка цел на Советот на Европа за промовирање на родовата еднаквост и правата на жените во рамките на Стратегијата за родова еднаквост 2018-2023 (Council of Europe, 2018). Во овој контекст е и Препораката на комитетот на министри заштитата на правата на жените и девојките мигранти, бегалци и баратели на азил CM/REC(2022)17 (Council of Europe, 2022) според која родовата еднаквост е од централно значење за заштитата на човековите права, функционирањето на демократијата и доброто владеење, почитувањето на владеењето на правото и промоцијата на одржливиот развој и благосостојба за сите. Во препораката се наведува дека жените и девојките се изложени на континуирано насилство што е специфично за нив затоа што се жени, или кое ги погодува несразмерно, и дека таквото насилство, во оваа смисла, е родово засновано. Во препораката се изразува сериозна загриженост дека жените и девојките мигранти, бегалци и баратели на азил може да бидат особено изложени на насилство, трговија со луѓе, експлоатација и злоупотреба во нивните земји на потекло, за време на нивното патување и во земјите на транзит и земјите на дестинација. Имајќи предвид дека сето ова може да претставува сериозно кршење на нивните човекови права, родовиот аспект ќе биде земен предвид во сите сегменти на овој труд.

Практично секоја земја во светот е погодена со криминалот криумчарење на мигранти од криминалци кои бараат профит, без разлика дали станува збор за земја на потекло, транзит или дестинација за мигрантите, (UNODC, 2012). Република Северна Македонија како транзитна земја е длабоко посветена во борбата против криумчарењето на мигранти, откривањето и казнување на сторителите. Во годишниот извештај на Европската комисија за напредок на Република Северна Македонија за 2019 година е нотирано дека напредок е постигнат во делот на хармонизација на законите на полето на миграцијата (Секретаријат за европски прашања во РСМ, 2019), воедно успехот на државата во справувањето со овој вид на криминал се отсликува и во извештајот на Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе во рамки на МВР за 2021 година (МВР, 2022).

Докторскиот труд го анализира овој облик на организиран криминал од кривично-правен аспект. Фокусот на истражувањето ќе биде врз криумчарените мигранти како сведоци во кривичната постапка и доказната вредност на нивните искази врз конечниот исход на постапката. Имајќи предвид дека пасивен субјект на кривичното

дело е еден или повеќе мигранти (Камбовски, Коментар на кривичниот законик, 2015), кои се лица кои поминуваат на територијата на друга држава, со цел да останат или да транзитираат во трета држава, како и дека делото се смета за довршено со пренесување на еден или повеќе мигранти преку државната граница, сведочењето на мигрантите претставува клучен доказ во кривичната постапка.

Кога зборуваме за мигрантите кои биле криумчарени и се сведоци во кривичната постапка во Република Северна Македонија се наметнуваат повеќе прашања како од аспект на почитување на човековите права на мигрантите, така и од процесен аспект. По кој законски основ и колкав временски период се задржуваат мигрантите кои треба да сведочат во кривичната постапка? Дали со нивното задржување за потребите на судската постапка им се ограничува слободата на движење и други човекови права? Дали мигрантите се сведоци во текот на главната расправа пред судот или нивните искази се читаат бидејќи ја напуштиле државата и продолжиле по својата мигрантска рута. Која е доказната вредност на сведочењата врз конечната одлука на судот? Запазено ли е начелото на непосредност во судската постапка? Со оглед дека е потешка правната квалификација и е пропишана построга казна за криумчарење на дете мигрант, дали постојат посебни правила и процедури за утврдување на возраста доколку истата е спорна? Кои докази се релевантни за судот при утврдување на возраста на мигрантите?

Од овие причини, со цел научно да се одговори на овие прашања, предмет на ова истражување се правосилни судски пресуди во периодот од 2015 до 2021 година донесени и објавени од страна на Основниот кривичен суд Скопје – Оддел за организиран криминал и корупција, Апелационен суд Скопје и Врховен суд на Република Северна Македонија како единствени надлежни судови да постапуваат во кривичните постапки за кривични дела од член 418-б од Кривичниот законик – Криумчарење на мигранти (Службен весник на РСМ, 2004) и член 418-в од Кривичниот законик - Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти (Службен весник на РСМ, 2004).

# 1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ

Криумчарењето на мигранти не е нов феномен, но меѓународната заедница поинтензивно се занимава со ова прашање во последните петнаесет години (Sergio Carrera, 2015). Како општествен, а пред се социјален феномен миграциите се познати уште од настанувањето на човештвото. Одлуката за миграција не зависи само од некои објективни околности на мигрантот, како на пример неговиот социјален статус, таа зависи и од личната перцепција на самиот мигрант за неговиот статус, односно за задоволството од тој статус, кои се неговите лични аспирации и слично (Нинчиќ, 2016).

Миграциските движења претставуваат многу комплексен процес и многу е тешко да се издвојат факторите кои влијаат на тие движења. Обично се анализираат низ така наречениот "притисни-повлечи "(push-pull) модел, кој подразбира фактори на притисок (кои ги принудуваат миграциските движења) и фактори кои ги привлекуваат луѓето да се движат кон подобри услови за живот. Факторите на притисок (push фактори) можат да бидат поттикнати од висок степен на невработеност, сиромаштија, политичка, расна, верска, етничка омраза и нетрпеливост, дискриминација на пол, природни катастрофи, војни и други облици на насилство. Како фактори на повлекување (pull фактори), може да бидат и подобри услови за живот, подобрување на социјалниот статус, политичка слобода, верска толеранција и слично (Obradović V. , 2006).

Најновите миграциски движења, актуелни во последните години, кои својот врв го доживуваат во текот на 2015 и 2016 година, кога стотици илјади бегалци од опустошената војна од области на Блискиот Исток, пред се од Сирија, се упатија кон земјите од Европската унија, ја претставуваат најголемата „миграција на народи" позната во поновата историја (Нинчиќ, 2016). Големиот прилив на мигранти во Европската унија е последица на различни геополитички состојби кои индиректно или дирекно, имаа влијание на целиот процес.

Според анализата на Високиот комесар за бегалци на Обединетите нации од 2015 година, покрај геополитичките фактори, на најновиот миграциски бран кон европските земји влијаеле седум основни причини: изгубена надеж за позитивни промени во земјата на потекло, сиромаштија, ограничување на можноста за вработување, недостаток на

здравствена заштита, неквалитетно образование, конфликт и несигурност во земјите во околина на Сирија (UNHCR, 2015).

За западно балканскиот коридор во време на големата миграциска криза карактеристични се мешаните миграциски движења. Мешаниот карактер подразбира ранливи категории лица меѓу кои непридружувани деца, жени, стари и изнемоштени лица, лица со попреченост, вклучувајќи и жртви на трговија со луѓе и лица со потреба од меѓународна заштита. Меѓународните криминални мрежи ги користат мешаните миграциски движења за криумчарење на мигранти и жртви на трговија со луѓе од земјите на потекло до земјите на дестинација. Најчесто земји на потекло на мигрантите и жртвите на трговија со луѓе се од Сирија, Авганистан, Пакистан, земји од Блискиот и Далечниот Исток и Африка (Влада на РСМ, 2021).

Како дел од земјите на Западен Балкан и дел од „западно балканската рута", за Република Северна Македонија, која е земја на транзит, нерегуларната миграција претставува безбедносен ризик (Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, 2020). Нерегуларната миграција им дава можност на организираните криминални групи да ги зголемат своите активности во поглед на криумчарење на мигранти кои по секоја цена се обидуваат да стигнат до крајната дестинација. За таа цел, полицијата и правосудните органи во Република Северна Македонија вложуваат значајни средства и ресурси за сузбивање на нерегуларната миграција и прекуграничниот криминал. Заради ефикасност во постапувањето на овие органи, зголемена е меѓународната соработка и размена на информации со ЕВРОПОЛ, ИНТЕРПОЛ и ФРОНТЕКС преку назначени офицери за врска (Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, 2020). Во Резолуцијата на миграциската политика на Република Северна Македонија 2021-2025 година е предвидено дека Република Северна Македонија и надлежните институции остануваат посветени во континуираното следење, проценка и планирање и преземање на мерки и активности насочени кон спречување на нелегалната миграција и намалување на последиците од истата (Влада на Република Северна Македонија, 2021). Стратегиските и оперативните активности особено се фокусирани во делот на идентификацијата на ранливите категории на мигранти под висок ризик од секаков вид на злоупотреба вклучувајќи и нивна експлоатација преку трговија со луѓе.

Во своите напори да го ограничи организираниот криминал и криумчарењето мигранти, меѓународната заедница се соочува со бројни проблеми, особено сложената природа на криумчарењето и неопходноста од практично остварливи инструменти за зајакната меѓународна соработка во кривичните прашања (Pacurar, 2003).

Криумчарењето мигранти, како едно од потешките кривични дела за време на мигрантската криза, во себе крие несомнена опасност од кршење на човековите права, и може да биде поврзано со голем број ризици за животот, здравјето и слободата, особено кога станува збор за најранливите категории мигранти. Во овој контекст, мигрантите можат да бидат жртви на кривични дела како што се изнудување, киднапирање и насилство врз основа на пол. Покрај тоа, нивните човекови права може да бидат загрозени со мерки за спречување на нерегуларна миграција, како и строги мерки против криумчарење на мигранти (Ivanova, 2020).

Успешноста на справувањето со нерегуларната миграција во значаен дел се отсликува преку успешно спроведените кривични постапки. Предуслов за успешна кривична постапка е обезбедување на цврсти докази кои ќе бидат доволни за судот да донесе осудителна пресуда за сторителите. Во постапките за криумчарење на мигранти особено важни докази се исказите на мигрантите кои биле криумчарени и се затечени на лице место. Во оваа насока докторската дисертација се фокусира на анализа на доказната вредност на исказите на мигрантите, кои се еден од клучните докази во кривичната постапка во корелација со сите останати докази во постапката како една целина. Сепак, испрашувањето на мигрантите кои нерегуларно влегле во државата е комплексен процес и повлекува дополнителни прашања за основот и времето на задржување на мигрантите за потребите на судската постапка, начинот на сослушување на мигрантите во истражната постапка, користењето на исказите дадени во истрагата во текот на судската постапка како доказ и утврдувањето на возраста на мигрантите кои се сведоци во постапката.

Имајќи предвид дека без постоење на законски основ мигрантите не можат да бидат задржани подолго време за потребите на судската постапка, посебен предизвик претставува начинот, времето и местото на нивното сослушување од страна на јавниот обвинител, времето на нивното задржување во прифатните центри, основот за нивното задржување за потребите на судската постапка, како и утврдување на возраста на

мигрантите, дали се работи за деца или возрасни што е од големо значење за правната квалификација на кривичното дело. Овие поставки упатуваат на важноста за доказниот капацитет на исказите на криумчарените мигранти и дали од истите можат да се утврдат решителни факти за утврдување на фактичката состојба за виновноста на сторителите.

За да се добијат одговори на овие прашања во докторската дисертација се анализираат правосилни пресуди за кривични дела по основ на член 418-б од Кривичниот законик – Криумчарење на мигранти – и член 418-в од Кривичниот законик - Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти донесени во сите три судски инстанци во надлежните судови во Република Северна Македонија, во Основниот кривичен суд Скопје – Оддел за организиран криминал, како единствен надлежен суд од прв степен за територијата на цела држава, Апелационен суд Скопје и Врховен суд на Република Северна Македонија.

Анализата на пресудите за кривичното дело 418-в од Кривичниот законик - Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти се однесува на времето на задржување на мигрантите за потребите на кривичната постапка, постапка за утврдување на идентитет и возраст на криумчарените мигранти, начин, време и место на сослушување на мигрантите и содржината на сведочењата на мигрантите преку кои се овозможува откривање и казнување како на организаторите на кривичните дела со криумчарење на мигранти, така и на припадниците на група или банда и на тој што повикува, поттикнува, или поддржува извршување на ваков вид на кривично дело.

## 2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 2.1.Теоретско определување на предметот на истражувањето

Илегалната миграција, движењето на бегалците и криумчарењето на мигранти се комплексни прашања од областа на меѓународните односи, човековите права, националните политики и кривичното право. Обезбедување услови дека правата на мигрантите се почитуваат, штитат и исполнуваат е основа за спречување на овој вид на криминал.

Се проценува дека само во 2015 година над еден милион луѓе мигрирале нерегуларно во ЕУ преку рутите кои водат низ земјите на Југоисточна Европа (Schloenhardt, 2019). Во овој период државите од регионот се соочија со масовен прилив на бегалци и мигранти кој многукратно ги надминуваше постоечките капацитети за прием. Од овие причини многу од државите одговорија со зајакнување на граничната контрола, поставување на огради, одбивање на влез на барателите на азил со употреба на сила и со ограничување на помошта за бегалците. Сепак ваквите мерки не беа соодветни, ниту доволни за запирање на меѓународната миграција и протокот на бегалци. Овие мерки овозможија само менување на миграциските рути и задржување на некои од мигрантите, најчесто поради административните процедури кои им беа наметнувани, беа буквално испорачани во рацете на криумчарите.

Криумчарите на мигранти ги користат разликите во националните закони, создаваат сопствени нелегални рути за миграција со користење на различен вид на тајни методи за транспорт на мигрантите, или им обезбедуваат фалсификувани документи. Мигрантите ги прифаќаат и плаќаат надомест за овој начин на нерегуларна миграција, бидејќи сакаат да стигнат до посакуваната дестинација или се принудени да мигрираат. Криумчарењето мигранти, покрај финансискиот аспект да создава голем профит за криумчарите, истовремено ја поттикнува корупцијата и го зајакнува организираниот криминал.

Имено, криумчарењето на мигранти го вршат организирани криминални групи кои имаат локална логистичка поддршка. Во криумчарењето на мигранти се вклучени и членови на криминални групи од државите на потекло на бегалците и мигрантите, првенствено Авганистан и Пакистан, кои се дел од поголеми организации кои делуваат на регионално ниво (Македонско здружение на млади правници, 2019). Криминалните групи користат современа опрема за комуникација и набљудување, а постои и оправдано сомневање дека соработуваат и со припадници на полицијата.

Сместена во регионот на Западен Балкан и опкружена со Грција, Бугарија, Србија, Косово и Албанија, Северна Македонија е транзитна земја на главниот правец на балканската рута, од Грција кон Србија (Migration, Asylum, Refugees Regional Initiative Regional Center, 2020). Северна Македонија во периодот од големата

миграциска криза во 2015 година до денес, со помош на ЕУ и Меѓународната заедница, постојано вложува напори за зајакнување на капацитетите во државните органи надлежни за откривање, гонење и водење на постапки против сторителите на овој вид на организиран криминал. За таа цел перманентно се одржуваат обуки на полицијата, обвинителите и судиите во организација на Меѓународната организација за миграции (ИОМ), Канцеларијата на Обединетите нации за дроги и криминал, Советот на Европа, Висок комесаријат на ООН за бегалци (УНХЦР) (UNHCR, 2024), Регионална иницијатива за миграција, азил и бегалци (MARRI) (MARRI, 2023) и други меѓународни и домашни владини институции и граѓански организации.

Имено, обврска на државата е да ги заштити правата на мигрантите при превенција и борба против криумчарењето на мигранти согласно ратификуваните меѓународни договори од оваа област.  Од државата се бара да се погрижи правата на поединците, признати со закон, да се почитуваат, штитат, исполнуваат и кога е потребно, се спроведуваат. Во исто време, државата е обврзана да се придржува до низа обврски за обезбедување, заштита и унапредување на човековите права (UNODC, 2019).

Согласно Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат под поимот "криумчарење на мигранти" се подразбира обезбедување на нелегален влез на едно лице во држава каде тоа лице не е државјанин ниту има постојан престој, со цел на непосреден или посреден начин да се прибави финансиска или друга материјална корист (UNODC, 2000). Протоколот го дефинира и поимот "нелегален влез" кој значи минување на граници без почитување на потребните услови за легален влез во државата во која се влегува, како и поимот "лажна патна или лична исправа".  Под лажна патна или лична исправа се подразбира секаква патна или лична исправа која е лажно направена или изменета на некаков материјален начин од страна на било кого освен од лицето или органот кој е законски овластен да ја изготвува или издава патната или лична исправа во име на државата, патна исправа која е издадена на несоодветен начин или прибавена со лажно прикажување, корупција или принуда или на друг незаконит начин или  која се употребува од секое друго лице освен лицето кое е нејзин законски држател.

Непосредно по пристапување кон Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал (United Nations Office on Drugs and Crime, 2000) и Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен

пат (Собрание на РМ, 2004) во октомври 2004 година, Северна Македонија отпочна процес на усогласување на националната правна рамка со меѓународните стандарди во предметната област, односно пристапи кон инкриминирање на кривичните дела поврзани со криумчарење на мигранти во Кривичниот законик.

Покрај измените кои се направени во законите, Република Северна Македонија покажува и политичка волја за справување со организираниот криминал – криумчарење на мигранти, која волја се манифестира на начин што владата во 2001 година формираше Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со меѓуинституционален состав. Владата на Република Македонија во 2009 година усвојува четиригодишна Резолуција за миграциска политика и Миграциски профил (ИОМ, 2022). Клучна оперативна улога во откривањето и борбата против овие кривични дела има Министерството за внатрешни работи и Одделот за гранични работи и миграција. Во овој сектор постои Мобилна единица за сузбивање на прекуграничниот криминал и компензаторните мерки, формирана во 2018 година, чија надлежност вклучува покривање на територијата на Република Северна Македонија со мобилни тимови на граничната линија (Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, 2022).

Истражните органи кои работат на случаи на откривање криумчарење на мигранти, вложуваат многу напор, време и средства за да го добијат посакуваниот резултат од истрагата. Во рамките на истрагата соработуваат со релевантни меѓународни организации и разменуваат информации.

Истражните органи во својата работа се повеќе се потпираат на разузнавањето. Ова вклучува, inter alia, споредување, анализа и дисеминација на информации, и обезбедува систематски пристап кон критичкото размислување што, пак, може да помогне во спречувањето и сузбивањето на криминалните активности, вклучително и на криумчарење мигранти (Piera Barzano, 2012). Добро управуваните истраги предводени од полицијата со разузнавачки капацитети, честопати можат да докажат повеќе и да бидат поефикасни отколку истрагите кои се потпираат на реактивни методи.

Собирањето информации и размената на разузнавачки информации помеѓу релевантните агенции е од клучно значење за успех на мерките насочени кон

намалување на случаите на криумчарење мигранти. За да има максимална вредност собирањето на разузнавачки информации треба да се фокусира симултано на стратешко и тактичко ниво. Собирањето и анализата на разузнавачките информации сами по себе не се доволни. Витален фактор за брза и ефективна размена на информациите е брзината со која може да се пренесе материјалот до релевантни агенции или истражители кои можеби се во позиција да ги искористат и соодветно да реагираат.

Како резултат на меѓународната соработка во кривичната материја и тактичко оперативните мерки спроведени од домашните истражни органи се откриваат кривичните дела на криумчарење со мигранти и во Република Северна Македонија. Откривањето на сторителите на овие кривични дела е во нераскинлива врска со откривањето на мигрантите кои илегално се пренесуваат како резултат на договорен однос со сторителите. Имено, за да биде исполнето битието на кривичното дело **криумчарење мигранти** мора да бидат откриени мигранти, кои мигранти се задржуваат одреден период во државата и истите подлежат на мерките за управување со миграциски движења. Донесени се широк спектар законодавни мерки на ЕУ, кои ги обврзаа земјите-членки да преземат акција против нерегуларните мигранти и секој кој може да се најде да им помогне (Sergio Carrera, 2015). Мерките на државите најчесто значат ограничување на слободата на движење или лишување од слобода на мигрантите кои се најтешки форми кои задираат во слободата на човекот.

Со предметот на истражување во оваа докторска дисертација се опфатени сегменти од кривичната постапка во кривичните дела со криумчарење на мигранти кои се однесуваат на ограничување на слободата на движење на сведоците мигранти во текот на истрагата, сведочење пред јавниот обвинител, начинот на изведување на исказите на мигрантите во постапката пред судот, утврдување на возраста на мигрантот кога е на граница помеѓу дете и возрасен, доказната вредност на исказите на мигрантите врз основа на анализите на овие сегменти и нивното влијание на конечната одлука на судот.

### 2.2. Ограничување на слободата на движење на мигрантите во текот на истрагата

Мигрантите кои треба да дадат исказ како сведоци во кривичната постапка најчесто се сместуваат во Прифатниот центар за странци. Прифатниот центар за странци

во Скопје е објект за задржување странци од имиграциски причини. Република Северна Македонија е цел на остри критики од голем број на домашни и меѓународни организации уште од 2015 година кога најголем број на мигранти беа лишени од слобода во Прифатниот центар за странци во Скопје. Организациите алармираа дека мигрантите се арбитрерно држени во центарот во нехумани и деградирачки услови, како сведоци во постапката против криумчарите на мигранти (Amnesty International, 2015).

Според Министерството за внатрешни работи, бегалците и мигрантите првично се приведуваат во Прифатниот центар за странци во Гази Баба за да се утврди нивниот идентитет, но според извештајот на Амнести Интернешнал за прекршувањата на правата на бегалците и мигрантите во Македонија, Србија и Унгарија (Amnesty International, 2015), многумина продолжуваат да се задржуваат на барање на обвинител, за да бидат сведоци на обвинителството во кривичната постапка против криумчарите.

Во овој дел од истражувањето ќе биде анализирана правната рамка која ќе ги опфати меѓународните стандарди за правните основи на задржување на странци, односно криумчарени мигранти, лишувањето од слобода, правото на слобода на движење, нивните права и обврски од моментот на задржувањето, како и домашното законодавство кое ја регулира оваа материја. Исто така ќе биде адресиран постојниот проблем кој се однесува на задржување на мигрантите сведоци во кривичната постапка.

### 2.3. Сведочење на мигранти во истражната постапка пред јавен обвинител

Како сведоци во кривичната постапка може да се јават сите лица за кои е веројатно дека ќе може да дадат известување за кривичното дело, за извршителот и за другите важни околности. Услов за повикување на едно лице како сведок е веројатноста дека ќе даде податоци за релевантните околности. Како сведок може да биде повикано секое лице, без оглед на возраста, доколку е способно да го репродуцира тоа што го знае, а е во врска со кривичното дело, со сторителот или со други околности важни за водење на кривичната постапка (Калајџиев, и др., 2018).

Во кривичните постапки за криумчарење мигранти, клучни сведоци се мигрантите кои биле криумчарени. Јавниот обвинител е органот кој ја води истрагата и тој ги сослушува мигрантите во текот на истражната постапка за што составува

записник. Согласно правилата на постапката, едно од правата на обвинетиот е самиот или преку бранител да ги испита сведоците во текот на главната расправа. Ова истражување ќе појасни во кој обем се почитува законската одредба и дали има отстапување од непосредното сослушување на мигрантите.

Кога во постапката која се води за кривично дело криумчарење на мигранти и како сведоци се јавуваат мигрантите, се наметнува прашањето за обезбедување на нивно присуство на главната расправа. Бројни истражувања, претходно цитирани и во овој труд зборуваат дека Република Северна Македонија во најголем број случаи е перцепирана како транзитна земја од страна на мигрантите, што значи дека тие не се задржуваат долго на нејзина територија. Оттука, органите за прогон се соочуваат со проблем на обезбедување на сведочењето на мигрантите на главната расправа, која може да се одржи и неколку месеци по поднесувањето на обвинението (Роања, 2019).

Кривичното законодавство не предвидува мерка лишување од слобода како мерка за обезбедување на присуство на сведоците, без оглед дали се работи за македонски државјанин или за странец. Задржувањето на мигрантите треба да има законски основ и за тоа треба да биде донесена одлука од страна на надлежен државен орган. Се поставува прашањето каква одлука се донесува и по кој законски основ за да можат да се задржат мигрантите како сведоци во постапката доколку казненото законодавство не пропишува можност за лишување од слобода на сведоци заради сведочење и како се постапува во текот на истрагата со овие лица.

### 2.4. Читање на исказите на мигрантите како доказ во судската постапка

Согласно одредбите на Законот за кривична постапка, судот ги прифаќа само исказите кои се дадени на главната расправа, непосредно, во присуство на обвинетиот и неговиот бранител, заради запазување на принципот на правично судење, односно можноста на одбраната да поставува вкрстени прашања. Доколку за утврдување на некои факти странките предложиле да бидат испитани сведоци, на главната расправа се врши непосредно испитување на сведоците, без оглед дали тие биле испитани пред јавниот обвинител. Во законот децидно е наведено дека испитувањето на сведокот не може да биде заменето со читање на записникот од неговото испитување пред јавен обвинител. Законот предвидува исклучок од непосредното сослушување на сведоци на главната расправа, односно дека записници за дадени искази пред јавен обвинител, може

со одлука на судот да се изведат како доказ со читање или репродуцирање, ако лицето кое го дало исказот починало, душевно заболело или и покрај сите со закон предвидени средства за негово пронаоѓање останало недостапно (Калајџиев, и др., 2018).

Од друга страна, праксата покажува дека во судските постапки изведувањето како доказ со читање на записниците во кои е содржан исказот на мигрантите сведоци, наместо исклучок станува правило. Во оваа докторска дисертација по овој основ се анализирани правосилни пресуди избрани по случаен избор од АКМИС системот (Нанев, 2013) од сите три судски инстанци (основен, апелационен и врховен суд) со посебен акцент на анализа на образложенијата за читање на овие искази.

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) (Council of Europe, 2024) има свои пресуди и судска пракса во оваа насока. Во овој дел од докторската дисертација, судската пракса на ЕСЧП е анализирана во корелација со правосилните пресуди, односно дали судиите се повикуваат на судската пракса на ЕСЧП, особено во делот на образложенијата на пресудите. Воедно е извршена анализа дали судиите се повикуваат и на други меѓународни договори и стандарди за сведочењето на мигрантите во судските постапки и дали на овој начин се повредува и принципот на еднаквост на оружјата согласно начелото на фер и правично судење. Како против тежа се појавува правото на мигрантите да продолжат по својата рута на движење и да не бидат задржани подолго отколку што е потребно, наспроти правото на одбраната непосредно да ги сослуша сведоците мигранти на главната расправа. Се поставува прашањето дали постои можност овие две права да се нивелираат.

Од една страна постои потреба мигрантите да сведочат во интерес на борбата против организираниот криминал за откривање на криумчарите на мигранти, од друга страна државата стои пред предизвикот за заштита на слободата на движење на мигрантите.

### 2.5. Утврдување на возраст на мигрантите доколку се на граница на дете и полнолетно лице

При формулација на проблемот за мигрантите сведоци во кривичната постапка и нивната доказна вредност, особено важно прашање е утврдување на возраста на

мигрантот, дали е полнолетен или дете. Ова е пред се важно од аспект на правната квалификација  на кривичното дело што им се става на товар на криумчарите на мигранти. Имено, доколку помеѓу криумчарените мигранти има деца запретената казна затвор е многу повисока, односно ако мигрантите се полнолетни лица, минималната пропишана казна е четири години затвор, но доколку има дете мигрант тогаш минималната пропишана казна е осум години затвор. Според УНИЦЕФ децата мигранти без оглед дали се со придружба или без придружба, одделени од своите семејства и пријатели се сметаат за ранливи категории (UNICEF, Guidance for the protection, care and assistance of vulnerable child migrants , 2019), оттука е предвидена и построга казнена политика за деца жртви, кога станува збор за криумчарење мигранти.

Утврдувањето на возраста на мигрантот и констатацијата дека е дете повлекува посебни обврски за државата за  третман на мигрантот како ранлива категорија. Доколку мигрантот е дете превидени се посебни услови за сместување во прифатниот центар и обврска на државата за негово задржување во најкраток можен рок согласно Законот за странци. Од овие причини на детето мигрант кое е сведок во судската постапка мора итно да му биде поставен старател од ЈУ МЦСР (доколку е дете без придружба), да биде обезбеден преведувач, веднаш да биде сослушано од јавниот обвинител, да биде преместено од Прифатниот центар во друга установа и да му се овозможи понатамошна помош и поддршка од државата.

Мигрантите најчесто немаат документи и доколку се погледне праксата на Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе се забележи дека за утврдување на возраста на мигрантите кога е спорно дали мигрантот е дете или полнолетен, се верува на исказите на другите мигранти од групата, како и на приложените фотографии во листата на докази на јавниот обвинител. Ако во групата има бебе или дете на седум или осум години, секако дека е неспорен фактот дека се работи за малолетно лице, што лесно се забележува и на фотографиите, но спорниот момент се јавува кога лицето е на возрасна граница помеѓу полнолетен и малолетен, кога тешко може да се утврди возраста.

При постоењето на оваа дилема, од една страна е ставот на UNICEF (UNICEF, Guidance for the protection, care and assistance of vulnerable child migrants) дека во ситуација кога не може да се утврди дали мигрантот е дете или полнолетен, се смета

дека е дете и му следуваат сите права согласно Конвенцијата за правата на детето на Обеинетите Нации. Од друга страна пак е правната квалификација на делото што значи минимум четири години повисока казна за обвинетиот доколку мигрантот е дете. Построгата казна која ја пропишува законот, во услови кога не постои процедура преку која со сигурност може да се утврди возраста на мигрантот е несомнено на штета на обвинетиот. Одбраната многу често приговара на возраста на мигрантите и на кој начин таа е утврдена. Доказите од кои се раководи судот за утврдување на возраста на мигрантот се дел од анализата на овој труд.

И во овие ситуации повторно се јавува проблемот на брзото заминување на мигрантите од државата и не постоење можност за утврдување на возраста со вештачење или на друг начин (контактирање по дипломатски пат на државата на потекло, разговор на социјален работник со мигрантот, медицинск преглед), а со цел мигрантите да не бидат неосновано долго задржани. Дали е правилна одлуката на судовите и праксата на Врховниот суд на Република Северна Македонија да се верува на другите мигранти од групата дека некое лице е малолетно, во услови кога не постојат документи за идентификација или други докази од кои може да се утврди возраста на мигрантот?

Кои се меѓународните стандарди за утврдување на возраста на лицето, кое право е појако во конкретниот случај, кому треба да му се поклони верба и дали се потребни материјални докази?

Со овој миграциски предизвик не се соочува само Република Северна Македонија, со овој проблем се соочуваат сите земји, вклучително и надлежните органи во Велика Британија. Од јуни 2016 до септември 2021 година е откриено дека повеќе од 1.100 возрасни лица лажно тврделе дека се деца (Watch, 2021). Министерството за внатрешни работи на Велика Британија лажното тврдење на возрасните мигранти дека се деца го смета за сериозен проблем и преземени се конкретни мерки за негово решавање. Очигледно, криумчарите ја откриле оваа сериозна дупка и ги информираат мигрантите со млад изглед да ги уништат личните документи и да тврдат дека се деца. Децата без придружба имаат поголема веројатност да добијат азил и помали се шансите да бидат притворени или отстранети доколку нивното барање е одбиено (Watch, 2021). Но, одлуката на Врховниот суд на Велика Британија од јули 2021 година ја утврдила како законска политиката која се применувала пред 2019 година за третман на

барателите на азил кои тврдат дека се деца, доколку двајца службеници од Министерството за внатрешни работи сметаат дека лицето значително изгледа како да има над 18 години (Court, 2021).

Во оваа докторска дисертација утврдувањето на возраста на мигрантот се разгледува само од аспект на нејзиното влијание во судската постапка, односно дали со детето мигрант се постапува согласно утврдените правила и процедури во однос на негово задржување во прифатните центри, на кој начин се утврдува неговата возраст, дали и на кој начин се зема исказ од малолетниот мигрант и влијанието на возраста врз судската одлука, во делот на кривичната санкција.

## 3. ПОИМНО-КАТЕГОРИЈАЛЕН АПАРАТ

За потребите на ова научно истражување ќе бидат објаснети поимите, криумчарење на мигранти, разликата меѓу криумчарење на мигранти и трговија со луѓе кои имаат многу допирни точки, потоа поимот и целите на казнувањето. Воедно ќе бидат наведени надлежните органи за гонење и пресудување на сторителите на кривични дела со мигранти, поим на кривична постапка и значењето на доказите во постапката.

### 3.1 Криумчарење на мигранти, трговија со луѓе, сличности и разлики

Соочени со новиот бран на опасност од транснационален криминал во ера на глобализација, земјите потпишаа нова конвенција што им обезбедува на нивните влади нов, моќен и легален инструмент во спротивставувањето со криминалитетот (Арнаудовски & Т.Стојановски, 2002). Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал усвоена во рамките на Обединетите нации на 15 ноември 2000 година, ратификуванана 16 октомври 2004 година (Собрание на РМ, 2004) е првата меѓународна конвенција и првиот легално обврзувачки документ на Обединетите нации за борба против организираниот криминал. Со потпишување и ратификација на оваа конвенција државите потписнички ги соединија своите сили за оформување моќен легален инструмент, чија основа се темели на меѓународната соработка, која што би можела да биде позитивен знак за институциите кои го спроведуваат законот (Арнаудовски & Т.Стојановски, 2002).

Република Северна Македонија како потписник на Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал, непосредно по пристапување кон Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат (Собрание на РМ, 2004) и Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца (Собрание на РМ, 2004) со кои се дополнува Конвенцијата, во 2004 година го отпочна процесот на усогласување на националната правна рамка со меѓународните стандарди во предметната област.

Република Северна Македонија како потписник на овие документи презеде обврска да ги инкриминира делата на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти поради што во Кривичниот законик се инкриминарни криумчарењето на мигранти, трговија со луѓе, трговија со дете и организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење на мигранти.

Согласно Протоколот против криумчарење на мигранти, дејствијата на криумчарење опфаќаат повеќе елементи, односно обезбедување на нелегален влез на друго лице, во друга држава, заради остварување на финансиска или друга материјална добивка.

Под поимот трговија со луѓе се подразбира една од формите на транснационален организиран криминал кој се состои од противправно остварување на економска или друг вид корист од продажба на мигранти, која се остварува по пат на закана, врбување, транспорт, криење, преселување од едно во друго место и сл., од страна на посредниците, како и разни видови на нивната експлоатација од страна на оние кои ги држат во одредена зависност и потчинетост (Сулејманов, 2007).

Криумчарењето на мигранти е комплексно дејствие на илегално пренесување мигранти преку граница (Камбовски, Коментар на кривичниот законик на Република Македонија, 2015). Имено, постојат повеќе начини на извршување на ова кривично дело кои се состојат во измама, користољубие, искористување на немоќта на друг, изработка или набавување на лажни документи, заради илегален премин на државна граница без потребните формалности. Со овие дејствија, може да се пренесат еден или повеќе мигранти, а делото е довршено со нивно пренесување преку граница. Пасивен субјект се мигрантите кои се пренесуваат, кои имаат за цел да транзитираат низ државата или да останат во истата. Потешки облици на основното дело за криумчарење на мигранти се

загрозување на животот или здравјето на мигрант, понижувачко или сурово постапување, како и пренесување на малолетно лице.

Според Камбовски, кога зборуваме за трговија со луѓе, се работи за облици на постапување со луѓето како објекти на комерцијални зделки, со што се повредува основното човеково достоинство и основните слободи и права. Дејствието на извршување во Кривичниот законик на Северна Македонија е определено алтернативно, како врбување, превезување, пренесување, купување, продавање, засолнување или прифаќање лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело. Начинот на извршување се состои во употреба на сила, сериозна закана доведување во заблуди или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг. Не е потребна согласност на жртвата.

Криумчарењето на мигранти и трговијата со луѓе имаат повеќе сличности поради што е потребно да се направи дистинкција помеѓу овие поими. Поради комплексната природа, разликата меѓу криумчарењето на мигранти и трговијата со луѓе не е секогаш јасно видлива, затоа е потребно за оние што работат со овој вид на криминал да се наведат нивните разлики.

Имено, постојат неколку разлики меѓу криумчарењето на мигранти и трговијата со луѓе, како што се согласноста, експлоатацијата, изворот на добивка и транснационалноста. Во однос на согласноста, важно е да се истакне дека кај трговијата со луѓе не е битно постоењето на согласност кај пасивниот субјект за да биде доведен или да прифати експлоататорски однос, од друга страна криумчарените мигранти се согласуваат да бидат шверцувани и даваат финансиски или материјален надомест за да ја добијат услугата. По однос на втората разлика, експлоатацијата, при криумчарењето на мигранти договорниот однос помеѓу криумчарот и мигрантот завршува со пристигнување на посакуваната дестинација и плаќање за услугата, од друга страна, кај трговијата со луѓе експлоатацијата не зависи од волјата на жртвата, трговецот ја експлоатира жртвата се додека остварува профит. Во однос на добивката овие две дела

се разликуваат така што криумчарот ја обезбедува добивката за организирање на транспорт, илегален премин на границата и лажни документи, додека трговците со луѓе профитираат од експлоатацијата на жртвите. Кај криумчарењето на мигранти потребно е да постои елементот на меѓународност (криумчарење преку граница), додека кај трговијата со луѓе не е потребен овој елемент.

## 3.2 Поим и цели на казнувањето, кривични санкции за криумчарење на мигранти, надлежен суд и пресуда

Човекот во заедничкото организирано живеење, барајќи средства за совладување на криминалитетот, ја пронаоѓа казната (санкцијата), која го следи криминалитетот низ целата негова историја врз уверувањето на човекот и општеството дека таа претставува најмоќно средство во борбата против криминалитетот (Арнаудовски Љ. , Прекршочниот систем во РМ и државата, 2016). Казнено правниот систем и казненото право ја вршат својата функција на контрола на криминалот со примена на репресивните средства, наспроти првентивната политика која се остварува со примена на превентивни мерки и активности.

Казненото материјално право во Република Македонија е предмет на постојани реформи, измени и дополнувања. Тоа е резултат на постојаните општествени и глобални процеси кои имаат влијание и последици врз загрозувањата на основните човекови слободи и права, врз загрозувањето на безбедноста, како и врз квалитетот и квантитетот на состојбатата со криминалот во нашата земја (Стефановска, 2017).

Во оваа насока, како резултат на потпишаните меѓународни договори Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал, Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат и Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца, Република Северна Македонија врши измени во законодавството и во 2004 година го инкриминира криумчарењето на мигранти. Сериозноста на овој вид на криминал се отсликува, пред се што овие кривични дела се сместени во главата на кривични дела против човечноста и меѓународното право, но и според висината на запретените казни. Имено за основното дело законодавецот предвидел казна затвор од најмалку четири години, додека за квалифициран, потежок облик на делото како на пример, криумчарење

на малолетник е пропишана казна затвор од минимум осум години. Воедно предвидена е и конфискација на имотната корист за овие кривични дела. Пропишувајќи строги казни за овој вид на криминал, како и одземање на стекнатата корист или приноси од крвичното дело, законодавецот во Република Северна Македонија придонел за воедначување на казнената политика во нашата земја со глобално воспоставената казнена политика за криумчарење мигранти како најсериозно казнено дело и сметал дека застрашувањето со високи затворски казни, превентивно ќе влијае во насока на намалување на криумчарењето на мигранти.

Тежината и сериозниот карактер на овој вид на криминал се отсликува и преку надлежноста на органите на прогонот и воспоставената надлежност на судот. **Надлежно обвинителство** да ги гони сторителите на овие кривични дела е Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, додека **надлежен суд** е Основниот кривичен суд во Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција и тоа за делата сторени на целата територија на Република Северна Македонија.

**Пресуда** е одлука на судот која се состои од три компоненти и тоа, вовед, изрека и образложение. Во пресудите во кривичните постапки, освен во оние во кои обвинетите ја признаваат вината, хронолошки се образложува текот на постапката, од денот на поднесување на обвинителниот акт до денот на пресудувањето. Со пресудата судот може да одлучи да го одбие обвинението, да го ослободи обвинетиот од обвинението или да го огласи за виновен. Кога судот донесува пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен одлучува и за санкцијата, која ја индивидуализира согласно вината и опасноста на сторителот, воедно одлучува за трошоците на постапката, за одземање на имотната корист и на крајот дава правна поука за правото на жалба. Судот е должен да образложи врз основа на кои факти, докази и околности ја засновал својата одлука и донел одлука за видот и висината на кривичната санкција.

Имајќи ја во предвид праксата на Европскиот суд за човекови права и правото на фер и правично судење, домашните судови се соочуваат со обврската во судските пресуди на соодветен начин да ги образложат причините на кои се заснова решавањето на правните и фактичките прашања во постапката (Suominen v. Finland 37801/97, 2003). Пресудата треба да биде добро образложена на начин што од истата ќе може да се утврди дека странките се сослушани, дека се ценети сите докази посебно и заедно во една

целина, бидејќи само од добро образложена одлука странките и јавноста можат да се запознаат со правните и фактички причини поради кои е донесена и врз основа на образложението, доколку се незадоволни пресудата да ја обжалат.

### 3.3 Акузаторна кривична постапка и принципот на непосредност

**Кривичното процесно право** се дефинира како систем на правни прописи со кои се определуваат субјектите на кривичната постапка, содржината, начинот и формата на преземање на нивните процесни дејствија и кривично процесните односи кои произлегуваат во таа насока за  да се расветли и да се реши кривичната материја, а со цел да се заштитат најважните општествени добра и вредности од повреда и загрозување со извршување на кривични дела на физички и правни лица (Jovašević & Ikanović, 2016). Науката за кривичното процесно право ја дава основата и ја одредува насоката на законодавното уредување на кривичната постапка, институтите, субјектите, процесните односи и правните лекови кои законодавецот ги следи при изготвувањето на процесниот закон и другите закони од кои зависи неговата примена (Ikanovic, O nekim ucincima osnovane sumnje i izuzetka od neposrednog izvodjenja dokaza u krivicnom postupku , 2019). Каков вид на кривична постапка ќе биде прифатена зависи од правната традиција, економските услови и општествени околности на една земја.

Круцијалната реформа на кривичната постапка во Република Македонија започна во 2013 година кога се пристапи кон имплементација на Законот за кривична постапка од 2010 година (Службен весник на Република Македонија, 2010). Реформата предвидува внесување акузаторни елементи во текот на главната расправа која што е подигната на ниво на централен стадиум на постапувањето. Во новиот концепт на главната расправа се забележува пасивизација на судот како неутрален арбитер за сметка на нагласена активност на страните, засиленоста на дел од фундаменталните начела за текот на главната расправа како што се непосредноста, усноста, јавноста и контрадикторноста (Олга Кошевалиска, 2014).

Начелото на непосредност претпоставува изведување на сите вербални и материјални докази на јавна и усна расправа со цел врз нив да се заснова објективната одлука на непристрасниот суд. Потребно е судот да има директен контакт со изворот на податоци и да има можност истиот да го процени (Матовски, 2009).

**Доказите** се извор на сознанија за фактите што се утврдуваат во кривичната постапка,  кои ги користи органот што ги утврдува фактите кога некој факт не може да се утврди со сопствено набљудување (Bayer V. , Jugoslovensko krivično procesno pravo, knjiga druga, 1980).  Изворот на сознанија се состои во известување за фактите, кои на органот што ги утврдува фактите му ги дава лицето кое ги дознало фактите преку соспствено набљудување (обвинет, сведок, вештак), или во претходно техничко снимање на фактите (фото, снимка од лента и сл.) кое му било ставено на располагање на органот за утврдување фактите. Според носителот, доказите се делат на лични (персонални) и стварни (материјални) иако може да се отфрли таквата поделба (Ангелески & Мургоски, Оперативна криминалистика, 2017). Доказите можат да бидат потполни и непотполни, дозволени и недозволени, непосредни и посредни.  **Непосреден доказ** е доказ кога нема друго реално објаснување на одреден факт и негово релевантно значење во постапката. Непосреден доказ е факт на повисок степен на доказниот идентитет, што директно укажува на постоење на одредена кривично правна или кривично процесна релевантна околност (Ikanovic, O nekim ucincima osnovane sumnje i izuzetka od neposrednog izvodjenja dokaza u krivicnom postupku, 2019). Во секој конкретен случај, дефиницијата не го решава проблемот до крај, бидејќи таа определба секогаш се остава на слободното оценување на доказите и на слободното уверување на судот и другите органи во кривичната постапка.

Непосредното изведување и оценување на доказите го надминува простото логично заклучување и додава финеси кои можат да се добијат само со директно континуирано присуство при изведувањето на доказите, што понекогаш е особено битно за случајот кој се гради (Олга Кошевалиска, 2014). Затоа законот предвидел исклучоци од принципот на непосредност само во случај на испитувањето на заштитен сведок, читањето или репродуцирањето на искази на записник дадени во доказното рочиште, како и кога лицето кое го дало исказот починало, душевно заболело или станало недостапно за органите на кривичниот прогон. Истражувањето дава осврт на доказниот капацитет на сведоците мигранти во кривичната постапка и отстапување на судот од начелото на непосредно изведување на доказите.

### 3.4 Поим за лишување од слобода и ограничување на слободата на движење на мигранти кои се сведоци во кривичната постапка

Слободата на движење е основно човеково право и може да се ограничи исклучиво со цел да се заштитат правата на другите или поширокиот јавен интерес.

Движењето на луѓето преку границите во Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) (CoE, Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, 1950) се регулирани  со две одредби: член 5.1 под ѓ) го регулира лишувањето од слобода на странци во контекст на постапки за влез или депортација/екстрадиција, додека ограничувањето на движењето е регулирано согласно член 2 од Протокол број 4 од ЕКЧП. Од клучно значење е да се дефинира дали ситуацијата е лишување од слобода или ограничување на движењето со цел да се утврдат применливите стандарди (Роања, 2019).

Согласно член 2 од Протокол број 4 од ЕКЧП условите за ограничување на движењето покрај правната основа, мора да имаат легитимна цел и мора да бидат неопходни и пропорционални на целта. При тоа државите уживаат одреден простор за слободна процена што треба да се измери кога се постигнува рамнотежа меѓу засегнатите интереси (оној на поединецот и пошироката заедница).

Спротивно на тоа, член 5 од ЕКЧП го штити поединецот од произволно мешање од страна на државата во неговото или нејзиното право на слобода. Според овој член, во контекст на странците, никој не смее да биде лишен од слобода, освен ако се апси или притвора врз основа на закон, со цел да се спречи илегално да влезе во земјата или лице против кое е во тек постапка за протерување или израчување.

Лишувањето од слобода на мигрантите може да се случи во најразлични ситуации: кога на лицето му е одбиено влегување во земја, во случај на незаконски влез, заради идентификација, во случај на пречекорување на престојот по редовен влез, или кога надлежните органи сметаат дека задржувањето на барателите на азил е неопходно.

## 4. ОПЕРАЦИОНАЛНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Докторската дисертација се базира пред се на анализа на правосилни судски пресуди од сите три судски инстанци во Република Северна Македонија, Основен, Апелационен и Врховен суд, за период од седум години и тоа од 2015-2021 година за кривични дела поврзани со криумчарење на мигранти, пропишани во Кривичниот законик. Анализата се фокусира на постапување на истражните органи со мигрантите во текот на истрагата, време и место на нивно задржување, сослушување на мигрантите во својство на сведоци и доказната постапка пред судот за начинот на изведување на доказите кои се однесуваат на исказите на сведоците мигранти кои биле затекнати во моментот на откривање на кривичното дело.

Во докторската дисертација е направена анализа на праксата на судот и на обвинителството во однос на земањето искази од мигрантите со цел да се утврди дали исказите на мигрантите дадени во текот на истражната постапка секогаш се читаат на главната расправа пред судот или сведоците мигранти непосредно се сослушуваат на главната расправа. Трудот прави и анализа на доказната постапка од аспект на правото на одбраната преку ставовите на адвокатите на обвинетите и нивната можност за вкрстено испитување на сведоците мигранти во контрадикторна постапка, но и претходно, дали ова право го остваруваат уште во текот на истрагата.

Можноста да се сослушаат сведоците на главната расправа пред судот е во нераскинлива врска со задржувањето на мигрантите на територијата на Република Северна Македонија. Трудот истражува  кој е правниот основ за задржување на мигрантите сведоци во Прифатниот центар за странци, дали постои законски основ за задржување на сведоци мигранти заради нивно сослушување во судската постапка и дали задржувањето е во согласност со меѓународните стандарди и домашното законодавство. Истражувањето извлекува заклучок и за должината на времето на задржување на мигрантите со цел истите да се обезбедат како сведоци за потребите на судската постапка.

Од аспект на правната квалификација на делото, потешка или полесна и висината на пропишаната кривична санкција ова истражување ја анализира и праксата на судот за

утврдување на возраста на мигрантите сведоци, дали се деца или возрасни. Утврдувањето на возраста на мигрантот покрај тоа што има влијание на правната квалификација на кривичното дело според која обвинителот ќе го креира обвинението, определувањето на возраста влијае и на третманот на сведокот мигрант. Имено доколку се утврди дека мигрантот е малолетен, како и дека е дете без придружба во тој случај надлежните државни органи се должни да постапуваат согласно точно утврдени процедури кои се во најдобар интерес на правата на детето.

Сите овие околности имаат силно влијание на доказниот капацитет на исказите на мигрантите во текот на кривичната постапка и донесувањето на конечната одлука на судот. За утврдување на доказниот капацитет на овие искази, во дисертацијата се анализира и образложението на пресудите при ценење на доказите, односно дали исклучиво и најголемо влијание за да се донесе осудителна пресуда имаат исказите на мигрантите или тие се ценат во корелација со останатите докази. Во оваа насока се анализира дали судиите ја почитуваат праксата на Европскиот суд за човекови права, како и дали се повикуваат на праксата на овој суд или на други меѓународни норми и стандарди при ценење на доказната вредност на исказите на мигрантите.

Законот за кривична постапка предвидува можност за аудио-визуелно снимање на постапката за земање искази од сведоци и оштетени од страна на јавниот обвинител во текот на истрагата, како и одржување на доказно рочиште за одредени категории на сведоци, чии искази можат да се прочитаат во текот на главната расправа. Со трудот посебно се истражува дали во постапките за криумчарење на мигранти, кога е познато дека мигрантите сведоци кратко време остануваат во Прифатниот центар, дали јавниот обвинител ги користи овие законски механизми, или доколку не ги користи кои се причините за да не се имплеменитираат овие законски одредби.

Докторската дисертација дава и осврт на позитивните законски прописи во домашното законодавство и на меѓународните норми кои се однесуваат на третман на мигрантите сведоци во судските постапки за криумчарење мигранти, законските основи за задржување, земањето исказ и неговата доказна вредност, утврдување на возраста на мигрантите, начелото на непосредност на изведување на доказите, правото на фер и правично судење. Потоа правната анализа се доведува во корелација со анализираните пресуди, со цел да се утврди примената на законите во судските предмети.

Преку истражувањето кое е цел на овој докторски труд се очекува да се дојде до научни и практични сознанија за доказната вредност на исказите на мигрантите во судските постапки, законскиот основ на задржување на мигрантите како сведоци, утврдување на возраста на мигрантите, начинот на земање на исказите, како и ценење на исказите на мигрантите во целина, во корелација со другите докази на постапката.

## 5. ДИСЦИПЛИНАРНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ

Нерегуларната миграција претставува безбедносен ризик за Република Северна Македонија, која е земја на транзит во рамките на западно-балканската рута. За таа цел, полицијата и правосудните органи во Република Северна Македонија вложуваат значајни средства и ресурси за сузбивање на нерегуларната миграција и прекуграничниот криминал. Успешноста во справување со овој облик на криминал зависи од степенот на меѓународната соработка во кривичната материја, разузнавачките служби и размената на информации.

Имено, со потпишувањето на Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат (Собрание на РМ, 2004) и Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца (Собрание на РМ, 2004) со кои се дополнува Конвенцијата, Република Северна Македонија се обврза криумчарењето на мигрантите и нивните појавни облици да ги внесе во општите и посебните одредби на Кривичниот законик во 2004 година и го отпочна процесот на усогласување на националната правна рамка со меѓународните стандарди во предметната област. Меѓутоа инкриминацијата на кривичното дело криумчарење на мигранти со својот основен вид и квалификуваните облици не е доволна за справување со овој вид на криминал. За откривање на сторителите на кривичните дела во кои се криумчарени мигранти потребна е инволвираност и на надлежните органи од областа на безбедноста, органите на прогонот и државните органи кои го спроведуваат законот.

Комплексниот карактер на овие кривични дела кој вклучува и организирани групи надвор од државата и има интернационален карактер претпоставува примена на современи оперативно-криминалистички тактики и мерки за сузбивање и откривање на

овој облика на организиран криминал, кои ги проучува **криминалистиката**. Добро спроведените истраги, во соработка со меѓународни организации резултираат со поведување на кривична постапка против лицата за кои има основано сомнение дека го сториле ова кривично дело – криумчарње мигранти. Имено, истрагите од криминалистички аспект, а во корелација со воспоставената пракса на Европскиот суд за човекови права треба да бидат темелни со исцрпување на сите можности за обезбедување на материјални и вербални докази во корист на истрагата. Во оваа насока е и истражното дејствие сведочење на мигрантите во текот на кривичната постапка кое покрај другите докази, треба да биде обезбедено во текот на постапката како дел од **казнено-процесно право**.

Успешно спроведената кривична потапка како своја завршница ја има осудителната пресуда во која се изрекува соодветна кривична санкција врз основа на општите правила за одмерување на видот и висината на кривичната санкција во корелација со личните својства и прилики на сторителот. Со изречената санкција, а врз основа на креираната **казнена политика** на судовите за кривичните дела со криумчарење мигранти секогаш се очекува изречената казна да има влијание на планот на генералната и специјалната превенција.

Оттука произлегува мултидисциплинарниот карактер на ова истражување кој ги опфаќа научните дисциплини, криминалистика, криминологија, безбедност, право и казнената политика која е посебна дисциплина на криминалната политика.

## 6. ВРЕМЕНСКО И ПРОСТОРНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Временското и просторно истражување се однесува на период од седум години од 2015 до 2021 година. Во овој период се веќе инкриминирани делата за криумчарење на мигранти (Службен весник на РСМ, 2004) и е карактеристичен по менување на обемот на миграциските движења. Во овој период има зголемување и намалување на миграциските движења, како на пример во 2015 година, која е година на миграциската криза, се бележи зголемување на криминалот со мигранти, додека во 2017 година,

поради преземени мерки на државите со кои е отежнат влезот и транзитот на мигрантите, се бележи пад на овој вид криминал (Schloenhardt, 2019).

Истражувањето се однесува на анализа на доказната вредност на исказите на криумчарените мигранти од правосилните судски предмети за кривични дела поврзани со криумчарење на мигранти од сите три судски инстанци на територијата на Република Северна Македонија кои спаѓаат во надлежност на Основниот кривичен суд во Скопје – Оддел за организиран криминал и корупција, Апелациониот суд Скопје и Врховниот суд на Република Северна Македонија.

## 7. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на ова истражување е да се анализираат правосилните пресуди за кривичните дела Криумчарење на мигранти од член 418-б од Кривичниот законик и Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти од член 418-в од Кривичниот законик во определениот период на истражувањето и преку содржината на истите да се изврши научна дескрипција за доказната вредност на исказите на мигрантите сведоци во корелација со другите вербални и материјални докази и да се утврди нивното влијание при донесување на конечна одлука на судот.

Истражувањата кои досега се направени за мигрантите кои се криумчарени како сведоци во кривичните судски постапки претставуваат само сегмент од некое друго истражување, нема статистички податоци, нема анализа на пресуди, само генерално е истакнат проблемот со начинот на изведување на нивните искази како доказ во постапката, односно отстапувањето од принципот на непосредност. На глобално ниво истражувањата за криумчарените мигранти - сведоци во судските постапки се базираат на правниот основ за нивно задржување во смисла дали се баратели на азил или од аспект на нивниот статус како сторители на кривични дела во државата во која илегално влегле и можноста за нивно депортирање, но не и нивното својство како сведоци и доказната вредност на нивните искази како очевидци на самиот чин на криумчарење.

Истражувањето ќе треба да дојде до сознанија кои ќе дадат научен одговор дали причинско-последичната поврзаност при постапувањето на државните органи при

изведувањето на доказот сведочење на илегален мигрант во кривичната постапка, влијае на квалификацијата на кривичното дело и конечната одлука на судот.

Оттука, ова истражување има повисока научна цел и преку научна дескрипција, научна класификација и објаснување ќе ја истражи доказната вредност на сведочењата на илегалните мигранти во постапките и дали доказната вредност и конечната одлука на правосудните органи директно зависи од степенот на стручност и професионалност на судиите и јавните обвинители, кое е нивото на свест за оваа проблематика, дали постои системски проблем при постапувањето, или дали се работи за лоши законски решенија. Сметам дека анализата на овие податоци и нивните резултати ќе допринесат за зголемување на научните сознанија во областа на кривичното право и криминологијата која ги засега правата на криумчарените мигранти – сведоци во кривичната постапка, со акцент на децата мигранти, обвинетите во постапките со криумчарење на мигранти и во секој случај правосудните органи кои го спроведуваат законот и ја носат конечната одлука. Ова истражување има своја научна цел и во насока на креирање на криминалната и казнената политика на државата.

Покрај научната, оваа анализа има и своја практична цел според која сите професионалци кои се инволвирани во судската постапка, тоа се судиите, јавните обвинители, адвокатите, Министертвото за внатрешни работи, потоа професионалци од други државни иститутции, граѓанското општество и релевантните меѓународни организации ќе бидат запознаени со резултатите на истражувањето и со понудените решенија кои би допринеле за надминување на овие состојби. Практичната цел на истражувањето ќе даде одговор за потребата од професионални специјализирани обуки на судиите, обвинителите и адвокатите за оваа проблематика, кои се всушност главните и директни учесници во кривичната постапка. Начинот на сослушување на сведоците и ценењето на нивните искази во корелација со останатите докази во судската постапка зависи исклучиво од нивното постапување и почитување на процесните закони. Во постапките со криумчарени мигранти, посебно во моментот на откривање на мигрантите и во текот на истрагата се инвловирани и професионалци кои не се од редот на правосудните органи, односно се вработени или избрани членови од министертсвата и други државни органи. Од овие причини многу е значајна меѓуинституционалната соработка меѓу сите вклучени лица. Оттука практичната цел на истражувањето ќе даде

одговор за потребата и карактерот на обука на сите инволвирани професионалци во овие постапки.

Научната и практичната цел на ова истражување се тесно поврзани и се надополнуваат, од сознанијата за научната цел зависи нивната примена и подобрување на постапување во праксата и обратно, практичните сознанија допринесуваат кон потреба од истражувања на адресираниот проблем во кривичните постапки и нивна повисока научна цел.

## 8. ХИПОТЕЗИ

### 8.1 Општа хипотеза

Криумчарењето на мигранти е глобален проблем и посебен облик на организиран криминал со кој државите кои се дел од рутата на мигрантите кои се стремат да стигнат до посакуваната дестинација треба да се посветат на откривањето на сторителите на овие кривични дела кои значително профитираат од мигрантите. За да бидат исполнети елементите на кривичното дело криумчарење мигранти при откривање на сторителите мора да бидат затекнати нерегуларни мигранти. Имајќи предвид дека нерегуларните мигранти учествуваат во договарањето за илегално преминување на границата со криумчарите, за висината на надоместот, за начинот и местото на преминување на границата, се до откривање на сторителите од страна на надлежните органи, тие се клучни сведоци во кривичната постапка. Сведочењата на нерегуларните мигранти се клучен доказ во кривичната постапка и нивниот доказен капацитет значително влијае на конечната одлука на судот.

### 8.2 Посебни хипотези

1. Нерегуларните мигранти кои се сведоци во кривичната постапка од моментот на нивното откривање до моментот кога ќе бидат сослушани од страна на јавниот обвинител во истражната постапка се задржуваат во Прифатниот центар за странци иако согласно Законот за кривична постапка нема законски основ за нивно задржување;
2. Мигрантите кои се задржани во Прифатниот центар за странци се лишени од слобода и им е ограничена слободата на движење. На мигрантите кои се задржани

во Прифатниот центар за странци не им се образложува законскиот основ за нивното задржување, не можат слободно да излегуваат од центарот и не можат да комуницираат со своето семејство;

3. Јавниот обвинител ги сослушува мигрантите во текот на истражната постапка во просториите на јавното обвинителство, во присуство на обвинетиот и неговиот бранител;
4. Во текот на доказната постапка пред судот секогаш се читаат исказите на мигрантите кои биле сослушани во текот на истрагата бидејќи до моментот на одржување на главната расправа истите ја напуштиле Република Северна Македонија;
5. Националното законодавство пропишува во кои случаи се отстапува од непосредно сослушување на сведоци на главната расправа;
6. Кога судот ги цени исказите на мигрантите како доказ секогаш ги цени во корелација со останатите изведени вербални и материјални докази во постапката кои јавниот обвинител ги прибавил во текот на истрагата;
7. Кога возраста на сведокот мигрант е спорна, односно е на граница помеѓу дете и возрасен и нема документ за идентификација, за утврдување на возраста, судот поклонува верба на самиот мигрант, на другите возрасни мигранти во групата и на фотографиите. Иако одбраната бара да се утврди возраста со вештачење или со проверка на идентитетот по дипломатски пат судот заради итноста на постапката не ги уважува овие барања. Во Република Северна Македонија не се пропишани посебни правила или подзаконски акти за начин на утврдување на возраста на мигрантите во спорни ситуации;
8. При донесувањето на судските одлуки за криумчарење на мигранти судиите во своите одлуки секогаш се повикуваат на праксата на ЕСЧП или на други меѓународни стандарди во поглед на ценење на исказите на мигрантите како доказ во кривичната постапка.

## 9. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

За потребите на ова истражување спроведена е **квалитативна и квантитативна анализа** на предмети на Основниот кривичен суд Скопје - Одделение за организиран криминал и корупција (Судски Портал на Република Северна Македонија, 2008), на Апелациониот суд Скопје и на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Анализираните предмети се завршени со правосилна судска одлука и се одбрани по случаен избор за периодот од 01.01.2015 до 31.12.2021 година. Предметите се прибавени од Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети (АКМИС) (Нанев, 2013) и De Jure платформата ( DE JURE, 2015). Со анализата се опфатени предметите за кривични дела по основ на член 418-б од Кривичниот законик – Криумчарење на мигранти и член 418-в од Кривичниот законик - Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти.

**Во трудот е применет методот на анализа на документи** и тоа на националното законодавство, меѓународни документи, истражувања и стручни анализи од граѓански и академски организации поврзани со темата мигранти како сведоци во кривичната постапка, нивните права и обврски, начелото на непосредност и контрадикторност во кривичната постапка, како и основаноста на задржувањето на сведоците за потребите на постапката, односно кои се причините за ограничување на слободата на движење на сведоците мигранти во текот на судската постапка. Извршена е анализа на домашната и странска регулативата која се однесува на правната квалификација кога мигрантот е дете, постапката за утврдување дали мигрантот е дете или возрасен кога возраста е спорна како и почитување на правата на детето во текот на задржувањето за потребите на кривичната постапка.

Основите на правната анализа се опфатени во главата на овој труд насловена како „Правни аспекти на кривичното дело и кривичната постапка за криумчарење со мигранти“, но анализа и споредба на овие документи се врши и низ другите делови на трудот во контекст на обработка на секоја од посебните хипотези.

По извршената анализа на документи кои се однесуваат на правните аспекти на истражувањето, во втората половина на 2023 година физички беа прибавени

релевантните судски предмети од Основниот кривичен суд Скопје, беше извршен увид во списите на овие предмети и тоа од моментот на поднесување на кривичната пријава, до правосилно завршување на судската постапка. Во предметите во кои била вложена жалба, анализирана е и одлуката на Апелациониот суд Скопје, воедно во предметите во кои бил вложен вонреден правен лек, анализирана е одлуката Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Предмет на квалитативната анализа се судските предмети во кои обвинетите не признале вина бидејќи во пресудите од тие кривични постапки се изведуваат и анализираат сите докази помеѓу кои и исказите на сведоците мигранти, бројот на нерегуларни мигранти сведоци во постапката, колку сведоци дале исказ во текот на истрагата, во колку од пресудите биле непосредно сослушани сведоците, во колку пресуди биле прочитани исказите од истрагата. Од списите на предметите може да се види правниот основ за задржување на мигрантите во прифатните и транзитните центри, а во некои од нив може да се утврди и времето на нивното задржување. Потоа анализата е направена од аспект на кривични дела со потешка квалификација кога меѓу мигрантите има деца, како и од кои докази или според кој метод судот ја утврдил возраста на мигрантите. Анализата ги опфаќа и причините за потврдување на првостепената пресуда, во предметите во кои била вложена жалба. Пресудите се анализирани и од аспект на примена на праксата на Европската конвенција за човековите права и примена на меѓународните договори и конвенции.

Како резултат на анализата на судските предмети и правната анализа беа подготвени **анкетни прашалници** за правни експерти во областа на криумчарењето на мигранти, како посебен облик на организиран криминал. Конкретно, во анализата беа вклучени вкупно 42 експерти, од кои 26 адвокати, 10 јавни обвинители и 6 судии. На овој начин се покриени сите релевантни аспекти во анализата на проблемот и се овозможува споредба на мислењето на различни групи на експерти, со цел изведување на релевантни и непристрасни заклучоци. По спроведеното интервју добиени се резултати во однос на потврдување или не-потврдување на резултатите од истражувањето.

Во рамките на трудот е изработена **студија на случај** за предмет кој завршил со осудителна пресуда за кривично дело Криумчарење мигранти од чл.418-б ст.2 од Кривичниот законик. Овој предмет имал своја завршница во Европскиот суд за човекови

права во Стразбур со пресуда Трампевски против Република Македонија (Европски суд за човекови права Стразбур, 2012) во чија пресуда се констатирани сторени повреди од страна на државата Република Македонија на членот 6 од ЕКЧП. Овој предмет се анализира во контекст на поставените хипотези, но најмногу во контекст на примената на праксата на ЕСЧП од страна на домашните судови која била воспоставена со оваа пресуда на Европскиот суд за човекови права.

Извршена е и анализа на **казнената политика** за овој период во која предмет на анализа се **сите осудителни одлуки** за кривични дела со криумчарење мигранти, во однос на кривичната санкција во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2021 година без оглед дали обвинетиот признал вина или не. Извршена е споредба на казните по години, споредба на казните по основ на поднесокот и споредба на казните според тоа дали обвинетиот го признал делото или не. Во контекст на овој труд анализата е насочена кон утврдување на казнената политика на Репулика Северна Македонија за овие кривични дела во периодот опфатен со истражувањето.

Од статистичка гледна точка, анализата на изречените казни се базира на дескриптивна и инференцијална статистика. Во делот на дескриптивната статистика, пресметани се соодветни индикатори, како мерки на централна тенденција и мерки на дисперзија, при што е дадена споредба и графички приказ по неколку основи. Во делот на инференцијалната статистика се користи АНОВА тестот, но и неколку непараметарски тестови, со цел тестирање на прашањата дали постојат статистички значајни разлики во висината на изречените затворски казни според сите три горенаведени точки.

При реализација на истражувањето се запазени **етичките стандарди** што се применуваат за анализирање на судски предмети и пресуди кои подлежат на анонимизација со заштита на податоците на сите кои се опфатени со правосилните пресуди, потоа стандардите за интервјуирање на лицата кои се опфатени со истражувањето во насока на почитување на начелото на доброволност, заштита на податоците и анонимност.

## 10. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Научната оправданост на ова истражување се однесува на откривање на нови сознанија од аспект на полициските науки, криминалистиката, криминологијата, кривичното право и казнената политика. Правата на сведоците – илегални мигранти во кривичните постапки од аспект на човековите права, правото на слобода на движење, правата на децата мигранти гледано од аспект на Конвенцијата за правата на детето, односно истите да бидат третирани според најдобриот интерес на детето, во корелација со правото на одбрана во кривичната постапка, потоа начелото на непосредност на главната расправа пред судот и на крајот доказната вредност на исказите на мигрантите-сведоци, се до одлучување на виновноста на сторителот заземаат значајно место во правната наука.

Криумчарењето на мигранти како транснационален организиран криминал не е само национален проблем и треба пошироко да се разгледува неговото општествено значење. Република Северна Македонија и надлежните институции остануваат посветени во континуираното следење, проценка и планирање и преземање на мерки и активности насочени кон спречување на нелегалната миграција и намалување на последиците од истата (Влада на Република Северна Македонија, 2021). Откривањето на слабостите во справување со овој криминал во рамки на кривичната постапка, а во корелација со правата на нерегуларните мигранти како пасивни субјекти и сведоци е голем предизвик за надминување на овие слабости и изнаоѓање на решенија кои ќе имаат свое општествено значење во рамките на востановените миграциски политики.

# I. ПРАВНИ АСПЕКТИ НА КРИУМЧАРЕЊЕТО НА МИГРАНТИ

## 1. Меѓународни инструменти за спречување криумчарење мигранти

Порастот на организираниот криминал како и неможноста целосно да се сузбие оваа девијантна појава, доведува до состојба на несигурност кај обичните граѓани и дополнителна причина  за поголема сериозност и заинтересираност на органите на прогонот и на меѓународните органи и тела кога е во прашање изнаоѓањето решенија на ова поле, изнаоѓање нови механизми и начини за третман на оваа појава (Кошевалиска & Максимова, 2018).

На меѓународно ниво, Обединетите нации прават сериозни напори во креирање на основа и рамка за борба против организираниот криминал во кој спаѓаат и криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе (Пуцаковски, 2019). Генералното собрание на Обединетите нации на 15 ноември, 2000 година ја усвојува Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал (Unated Nations, 2000), наречена како Конвенција од Палермо, која стапува на сила во декември 2003 и која е основна рамка за сите земји кои имаат волја да се вклучат во борбата против транснационалниот организиран криминал, воедно и против криминалот со криумчарење мигранти кој е предмет на овој труд.

Оваа Конвенција, всушност во денешно време претставува најбитен меѓународен документ кој ги поставува механизмите на државите во борбата против организираниот транснационален криминалитет и основ за хармонизација на казнените законодавства на државите потписнички на оваа конвенција, меѓу кои е и Република Северна Македонија.

Криумчарењето мигранти како облик на организиран криминал тешко може во целост да се дефинира бидејќи постојано ја менува својата форма и структура. Овој облик на криминал е силно отпорен на промени, се извршува на територијата на повеќе држави и постојано ги менува начините на извршување. Бидејќи секоја држава има различни економии и влади, овој проблем не може да биде универзално дефиниран, а тоа го отежнува спроведувањето на законот за да се спречи криумчарењето, бидејќи постапките и начините на справување мора да се прилагодат на националните легислативи и условите во различни држави.

Криумчарењето мигранти на меѓународно ниво се дефинира во согласност со Протоколот против криумчарење мигранти по копно, море и воздух, кој е дополнување на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал (United Nations, 2000).

Според Протоколот „*поимот "криумчарење на мигранти" значи обезбедување на нелегален влез на едно лице во држава членка каде тоа лице не е државјанин ниту има постојан престој, со цел на непосреден или посреден начин да се прибави финансиска или друга материјална корист*.

Согласно Протоколот секоја  држава членка се обврзува да усвои законска регулатива или други мерки кои ќе бидат потребни за да се востановат како казнени дела определени дејствија, кога тие се сторени во меѓународни рамки и заради непосредно или посредно прибавување на финансиска или друга материјална корист. Како дејствија кои се обврзале државите да ги криминализираат во контекст на криумчарење на мигранти, согласно Протоколот се дејствијата сторени со цел за овозможување на криумчарење на мигранти, изработување на лажна патна или лична исправа, набавување, обезбедување или поседување на таква исправа, овозможување на лице кое нема државјанство или постојан престој да остане во државата за која станува збор без да ги исполнува потребните услови за останување во таа држава на нелегален начин. Понатаму протоколот пропишува дека треба да се инкриминира и обидот за сторување на овие дејствија, соучесништвото и организирање и насочување на други лица кон сторување на кривичното дело. Исто така државите потписнички се обврзуваат во своето законодавство да предвидат казнивост на дејствија со кои се загрозуваат или е веројатно дека ќе се загрозат животите или безбедноста на засегнатите мигранти или кои претставуваат нечовечко или понижувачко постапување, вклучувајќи експлоатација на таквите мигранти.

Криумчарените мигранти кои се сведоци во кривичната постапка по нивното сведочење пред јавниот обвинител, а согласно резултатите на ова истражување своеволно ја напуштаат државата и се упатуваат во непознат правец. Мигрантите кои ја напуштаат државата, особено ранливите категории мигранти како жени и деца стануваат потенцијални жртви на трговија со луѓе и друг вид на криминал на организираните криминални групи. Оттука од значење се обврските на Република Северна Македонија кои се преземени со Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговија со лица, особено со жени и деца со кој се дополнува Конвенцијата против транснационален организиран криминал на ООН. Протоколот е донесен е во вид на универзален меѓународен документ кој се однесува на сите аспекти од експлоатацијата на лица, особено ранливата категорија, жени и деца и кој претставува основ за предвидување и санкционирање на овој вид кривично дело. Со протоколот се потенцира потребата од сеопфатен меѓународен пристап во борбата со трговијата со лица, особено со жени и деца во земјите на потекло, транзит и дестинација, кој треба да вклучува мерки за спречување на ваквата трговија, казнување на сторителите и помагање и штитење на жртвите, заедно со штитење на веќе постојните и признати меѓународни човекови права.

Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал – UNODC е основана за да ги спроведува програмата за дрога и програмата за криминал на Организацијата на обединетите нации на интегриран начин, адресирање на меѓусебно поврзаните прашања за контрола на дрогата, превенција на криминалот и меѓународниот тероризам во контекст на одржливиот развој и човечката безбедност (United Nations, 2004). Основната цел на UNODC во однос на борбата против криумчарењето мигранти е да им помогне на земјите потписнички да се придржуваат кон Протоколот за криумчарење на мигранти и да ги олесни нивните напори за ефикасно спроведување.

Техничката помош на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал – UNODC на глобално ниво се состои во помош на државите во усогласување на законодавство во согласност со протоколот и помош на државите во развивање на ефикасен и ефективен одговор при сузбивање и справување со криумчарење на мигранти.

Во септември 2021 година Европската комисија го усвои Обновениот акционен план на ЕУ против криумчарење мигранти (2021-2025) (European Commission, 2021). Обновениот акционен план на ЕУ ја зајакнува оперативната соработка и размената на информации меѓу земјите на ЕУ и агенциите за спроведување на законот на ЕУ за да ги истражат и гонат мрежите за криумчарење мигранти. Опфаќа области како што се финансиски истраги, враќање на имотот, измама со документи и дигитален шверц. Обновениот акционен план на ЕУ усвојува сеопфатен пристап и бара уште поблиска соработка со земјите партнери долж миграциските рути кон ЕУ.

Обновениот акционен план на ЕУ против криумчарењето мигранти ги вклучува следните главни столбови на акција:

- засилена соработка со партнерските земји и меѓународните организации, вклучително и преку Оперативни партнерства за борба против криумчарењето;
- спроведување на законска рамка и санкционирање на криумчарите кои се активни во и надвор од ЕУ;
- спречување на експлоатација и обезбедување заштита на мигрантите;

- зајакнување на соработката и поддршка на работата на органите за спроведување на правото и судството за одговор на новите предизвици;
- подобрување на знаењето за организацијата и начините на функционирање на криумчарите.

Обновениот акционен план на ЕУ има  цел да се спречи загубата на животи, да се намали небезбедната и нерегуларна миграција, да се олесни управувањето со миграцијата и да се олеснат воспоставувањето одржлива миграција во ЕУ и политиката за азил. Со придонесот за нарушување на криминалните бизниси, планот исто така ги поддржува целите на стратегиите на ЕУ за справување со организираниот криминал 2021-2025 година и за борба против трговијата со луѓе 2021-2025 година, кои ќе бидат имплементирани во целосна синергија.

**2. Воведување на кривичното дело криумчарење мигранти во Кривичниот законик**

Непосредно по пристапување кон Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат (Собрание на РМ, 2004) во октомври 2004 година, Северна Македонија отпочна процес на усогласување на националната правна рамка со меѓународните стандарди во предметната област, односно пристапи кон инкриминирање на кривичните дела поврзани со криумчарење на мигранти во Кривичниот законик.

Со измените на  Кривичниот законик во 2004 година во членот 418 се додаваат нови одредби кои се однесуваат на криумчарење мигранти и организирање на група и извршување на кривичнте дела криумчарење мигранти и трговија со луѓе (Службен весник на РМ, 2004).

Основното дело криумчарење на мигранти од член 418-б го врши тој што со сила или со сериозна закана дека ќе нападне врз животот или телото, со грабнување, измама, од користољубие, со злоупотреба на својата службена положба или со искористување на немоќта на друг илегално пренесува мигранти преку државната граница, како и тој што прави, набавува или поседува лажна патна исправи со таква цел. Објектот на делото е комплексен, така што од една страна ги опфаќа основните слободи и права на мигрантите, а од друга страна меѓународно статуираниот режим на легално поминување

мигранти од една во друга држава (Камбовски, Коментар на кривичниот законик на Република Македонија, 2015). Дејствието на извршување според Кривичниот законик е определено како илегално пренесување мигранти преку државната граница. Законот како начин на извршување ја пропишува присилбата, грабнувањето, измамата, од користољубие, со злоупотреба на својата службена положба или со искористување на немоќта на друг. Како посебно дејствие на извршување е издвоено правење, набавување или поседување лажни патни исправи со цел илегално да се пренесат мигранти. Според Камбовски, под илегално пренесување на мигранти се подразбира влез или излез на мигранти во државата за премин на државната граница, на граничните премини или надвор од нив. Пасивен субјект на делото е еден или повеќе мигранти, потребно е да постои умисла кај сторителот како субјективен елемент на остварување на законското битие на ова кривично дело, а делото се смета дека е доврщено со пренесување на еден или повеќе мигранти преку границата.

Посебен облик на делото е врбување, превезување, пренесување, купување, продавање, засолнување или прифаќање мигранти и овој облик подразбира дека постои иницијатива и согласност на мигрантите за нивно пренесување. Оваа правна квалификација е најчест вид на сторување на кривичното дело криумчарење мигранти во Република Северна Македонија согласно анализата на овој труд која ќе биде презентирана во делот на квантитативната и квалитатаивната анализа.

Потешките облици на ова кривично дело се загрозување на животот или здравјето на мигрант, или ако со мигрантот се постапува особено понижувачки или сурово, или се спречува тој да ги користи правата што му припаѓаат според меѓународното право. Потешка казна е предвидена доколку делото е сторено со малолетно лице, за што е предвидена казна затвор најмалку осум години. Построга казна е предвидена доколку делото го стори службено лице во вршењето на службата. Предметите и превозните средства употребени за извршување на делото задолжително се одземаат.

Од посебен интерес за овој труд е  доколку делото е сторено со малолетно лице, за кој законодавецот за криумчарење на малолетно лице предвидел потешка правна квалификација и повисока казна од причина што малолетниците спаѓаат во посебна група на мигранти, односно ранлива група на мигранти. Во оваа група спаѓаат непридружуваните деца мигранти заедно со девојки и жени, бремени жени, родител со

дете, стари лица, лица со физичка или психичка попреченост, жртви на трговија со луѓе, припадници на маргинализирани групи, лица кои биле предмет на тортура или било која форма на насилство. Во текот на својата мигрантска рута непридружуваните малолетници се изложени на повисок ризик од несакани инциденти и закани, особено имајќи ги предвид траумите со кои бегалците и мигрантите се соочуваат по патот кон барање помош и заштита од трети земји, особено во поглед на насилство и злоупотреба на нивните права (Ацеска, 2019).

**Непридружуван малолетник** е лице-странец што се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија и кое во моментот на идентификацијата е на возраст до 18 години, не е придружувано од неговите родители или од старател определен од институција надлежна според законот или кое по неговото пристигнување во Република Северна Македонија останало без таква придружба (Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, 2015).

Кривичниот законик во член 418-в пропишува специјално кривично дело злосторничко здружување - Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти и предвидува казна затвор од најмалку осум години за тој што организира група, банда или друго здружение за вршење на кривични дела трговија со луѓе, криумчарење мигранти и трговија со дете. Казниво е да се биде припадник на група, банда или друго здружение или на друг начин да се помага истата. Доколку припадник на групата ја открие пред да стори кривично дело заедно со групата или за групата предвидено е негово задолжително ослободување. Како посебни квалификаторни облици на ова кривично дело се повикување, поттикнување или поддржување за извршување на кривичните дела трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти. Дејствијата на извршување се одвиваат во насока на создавање или зацврстување на одлуката кај други лица или нивно психичко помагање и храбрење за извршување на овие кривични дела.

Важно е да се напомене дека при обликување на обвинението, специјалното кривично дело злосторничко здружување секогаш е во комбинација со кривичните дела

трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти и не егзистира како посебно кривично дело.

### 3. Начин на делување на криумчарите (Modus operandi)

За да можат надлежните органи за гонење на криминалот да бидат успешни во откривањето на кривичните дела и квалитетно да ја водат истрагата во насока на обезбедување на цврсти докази за постапката потребно е да ги знаат карактеристиките на кривичното дело криумчарење мигранти како и начините на неговото извршување (modus operandi).

Криумчарените мигранти и криумчарите ги избегнуваат меѓународните гранични премини и барања за визи најчесто користејќи ги двата главни начини:

a. избегнување на обележани гранични премини или

b. измама на претставниците на граничните контроли (Ivanova, 2020).

Криминалните групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти се добро организирани и користат современи средства за комуникација и набљудување. Во најголемиот број на случаи остваруваат прекугранична соработка со криминални групи од други држави, а од анализата на пресудите произлегува дека дел од криминалните групи кои се занимават со криумчарење на мигранти во Северна Македонија се дел од поголеми меѓународни криминални групи. Најголемиот број на криумчари се возрасни машки лица, но откриени се и жени вклучени во криумчарење на мигранти (Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, 2017).

Меѓународните криминални организации вклучени во криумчарењето на мигранти најчесто се формирани во земјите на потекло на мигрантите, а се лоцирани и дејствуваат во земјите на потекло, транзит и дестинација (Влада на РСМ, 2021). Се работи за високо структурирани криминални организации на повеќе нивоа, членовите се најчесто семејно поврзани, организирани на хиерархиска основа со строго поделени улоги и задачи. Во секоја од земјите на транзит инфилтрираат лице од доверба, кое може да биде и мигрант кој започнал да соработува со криминалната организација. Нивната задача е да регрутираат лица од државата кои ќе учествуваат во криумчарењето мигранти. Многу често инфилтрираното лице е од земјите на потекло на мигрантите, истото престојува илегално во државата или за да ја прикрие својата криминална улога го

легализира својот престој и се јавува како барател на азил. Криумчарите кои ја имаат оваа улога во Република Северна Македонија најчесто превезуваат мигранти од границата со Република Грција до границата со Република Србија. Користат сопствени возила, но често користат и возила кои немаат уредна документација, бидејќи добро ги познаваат законите и се свесни дека доколку бидат откриени, возилото ќе биде одземено. Плаќањето за криумчарењето, најчесто е посебно за секоја етапа во секоја земја на транзит. Паричните средства им се префрлаат на организаторите на криминалните групи или на членови на нивни семејства. Во земјите на блискиот исток и Азија ова е познато како „хавала„ систем.

Криумчарењето мигранти претставува практично начин на „заобиколување"на гранична контрола на гранични премини, како и измама на граничната служба. (Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење , 2022). Криумчарените мигранти ги избегнуваат контролите на државните граници, одредбите кои се однесуваат на миграцијата и услови за виза најчесто преку избегнување на означените гранични премини или измама на претставниците на граничните служби. Првиот облик на криумчарење се врши на начин што мигрантите се пренесуваат пеш преку илегални гранични премини, а потоа ги чекаат возила на определени места, или се пренесуваат скриени во возилата, може да бидат однесени до безбедни куќи за потоа да бидат одведени до следната дестинација на нивното патување. Вториот облик на криумчарње се реализира со измама на претставници на гранични служби и со употреба на фалсификувани или туѓи патни исправи од страна на мигрантите.

Од анализираните предмети за овој труд се забележува дека меѓу сторителите на овие кривични дела често има и полициски службеници кои се откриени со примена на посебни истражни мерки. Овој податок упатува на констатација дека организираните криминални групи за извршување на овие кривични дела инволвираат полициски службеници подложни на корупција, кои со давање релевантни информации го олеснуваат заобиколувањето на граничната контрола или одбегнувањето на полициските контроли во државата.

Според Резолуцијата на миграциската политика на Република Северна Македонија 2021 – 2025 година (Влада на РСМ, 2021), Република Северна Македонија и надлежните институции остануваат посветени во континуираното следење, проценка

и планирање и преземање на мерки и активности насочени кон спречување на нерегуларната миграција и намалување на последиците од истата. Стратегиските и оперативните активности особено се фокусирани во делот на идентификацијата на ранливите категории на мигранти под висок ризик од секаков вид на злоупотреба вклучувајќи и нивна експлоатација преку трговија со луѓе. Како особено ранлива категорија под висок ризик од злоупотреба претставуваат непридружуваните деца мигранти, за што оваа резолуција и акциониот план, како и стратегијата и акциониот план за борба против трговија со луѓе и нелегална миграција 2021-2025 година посветуваат посебно внимание, предвидувајќи збир на мерки и активности за нивна заштита согласно меѓународните стандарди имајќи го предвид начелото за најдобриот интерес на детето.

## 4. Надлежни органи за откривање, гонење на криминалот со кримчарење мигранти и надлежен суд

Согласно позитивното законодавство на Република Северна Македонија надлежни органи за откривање и гонење на криминалот со криумчарење на мигранти се Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, додека надлежен суд е Основниот кривичен суд Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција.

Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, (Службен весник на РСМ бр.42/2014, 2014) врз основа на надлежностите кои ги има со Законот за внатрешни работи и Законот за кривичната постапка, ја има клучната улога во откривањето и сузбивањето на криумчарењето мигранти. Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ) има основна задача за откривање и гонење на сторителите на кривични дела на трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Оваа единица во континуитет постапува согласно стандардните оперативни процедури пропишани за овие два облици на организиран криминал. Полициските службеници од НЕСКМТЛ се дел од Единицата за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (Task Force) кои учествуваат во размена на информации и податоци со сродните единици од МВР на земјите од регионот во врска со организираните криминални групи и е дел од Task Force на Западен Балкан.

Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе во рамките на своите надлежности спроведува проактивни истраги за криумчарење мигранти, учествува во сузбивање организирани криминални групи, спроведува оперативни акции и меѓународни истраги (Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална, 2022).

**Надлежно јавно обвинителство,** согласно Законот за јавното обвинителство (Службен весник на РСМ 42/2020, 2020) за кривични дела кои опфаќаат различни облици на криумчарење мигранти и трговија со луѓе во Република Северна Македонија е Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Според Законот за кривична постапка јавниот обвинител има право и должност да ги гони сторителите на кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност, какви што се кривичните дела кои се поврзани со криумчарење мигранти. Јавното обвинителство спроведува истрага по поднесена пријава и доколку по спроведната истрага смета дека има доволно докази со кои може да ја поткрепи својата теорија на случај, односно има основано сомневање дека обвинетиот го сторил кривичното дело, поднесува обвинение до надлежниот суд.

**Надлежен суд,** согласно Законот за судовите (Службен весник на РСМ бр.56/2006, 2006) за постапување по обвиненијата за кривични дела со криумчарење мигранти, за кои гони Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција е Основниот кривичен суд Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција. Надлежниот суд ја води кривичната постапка од моментот на поднесување на обвинение во судот до донесување на конечна првостепена одлука. Одлуките кои ги носи судот во постапките за трговија со луѓе се најчесто пресуди кои можат да бидат осудителни, ослободителни и одбивателни.

Одлуките кои ги носи Основниот кривичен суд Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција се првостепени одлуки. Согласно начелото на двостепност на постапката пропишано во член 10 од Законот за судовите (Службен весник на РМ, 2010) незадоволната страна, јавниот обвинител или обвинетиот и

неговиот бранител имаат право на жалба до повисокиот суд. Правото на жалба е редовен правен лек кој може да се поднесе против одлуката на првостепениот суд заради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, суштествени повреди на кривичната постапка и погрешна примена на материјалното право. Единствен надлежен суд кој одлучува по жалбите во предметите со криумчарење на мигранти е Апелациониот суд Скопје. Апелациониот суд Скопје по разгледување на жалбените наводи може да донесе пресуда со која се укинува првостепената пресуда и предметот се враќа на повторно одлучување кај првостепениот суд. Друг вид на одлука која може да ја донесе второстепениот суд е преуда с која е потврдува одлуката на првотепениот суд и во овој случај пресудата станува правосилна и против истата законот не предвидел право на жалба.

Правосилната одлука на второстепениот – апелционен суд правно може да се напаѓа само со вонреден правен лек. Вонредните правни лекови се пропишаи во глава XXVII од Законот за кривичната постапка (Службен весник на РМ 150/2010, 2010). Од анализата на пресудите за кривичните дела криумчарење на мигранти произлезе дека најчесто користен вонреден правен лек во овие постапки е барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда. За одлучување по барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда надлежен суд е Врховниот суд на Република Северна Македонија.

## II. МИГРАЦИСКА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ИНСТРУМЕНТИ И МЕХАНИЗМИ

### 1. Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

Со одлука на Владата на Република Македонија во 2001 година формирана е Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (Службен весник на РМ, 2001). Комисијата е тело која ги обединува и координира сите засегнати страни во борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција. Комисијата е со мултиинституционален состав и во неа членуваат претставници од сите релевантни министерства, посебно Министерството за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерство за надворешни работи, Министерство за здравство, претставник од Државен инспекторат за труд,

Агенција за вработување и Биро за развој на образованието, јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за организиран криминал и судија од Основен кривичен суд Скопје.

Обврска на комисијата е да ја следи и анализира состојбата со трговија со луѓе и илегалната миграција, како и да ги координира активностите на надлежните институции. Во текот на својата работа разгледува и предлага битни решенија и заложби за унапредување на состојбите во областите на трговија со луѓе и илегална миграција. Развиени се специјализирани механизми во борбата против трговијата со луѓе и илегална миграција и направена е јасна распределба на задачи на институциите и организациите на централно и локално ниво за помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и ризични групи.

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција еднаш годишно изготвува извештаи за состојбите во овие две области во Република Северна Македонија. Извештаите опфаќаат активности поврзани со превенцијата, јакнење на капацитетите, подигање на јавната свест и едукација, како и статистика за истрага и кривично гонење на кривичните дела трговија со луѓе и криумчарење мигранти.

## 2. Резолуцијата за миграциската политика на Република Северна Македонија 2021 – 2025 година

Значаен документ за миграциската политика е Резолуцијата за миграциската политика на Република Северна Македонија 2021 – 2025 година, кој го усвојува Владата на Република Северна Македонија на која и претходеа резолуциите за периодот од 2009 – 2014 (Службен весник на РМ, 2009) година и 2015 – 2020 година (Службен весник на РМ, 2015).

Резолуцијата за миграциската политика на Република Македонија 2021 – 2025 година, се темели на идентификуваните основи за нејзино креирање и сознанијата за промените во особеностите на надворешни миграции, потоа реализираните мерки и активности на претходната миграциска политика, 2015 – 2020 година, како и сознанијата за промените во миграциските политики на земјите на прием. Во резолуцијата, меѓу другото се констатира дека: Република Северна Македонија има релативно солидна

правна рамка за регулирање на легалните и нелегалните миграциони движења, која во голема мера е синхронизирана со меѓународните стандарди и регулативата на ЕУ; Анализата на промените во особеностите на легалните и нелегалните надворешни миграции покажува дека по 2015 година тие се одвиваат со различен обем и динамика; Нелегалната миграција по големиот бран во 2015 година бележи намалување, а Република Северна Македонија останува дел од западно балканскиот коридор и преставува земја на транзит помеѓу земјите на потекло и на дестинација на мешаните миграциски движења (составени од ранливи категории лица меѓу кои непридружувани деца, жртви на трговија со луѓе и лица со потреба од меѓународна заштита).

Општата цел на резолуцијата е создавање на институционални и други претпоставки за развој на одржлива и сеопфатна рамка за управување на легалните и нелегалните надворешни миграции во функција на унапредување на развојот на земјата. Предвидено е општата цел да се реализира во рамки на пет стратегиски области, преку повеќе стратегиски цели меѓу кои контрола и управување со нелегалната миграција со стратешка цел "зајакнување на националните капацитети за навремено, ефикасно и ефективно откривање и управување со нелегална миграција" и градење на партнерства и меѓународна соработка со стратешка цел "градење на партнерства за унапредување на меѓународната соработка во областа на миграциите".

## III. ЗАКОНСКИ ОСНОВ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ МИГРАНТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Имајќи предвид дека овој труд опфаќа истражување за основот на задржување на криумчарените мигранти кои по предлог на јавниот обвинител се повикани да сведочат во кривичната постапка во оваа глава ќе бидат анализирани законскиот основ за задржување на мигрантите, нивно лишување од слобода, ограничување на слобода на движење, како и легитимноста на задржувањето од аспект на извештаите на Народниот правобранител на Република Северна Македонија преку Националниот превентивен механизам.

## 1. Законски основ за задржување мигранти, лишување од слобода и слобода на движење

Правото на слобода на движење е основно човеково право, истото не е апсолутно и во определени случаи е предмет на ограничувања. Ограничувањата на правото на слободно движење мора да бидат јасни, прецизни и предвидливи, во согласност со меѓународно прифатените стандарди и конвенции, соодветно применети во националното законодавство (Македонско здружение на млади правници, 2019).

Иако државите имаат привилегија да управуваат со условите за влез и престој на нивната територија, тие секогаш мора да го прават тоа со почитување на меѓународно прифатените стандарди за основните човекови слободи и права. Се покажа дека криминализирањето на миграцијата не го спречува или решава нерегуларниот статус и е загрижувачка практика која води до голем број прекршувања на човековите права. Поврзувањето на луѓето со криминал врз основа на нивниот миграциски статус, исто така, ги зајакнува лажните и ксенофобични наративи дека мигрантите се криминалци или дека самата миграција е закана (UN - General Assembly, 2009).

Кривичниот закон е дизајниран да ги казни поединците кои им нанесуваат штета на граѓаните или на општеството во целина. Нерегуларниот влез и престој на мигрантите не треба да се третира како кривично дело, бидејќи самиот факт на нерегуларно преминување на граница или престој во земја не е кривично дело само по себе против лица, имот или национална безбедност и не треба да се третира како таков. Поврзувањето на луѓето со криминал врз основа на нивниот миграциски статус може да доведе до голем број други прекршувања на човековите права, вклучувајќи дискриминаторско профилирање, произволно апсење и притворање, разделување на семејството и неможност за пристап до критична здравствена заштита, домување, образование или други права. Дискриминаторското профилирање често е предизвикано од медиумски извештаи во кои мигрантите почесто се именуваат како извршители на кривични дела отколку како жртви (Шупут, 2016). Стигматизацијата на припадниците на одредени народи придонесува само до зголемување на ксенофобијата. Ваквите пристапи дополнително ги туркаат мигрантите да живеат и работат во сенките на општеството и ја зголемуваат нивната ранливост на експлоатација и злоупотреба од страна на државните и приватните актери.

Движењето на луѓето преку границите во Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) (CoE, Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, 1950) е регулирано со две одредби: член 5 став 1 под ѓ) го регулира лишувањето од слобода на странци во контекст на постапки за влез или депортација/екстрадиција, додека ограничувањето на движењето е регулирано согласно член 2 од Протокол број 4 од Европската конвенција за човекови права. Имјаќи ги предвид овие одредби, од клучно значење е да се дефинира дали ситуацијата е лишување од слобода или ограничување на движењето со цел да се утврдат применливите стандарди (Роања, 2019).

Согласно член 2 од Протокол број 4 од Европската конвенција за човекови права условите за ограничување на движењето покрај правната основа, мора да имаат легитимна цел и мора да бидат неопходни и пропорционални на целта. При тоа државите уживаат одреден простор за слободна процена што треба да се измери кога се постигнува рамнотежа меѓу засегнатите интереси (оној на поединецот и пошироката заедница).

Спротивно на тоа, член 5 од ЕКЧП го штити поединецот од произволно мешање од страна на државата во неговото или нејзиното право на слобода. Според овој член, во контекст на странците, никој не смее да биде лишен од слобода, освен ако се апси или притвора врз основа на закон, со цел да се спречи илегално да влезе во земјата или лице против кое е во тек постапка за протерување или израчување. Во оваа насока и Универзалната декларација за човековите права предвидува дека секој има право на слобода и лична безбедност и дека никој не смее да биде предмет на произволно апсење или притвор (United Nations, 1948).

Лишувањето од слобода на мигрантите може да се случи во најразлични ситуации: кога на лицето му е одбиено влегување во земја, во случај на нерегуларен влез, заради идентификација, во случај на пречекорување на престојот по редовен влез, или кога надлежните органи сметаат дека задржувањето на барателот на азил е неопходно.

Со Законот за странци (Службен весник на РМ, 2018) кој ги опфаќа сите странци, вклучително и барателите на азил чие барање е одбиено, и со Законот за меѓународна и привремена заштита (ЗМПЗ) (Службен весник на РМ, 2018) кој се применува само за барателите на азил **е регулиран административниот притвор**.

Според Законот за странци, на територијата на Република Северна Македонија, странецот може да биде задржан со решение на Министерството за внатрешни работи најдолго до 24 часа заради обезбедување во постапката за отстранување, при што мора веднаш да биде известен за причините за задржувањето, за можноста да оствари контакт со правен застапник и за можноста да го информира дипломатско-конзуларното претставништво. Законот пропишува дека задржувањето на странецот престанува веднаш по престанувањето на причините за неговото задржување, а најдоцна по истекот на 24 часа.

Согласно Законот за странци за задржувањето на непридружувано малолетно дете веднаш се известува Центарот за социјална работа и дипломатско-конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е малолетникот.

Согласно овој закон, за сместување на странци кои не е можно да се отстранат од територијата на Република Северна Македонија од кои било причини во рок од 24 часа, се формира Прифатен центар за странци на Министерството за внатрешни работи. Во Прифатниот центар за странци привремено може да се задржи и странец кој незаконски престојува на територија на Република Северна Македонија, а за кој не е донесена одлука за враќање поради ризик од бегство или кога странецот ја избегнува или попречува постапката за враќање, странец за кој е одлучено да се врати, а кој не поседува валидна патна исправа поради што не може доброволно да ја напушти Република Северна Македонија, како и барател на право на азил, за кој е донесена одлука за ограничување на слобода на движење согласно со закон.

Законот пропишува дека во посебна просторија за малолетници во рамките на Прифатниот центар се сместува и непридружуван малолетник кој од објективни причини веднаш не може да се предаде на органот на државата чиј државјанин е и за тоа се известува Центарот за социјална работа заради определување старател согласно со Законот за семејството при што се почитува принципот на најдобар интерес на детето. Непридружуваните малолетни деца и семејствата со малолетни деца се задржуваат во Прифатниот центар само во краен случај и за што е можно пократок временски период.

Според Законот за меѓународна и привремена заштита на барателот на право на азил во исклучителни случаи може да му се ограничи слободата на движење, ако други

помалку принудни алтернативни мерки согласно со националното законодавство (одземање идентификациона исправа, редовно пријавување) не можат ефективно да се применат. Под исклучителни случаи законот подразбира утврдување и проверка на идентитет и државјанство, ако се процени дека постои ризик од бегство, или заради заштита на јавниот ред или националната безбедност.

За ранливи лица и малолетните лица без придружба мерката сместување во Прифатен центар за странци се применува само врз основа на индивидуална оценка, како и претходна согласност од страна на родителот, односно законски утврдениот старател, дека такво сместување одговара на нивните лични и посебни околности и потреби, имајќи ја предвид нивната здравствена состојба. Со акт на Прифатниот центар за странци се уредува сместувањето на малолетните лица без придружба и ранливите лица.

Доколку ги разгледуваме одредбите на двата закони за задржување на странци, односно бегалци, мигранти или баратели на азил и нивно лишување од слобода може да заклучиме дека одредбите не се целосно во контекст на Европската конвенција за човековите права.

По однос на одредбите за административниот притвор и основите за негово определување се поставува прашањето дали законот ги меша основите за определување на административниот притвор, со притвор од други причини, бидејќи како една од основите е предвидена „заштитата на јавниот ред или националната безбедност“. Ваквата одредба како да ја проширува законската основа за административен притвор на мигрантите, што не е во согласност со членот 5 став 1 под ѓ) од Европската конвенција за човековите права, кој подлежи на рестриктивно толкување. Според Европската конвенција за човековите права, административниот притвор е законски само доколку е функционален и со цел да се спречи неовластен влез или да се спроведе отстранување на лицето. (Роања, 2019) Оттука, упатувањето на основот за заштита на јавниот ред или националната безбедност како автономни основи не треба да бидат предвидени во законот. Во оваа насока е и Извештајот на работната група на Обединетите нации за промоција и заштита на сите човекови права кој во однос на арбитрерно задржување (UN General Assembly, 2009), заклучува дека мигрантите во ирегуларна ситуација не треба да се третираат како криминалци или како закани за националната или јавната безбедност и не треба да се задржуваат по овој основ.

Оттука, недоволно јасни одредби за причините за задржување на мигрантите, овозможуваат нивно екстензивно толкување и како резултат на тоа се користат како основ за задржување на мигрантите кои е потребно да сведочат во кривичните постапки. Од оваа анализа на законските одредби произлегува дека мигрантите кои се во прифатниот центар за потребите на кривичната постапка немаат издржан законски основ да бидат задржани за целите на кривичната постапка и од тие причини се користат други основи за нивно административно задржување, со повикување на одредбите на двата закони, Законот за странци и Законот за меѓународна и привремена заштита.

Имено, мигрантите кои треба да дадат исказ како сведоци во кривичната постапка се сместуваат во Прифатниот центар за странци во Гази Баба - Скопје. Прифатниот центар за странци е објект за задржување странци од имиграциски причини. Република Северна Македонија е цел на остри критики од голем број на домашни и меѓународни организации уште од 2015 година кога најголем број на мигранти беа лишени од слобода во Прифатниот центар за странци во Скопје. Организациите алармираа дека мигрантите се арбитрерно држени во центарот во нехумани и деградирачки услови, како сведоци во постапката против криумчарите на мигранти (Amnesty International, 2015).

Според Минитертвото а внатрешни работи, бегалците и мигрантите првично се приведуваат во Прифатниот центар за странци во Гази Баба за да се утврди нивниот идентитет, но според извештајот на Amnesty International (Amnesty International, 2015) многумина продолжуваат да се задржуваат на барање на јавен обвинител, за да бидат сведоци на обвинителството во кривичната постапка против криумчарите. Во поткрепа на издржаноста на извештајот на Amnesty International од 2015 година се и годишните извештаи на Националниот превентивен механизам за периодот од 2015 до 2021 година, кои го опфаќаат периодот на ова истражување.

## 2. Легитимност на задржувањето од аспект на извештаите на Народниот правобранител на Република Северна Македонија преку Националниот превентивен механизам

Наспроти законската регулатива која ги дефинира легитимните основи за задржување и сместување на мигранти/странци баратели на азил се Годишните извештаи на Народниот правобранител на РСМ – Национален превентивен механизам 2015-2021 за задржување и сместување на мигранти/странци баратели на азил, како еден од  најрелевантните извори за ова истражување во однос на времето и местото на задржување на сведоците мигранти за потребите на кривичната постапка. Овие извештаи се совпаѓаат и со резултатите на ова истражување спроведено преку анкетните прашалници и анализа на предметите за потребите на овој труд.

Согласно Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр.60/03, 114/2009, 181/2016 и 189/2016) (Службен весник на РМ, 2003) и измените од Службен весник на РМ бр.14/2009, 181/2016 и 189/2016, покрај останатите надлежности, Народниот правобранител има овластување да следи дали се почитуваат и заштитуваат уставните и законските права на лицата во органите, организациите и установите во кои е ограничена слободата на движење. Народниот правобранител како Национален превентивен механизам има мандат утврден со Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго свирепо, нечовечко или понижувачко постапување (Службен весни на РМ бр.165, 2008), кој овозможува да врши посети во местата на лишување од слобода и местата на задржување и со увидот во материјалните услови и третманот, да ги идентификува ризиците заради спречување на тортура и друг вид сурово и нечовечко постапување и казнување (Национален превентивен механизам, 2017).

Тимот на Националниот превентивен механизам врши редовни и вонредни посети и увид на состојбите во Прифатните транзитни центри Винојуг и Табановце, како и во Прифатниот центар за странци во Гази Баба и Прифатниот центар за сместување на баратели на азил во Визбегово. Целта на посетите е преку увидот во материјалните услови во центрите за времено сместување на мигрантите/бегалците и постапувањето со оваа категорија лица, да се согледа остварувањето на нивните права загарантирани со

националните закони и меѓународните акти, особено Женевската конвенција за статусот на бегалците од 1951 (UNHCR The UN Refugee Agency, 1951) и да се идентификуваат ризиците заради спречување на тортура и друг вид сурово, нечовечко и понижувачко постапување или казнување.

Прифатниот центар за странци, слично како и прифатно-транзитните центри во Табановце и Гевгелија, уште од почетокот на мигрантската криза беше предмет на јавен интерес на домашната и меѓународната јавност. Во меѓувреме државата вложи многу енергија, средства и посветеност за подобрување на условите, но сé уште некои од овие објекти не ги исполнуваат стандардите за хумано задржување (Стојановски, 2018).

Во извештајот на НПМ од 2015 година е констатирано дека условите во прифатните центри се незадоволувачки, дека има пренатрупаност и нехумани услови и третман на мигрантите, меѓутоа по реакциите на домашните и меѓународните организации веќе во 2017 година е забележано подобрување на материјалните услови, кое подобрување продолжува и е констатирано во наредните извештаи.

Имено, според стандардите на Комитетот против тортура задржаните лица треба да имаат слободен пристап до просторот за прошетка на отворено, кој треба да е заштитен од временски неприлики и опремен со средства за одмор. Воедно, во случај на продолжено задржување на овие лица треба да им се овозможи широк спектар на активности (Стојковска, 2019). Според Стојковска, локацијата на прифатниот центар, кој е тешко пристапен, како и недоволниот број на полициски службеници, доведува до ситуации задржаните странци односно мигрантите да се постојано затворени во објектот без можност да го користат дворот за слободни активности.

Имајќи предвид дека Прифатниот центар за странци е објект од затворен тип во кој не се овозможуваат редовни прошетки на свеж воздух, може да се констатира дека условите на задржување се слични на затворските, што е спротивно на насоките на Специјалниот известувач на ОН за човековите права на мигрантите според кои миграциските центри за задржување не треба да имаат еднакви или слични услови со затворите (Bustamante, 2010) и насоките на УНХЦР според кои условите треба да бидат хумани и достоинствени (UNCHR France, 2012).

Во своите извештаи тимот на Националниот превентивен механизам констатира дека во периодот од 2015 година до 2021 година условите во Прифатните центри секоја година се подобруваат, бидејќи се преземаат мерки согласно препораките на Народниот правобранител преку Националниот правен механизам, како и на невладините домашни и странски организации.

Карактеристично за сите извештаи е дека при посетите се утврдува и дали е обезбедено правото на правна помош за мигрантите, правото на преведувач, како и посебните права за ранливите категории на лица, жени и девојки, бремени жени, деца и лица со физички и ментални пречки. Во оваа насока особено е важен делот од извештаите во кој се констатира состојбата на децата без придружба, односно дали им се обезбедуваат сите права кои се загарантирани со меѓународното право, националното законодавство и дали се почитуваат утврдените процедури.

Во овој дел од истражувањето ќе биде извршена анализа на делот од извештаите на НПМ кој се однесува на задржување на мигрантите во прифатните центри, по барање на јавниот обвинител, со единствена цел да дадат исказ, односно да бидат сведоци во кривичната постапка.

Од анализата на извештаите на НПМ кои се предмет на ова истражување за периодот од 2015 до 2021 година се извлекува заклучок дека на мигрантите не им е овозможен пристап до постапката за признавање на правото на азил и до заштитните механизми кои треба да вклучуваат пристап до бранител, лекарски преглед, право на преведувач, како и можност за контакт со семејството и со претставници од дипломатско - конзуларните претставништва. Имено, дел од затекнатите мигранти се задржани заради нивно обезбедување како сведоци во постапки спрема трети лица без да се почитуваат законските рокови за задржување на странец со илегален влез во земјата (Народен правобранител на РСМ, 2016). Понатаму, од извештаите се констатира дека Министерството за внатрешни работи спротивно на законските процедури што го уредуваат прашањето на задржување на странците во Прифатниот центар за странци, носи решенија со кои се ограничува слободата на движење на оваа категорија лица.

Од извршените разговори кои Народниот правобранител ги направил со поголемиот број од задржаните лица произлегува дека овие лица најчесто се задржуваат

во Центарот повеќе од еден месец, **а вистинската причина за нивното задржување е обезбедување нивно присуство како сведоци во кривичните постапки** што се водат против трети лица. Долготрајното задржување и ограничувањето на слободата на движење на лицата заради обезбедување нивно присуство како сведоци во постапките, е спротивно на сите правни начела и прописи, како во меѓународната, така и во домашната регулатива (Народен правобранител на РСМ, 2017).

Тимот на Националниот правен механизам во 2017 година изготвил и *посебен извештај* за состојбите во Прифатниот центар за странци во Гази Баба од кој се заклучува дека еден од најсериозните проблеми е продолжување со праксата на незаконито задржување на лицата во прифатниот центар со решенија на Министерството за внатрешни работи кои содржат образложение дека мигрантите се задржуваат заради утврдување на нивниот идентитет. Овие решенија не кореспондираат со реалната причина за задржување на мигрантите кои биле затекнати на лице место при откривање на кривичното дело криумчарење на мигранти**.** Анализата на судските списи покажува дека најчесто мигрантите не поседуваат лични документи, односно многу мала бројка на мигранти имаат евидентен лист издаден од Република Грција со име, презиме, датум на раѓање и земја на потекло. Оттука може да се констатира дека причината на задржување на оваа категорија мигранти е нивно обезбедување како сведоци во судската постапка, дотолку повеќе што од анализата на судските списи произлегува и околноста дека веднаш или неколку дена по нивното сослушување пред јавниот обвинител, истите мигранти, на кои не им бил утврден идентитетот, се префрлаат во Прифатен центар за баратели на азил за потоа самоволно да го напуштат центарот и да се упатат во непознат правец. Оттука се изведува заклучокот дека правниот основ наведен во решенијата за задржување, не кореспондира со фактичката причина поради која лицата се задржани во Прифатниот центар, односно заради нивно обезбедување како сведоци во судските постапки што се водат против трети лица (Народен правобранител на РСМ, 2018).

Од анализата на извештаите на НПМ произлегува дека во 2018 година се намалил бројот на задржани лица во Прифатниот центар за странци како сведоци во кривична постапка, меѓутоа задржаните лица не биле задоволни од времетраењето на судските постапки, истите не биле информирани до каде е постапката пред судот и уште колку време ќе бидат задржани. Воедно, останува нерешено **прашањето за правниот основ за нивно задржување за кој не е предвидена законска одредба во Законот за**

**кривична постапка,** поради што во решенијата за задржување се наведуваат правни основи за задржување дека лицата се баратели на азил или се работи за лица на кои треба да им се утврди идентитетот. (Народен правобранител на РСМ, 2019).

Од извештајот за 2019 година може да се забележи дека големо внимание се посветува на задржувањето на непридружуваните деца странци, чиј број, според извештајот, значително е зголемен, во сите четири сместувачки капацитети - Прифатните транзитни центри и во Прифатните центри за странци и за баратели на азил. Со овие деца се постапува согласно Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца – странци и секогаш им се назначува старател, но на истите во многу краток временски период им се губи трагот. На овие извештаи се надоврзува и анализата на списите од судските предмети во кои е нотирано или е испратено известување до судот, дека децата мигранти – сведоци во кривичната постапка, неколку дена по сослушувањето од страна на јавниот обвинител, своеволно го напуштаат прифатниот или транзитниот центар и заминуваат во непознат правец. Оттука произлегува потребата надлежните институции да преземат мерки за зајакнување на контролата врз непридружуваните деца заради овозможување соодветен третман и заради превенирање на самоволното напуштање на Прифатните центри, бидејќи станува збор за ранлива категорија на лица која е подложна на можна трговија со луѓе и друг вид на злоупотреба. Согласно начелото за „најдобар интерес на детето“, треба да се разгледа можноста за изнаоѓање соодветни алтернативи за сместување на непридружувани деца и останати ранливи категории на бегалци/мигранти и баратели на азил (Народен правобрантел на РСМ, 2020).

Во 2020 година, која е во знакот на пандемијата и почитување на мерките за КОВИД-19, период кога е прогласена вонредна состојба, една од мерките за справување со последиците од пандемијата е и одлуката на Владата на Северна Македонија според која сите нови баратели на азил, како и ново затекнатите лица со нерегулиран престој на територијата на Република Северна Македонија, првично во период од 25 дена, карантински да се сместуваат во Прифатно - транзитниот центар во Винојуг-Гевгелија (Влада на РСМ, 2020), на предлог на Министерството за труд и социјална политика. Овој период се карактеризира со недостиг на јасни правила за постапување кој влијае на недоволната координираност помеѓу претставниците на органите и организациите присутни во Центарот, во постапувањето со задржаните лица со нерегулиран престој на

територијата на Република Северна Македонија. За овие лица воопшто не постојат индивидуални решенија за нивно сместување, односно задржување во Центарот. Ваквиот начин на постапување го отвора прашањето за арбитрерноста на ограничувањето на слободата на движење. Според извештајот, најголемиот број од овие лица се задржани единствено заради потребата од нивно сведочење во кривичните постапки што се водат против криумчари на мигранти, а нивното задржување се базира на усните наредби и барања на јавните обвинители (Народен правобранител на РСМ, 2021).

Карактеристика на Годишниот извештај на НПМ за 2021 година е дека голем број од мигрантите се лишуваат од слобода и спроведуваат до пред полициските станици од општа надележност, но не се заведуваат во евиденциите за приведени, односно лишени од слобода или задржани лица и не се поучуваат за нивните права. Мигрантите за кои се смета дека би можеле да дадат информации за криумчарите се задржуваат заради потребата од нивно сведочење, односно давање на исказ во постапките поведени против криумчарите, додека другите се превезуваат до определени точки на зелената гранична линија на Република Северна Македонија со соседните држави заради протерување. За разлика од претходните извештаи опфатени во овој труд, на задржаните лица не им се дава никаков документ, односно решение за нивното задржување, не ги знаат причините за нивно задржување, и не знаат колку долго ќе бидат задржани. Според извештајот за 2021 година (Народен правобранител на РСМ, 2022) мигрантите кои треба да сведочат во судската постапка се сместуваат во прифатниот центар врз основа на телеграми испратени од Министерството за внатрешни работи во кои е наведено дека се работи за лица-сведоци кои е потребно да се спроведат и задржат се до нивно сослушување од страна на јавен обвинител, а потоа со потврда за предавање на лица им се „предаваат“ на претставниците од Министерството за труд и социјална политика. На овие мигранти им е ограничена слободата на движење бидејќи се затворени во т.н. контејнери со стандардна големина од 8 м2, контејнерите можат да ги напуштаат само со придружба од страна на службени лица од Министерството за внатрешни работи на кои им помагаат припадници на Армијата на Република Северна Македонија и истите се вооружени. Од извештајот произлегува дека на мигрантите им се одземаат и предмети - мобилни телефони доколку јавниот обвинител процени дека истите можат да послужат како доказ во судската постапка, но не се води евиденција за одземените предмети.

Мигрантите кои дале исказ пред јавниот обвинител, се депортираат до определена точка на зелената гранична линија, каде што им се даваат насоки да ја напуштат државата, а овие депортации од страна на службените лица се третираат како „помош“, односно „асистенција“ од страна на полицијата и армијата. Ваквиот третман на мигрантите за потребите на судската постапка несомнено претставува произволно задржување на лица, додека начинот на кој се задржани и на кој се постапува со нив во прифатниот центар може да се подведе под поимот на нехуман, понижувачки и деградирачки третман.

Поосле периодот опфатен со истражувањето, од 2015 до 2021 година, од страна на НПМ е изготвен само еден извештај за 2022 година, кој извештај по својата содржина не е разликува од извештајот за 2021 година по однос на задржување на сведоците мигранти во прифатните центри.

Во корелација на извештаите на Народниот правобранител, се и извештаите на **Македонското здружение за млади правници** кое поддржано од Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци при Обединетите нации во Скопје (УНХЦР), континуирано го спроведува проектот за застапување и обезбедување на бесплатна правна помош на барателите на азил и лицата под меѓународна заштита во постапките пред домашните државни и судски органи. Македонското здружение на млади правници кое повеќе години успешно работи во заштита на правата на овие лица изготви извештај кој претставува сеопфатен преглед на различните практики, политики и постапки во однос на системот на азил во Република Северна Македонија во 2021 година (Македонско здружение на млади правници, 2021). Извештајот ги истакнува главните предизвици со кои се соочуваат барателите на азил и лицата под меѓународна заштита за време на постапката за азил и при остварување на другите права. Овој извештај ја опфаќа и проблематиката со која се занимава овој труд при што во истиот е констатирано дека во Транзитниот центар Винојуг се задржувани лица како сведоци во постапка против криумачари на мигранти. За овие лица во Транзитниот центар Винојуг не било донесено никакво решение за сместување или задржување, а како причина за задржување се појавува сведочењето во кривична постапка, иако согласно позитивните законски одредби и норми ова не претставува основа за задржување.

Во оваа насока е и извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2021 (Directorate-General for Neighbourhood and Enlargement Negotiations , 2021) каде е наведено дека и во текот на 2020 година продолжило произволното притворање на лицата приведени при нелегален премин на границата во прифатниот центар за странци во Општина Гази Баба, со цел да се обезбеди нивно сведочење како сведоци во судските случаи против криумчарите.

Иако во сите меѓународни и домашни извештаи е констатирана оваа состојба сепак оваа пракса продолжува и претставува кршење на основните слободи и права на оваа категорија мигранти. Државата и државните органи и институции се оние кои треба да преземат иницијатива за почитување на важечкото законодавство, на востановените стандардни оперативни процедури со цел да престане праксата на задржување на сведоците мигранти во прифатните центри за потребите на судската постапка, да се почитува правото на слобода на движење како и да се пристапи кон итна измена на законите кои се релевантни за правно регулирање на оваа состојба.

## IV. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСТРАГАТА ЗА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

Имајќи предвид дека овој труд се однесува на доказната вредност на сведоците мигранти, со анализата ќе биде опфатена истрагата во кривичната постапка, обезбедувањето на доказите, како материјални така и вербални, кои се карактеристични за кривичните постапки за кривичните дела со криумчарење мигранти.

### 1. Дејствија кои ги презема полицијата под надзор на јавниот обвинител

Од анализираните кривични предмети за ова истражување се доаѓа до заклучок дека за кривичното дело криумчарење мигранти, јавниот обвинител секогаш постапува врз основа на кривична пријава на Министерството за внатрешни работи. Најчесто кривичната пријава кај овие кривични дела е составена и поднесена од страна на Секторот за гранични работи и прекугураничен криминал преку Регионалните центри за гранични работи и од Сообраќајната полиција. Во значителен дел од овие предмети токму овие полициски структури го откриваат овој облик на кривично дело, по што

пристапуваат кон примена на криминалистичка тактика, техника и методи на постапување.

Криминалистиката е наука која ги проучува, ги пронаоѓа и ги усовршува научните и врз практично искуство засновани методи и средства, кои се најсоодветни за откривање и за разјаснување на кривичното дело, да го открие и да го спроведе кон кривичната санкција сторителот, да се обезбедат и да се фиксираат сите докази заради утврдување на објективната вистина, како и да се спречи извршувањето на идните планирани и непланирани кривични дела (Саздовска & Николовски, 2018).

Криминалистиката како наука го опфаќа и криминалистичкото истражување кое според Мургоски (Ангелески & Мургоски, Вовед во криминалистиката, 2017) во социолошка смисла е вид на процедура како релативно автономна структура со различна улога независно од останатите општествени улоги, која е втемелена на работење за донесување исправни решенија. Процедурата се темели на својствата на струкурата: тоталитет, трансформација и авторегулација.

Имајќи предвид што опфаќа криминалистиката како наука,  особено значаен е делот на оперативната криминалистика, која се однесува на примена на конкретни мерки од страна на полицијата, со цел идентификување на сторителите и откривање на кривичните дела. Под оперативна криминалистика подразбираме теоретски систем на напластени и систематизирани знаења што се однесуваат на пронаоѓање, проучување и применување на глобални модели на проактивно и реактивно криминалистичко постапување во стратешки ориентираната борба против криминалот (Ангелески, Оперативна криминалистика, 2005).

Имено, полицијата веднаш по откривањето на кривичното дело криумчарење мигранти, презема дејствија кои согласно Законот за кривичната постапка се во нејзина надлежност. Полицијата, иако неформално, во практична смисла е главен субјект за спроведување на доказните дејствија во истрагата. Полицијата со  своите познавања на криминалистиката, оперативно-тактички мерки и дејствија ја обликува истрагата (Раденко & Милан, 2017). Од иницијативата на полицијата најчесто зависи и исходот на истрагата.

Според Законот за кривичната постапка, предистражната постапка се води со цел да му се обезбеди материјал на јавниот обвинител за да оцени дали основите на сомневање како првични сознанија преминале во основано сомневање, како повисок степен на сомневање заснован врз прибавените докази кои упатуваат на заклучокот дека определено лице сторило кривично дело и да му се овозможи на јавниот обвинител да донесе наредба за спроведување на истражна постапка против тоа лице (Калајџиев, и др., 2018). Најчести дејствија кои полицијата ги презема при откривање на кривичното дело криумчарење мигранти се: идентификување на мигрантите, задржување на осомничениот или осомничените, увид на лице место, фотографирање, преглед и претрес на лице и возило, подигање на траги од лице место, анализа на зрачење од базни станици, одземање на возило и препознавање.

Од анализата на предметите произлезе кога сторителите ќе бидат откриени од полицијата, во моментот на откривањето превезуваат мигранти, тие се обидуваат да избегаат од полицијата, возат брзо, скршнуваат од главниот пат, го оставаат возилото со мигрантите и бегаат од местото на настанот. Исто така, во овие случаи, бегаат и мигрантите поради разни причини, најчесто, бидејќи не поседуваат документи за идентификација, потоа страв дека ќе бидат задржани и ќе бидат субјект на кривична или административна постапка, како и желба побрзо да го продолжат транзитот низ државата за да стигнат до посакуваната дестинација. Во ситуација кога сторителот или и сторителот и мигрантите побегнале, на полицијата и останува задачата да ги обезбеди сите материјални докази кои ќе ја доведат истрагата до вистинскиот сторител. Најчесто по бегството се остава возилото во кое биле превезувани мигрантите од каде полицијата може да подигне биолошки траги и други докази кои се во интерес на истрагата.

Сторителите на овие кривични дела имаат свои извори во полицијата, кои навремено им јавуваат каде се поставени полициските пунктови, или многу често операцијата е планирана со возила „чистачи“ кои возат пред возилото со мигранти и тие ги известуваат за поставеноста на полицијата, по што возачите на криумчарените мигранти се даваат во бегство.

Овие ситуации, ја отежнуваат полициската активност во спроведувањето на истражните дејствија и обезбедувањето на доказите. За таа цел полициските службеници кои постапуваат на лице место имаат обврска да извршат темелен увид и да ги подигнат

сите докази кои се од значење за утврдување на вистината, откривање на сторителите и поднесување на кривична пријава, односно за спроведување на ефективна истрага.

При преземање на оперативно-тактичките мерки и истражните дејствија, согласно Законот за кривичната постапка, овластените службени лица, се должни веднаш да го известат надлежниот јавен обвинител и да постапуваат по неговите напатствија. Согласно овој закон јавниот обвинител има право и должност на постојана контрола врз полицијата при спроведување на овие дејствија, но може и сам да ги спроведува овие мерки.

Начинот на постапување на полицијата во случај кога постојат основи на сомнение дека станува збор за криумчарење на мигранти е предмет на континуирани обуки на полициските службеници. За таа цел од страна на Меѓународната организација за миграции (ИОМ) е изготвен Прирачник за рано откривање на случаи на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти за основно ниво на полициски службеници (ИОМ, 2010). Во прирачникот се дадени насоки за постапување во случај да постојат основи на сомнение дека станува збор за криумчарење мигранти, кои насоки треба да ги следат полициските службеници во ваков случај: кој треба веднаш да биде известен, како да постапат со претпоставениот (наводниот) криумчар, како да постапат со криумчарениот мигрант, каде да бидат однесени, кои дејствија смеат да ги преземат, а за кои да почекаат посебни единици од МВР, како и според кој закон и правилник треба да постапуваат. При постапувањето полициските службеници се должни да ги почитуваат човековите права на сите инволвирани лица.

Во прирачникот, посебен дел е посветен на начинот на постапување со непридружувани малолетници, како посебна ранлива категорија на лица, со акцент дека непридружувани малолетници, странски државјани не можат да бидат депортирани назад во своите матични земји. Согласно Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации (UNICEF, 1989) сите дејствија што се однесуваат на децата, без разлика дали се преземаат од страна на јавни или на приватни институции за социјална заштита, судови, административни институции или законодавни органи, основна грижа при преземањето на овие дејствија треба да бидат во најдобриот интерес на детето.

Заради обезбедување на законити докази кои потоа ќе можат непречно да се употребуваат во кривичната постапка дејствијата кои ги преземаат овластените службени лица во текот на предистражната и истражната постапка мора да бидат спроведени согласно законот. Во оваа насока јавното обвинителство има круцијално место во системот на контрола врз полицијата  и има право и должност да биде контролор врз законитото работење на полицијата. Оваа обврска е нотирана и во Препораката на Советот на Европа (Recommendation Rec (2000) 19 on the role of public prosecution in the criminal justice system) (Council of Europe, 2000), според која „Јавното обвинителство се грижи за законитоста на мерките и дејствата преземени во предистражната постапка и во таа смисла го мониторира почитувањето на човековите права од страна на полицијата и другите државни органи со посебни овластувања."

Едно од дејствијата кое согласно законот може да го преземе полицијата и кое е карактеристично за кривичните дела со криумчарење мигранти е „да сопре, легитимира и да изврши потребен преглед на лица, превозни средства и багаж ако постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се пронајдат траги на кривичното дело или предмети што можат да послужат како доказ" (Калајџиев, и др., 2018). При сопирање, полицискиот службеник ги врши потребните дејствија во време кое е нужно и неопходно за завршување на проверките. Полицискиот службеник врши преглед на лице со увид и проверка на облеката и обувките. Според Законот за кривична постапка преглед на превозни средства се врши со визуелна проверка на сите отворени и затворени простори и места во превозното средство и багажот кој се превезува . За  секој извршен преглед на лице, на превозно средство или на багаж, полицискиот службеник изготвува записник кој ги содржи сите потребни податоци за лицето кое го управувало, сопственоста на возилото, видот и марка на возилото, регистарски ознаки, утврдена фактичка состојба при прегледот како и кој полициски службеник од која организациска единица го презел дејствието.

Друго дејствие кое го презема полицијата во текот на полициските извиди е подигање на биолошки материјал за ДНК анализа, со кој може со сигурност да се идентификува сторителот на делото и да се елиминираат лицата кои не се сторители. ДНК анализата се покажала како успешен доказ во постапката во повеќе случаи од праксата, бидејќи сторителите побегнале од местото каде го оставиле возилото со мигрантите, но во возилото останале биолошки траги од кои со вештачење овозможиле

да се идентификуваат сторителите. ДНК анализата има доказна вредност по која можноста за поинакво толкување останува надвор од разумно сомневање (Sijerčić-Čolić, Vuleta, & Hadžiomeragić, 1999).“

Во постапките за криумчарење мигранти многу често се спроведува постапка за препознавање, ова од причина што криумчарените мигранти по започнување на постапката кратко се задржуваат во државата, со оглед дека не постои законска можност да бидат задржани исклучително за потребите на судската постапка. Оттука, препознавањето е дејствие кое може да послужи како релевантен доказ во кривичната постапка од кој би се утврдил идентитетот на сторителот. Криумчарените мигранти, кои воедно имаат статус на сведоци во постапката се оние кои имале контакт со сторителот на делото, кои договарале и преговарале за нивното преземање и транспорт и најдобро го познаваат сторителот. Од овие причини дејствието на препознавање е од особено значење за кривичната постапка.

Според Законот за кривична постапка препознавањето се врши со смотра, со групна идентификација, со видеофилм и со соочување. За да биде законито препознавањето мора да биде извршено во присуство на јавен обвинител. При препознавањето има право да присуствува бранителот, но неговото присуство не е задолжително.

Кога се спроведува дејствие на препознавање од страна на сведоците мигранти, покрај јавниот обвинител потребно е да е присутен и преведувач, бидејќи тие не го разбираат службениот јазик на Република Северна Македонија, а пред да пристапат кон препознавањето законот пропишал задолжително да дадат опис на лицето, за што се составува записник.

Криумчарите на мигранти перманентно го модифицираат и унапредуваат начинот на своето дејствување со што се отежнува нивното откривање со примена на стандардните истражни дејствија од страна на полицијата. Во услови кога криумчарите на мигранти не можат да се откријат со редовните оперативно-тактички методи на полицијата, а има сознанија дека криминалните групи дејствуваат во насока на извршување кривично дело криумчарење мигранти, се пристапува кон примена на посебни истражни мерки.

Посебните истражни мерки (ПИМ) се бараат, наредуваат и се спроведуваат од органите за спроведување на законот, разузнавачко-безбедносните служби и судовите ширум светот за борба против сериозниот криминал, вклучително и тероризмот, како и за да се избегнат опасностите по националната безбедност.

Посебните истражни мерки се дел од спектарот тајни средства и методи кои ги користат тајните служби и претставувале нивен ексклузивитет (Малиш М. С., 2005). Поради новите современи и софистицирани облици на криминалот примената на овие мерки веќе не е тесно поврзана со делувањето на тајните служби. Овие мерки се инструментариум со кој се служат сите служби кои се борат со организирани криминални групи, корупцијата, како и останатите новопријавени софистицирани облици на криминалитет кои не можат да бидат разоткриени со примената на класичните методи и средства кои ги познава криминалистиката (Малиш & Николовски, 2018 ).

Посебните истражни мерки, во корелација со другите материјални и вербални докази, имаат силен доказен капацитет во постапката за криумчарење мигранти. Се применуваат само во исклучителни случаи, кога на друг начин не може да се обезбедат цврсти докази. Најчесто наредба за примена на посебни истражни мерки се издава кога треба да се открие организирана група која криумчари мигранти, со точно определени улоги, која делува подолг период и соработува со криумчари од странство за конкретни износи.

## 2. Сведочење на мигранти во истражната постапка пред јавен обвинител

Едно од повеќето истражни дејствија кои ги презема јавниот обвинител во текот на истрагата е и дејствието сослушување на сведоци. Во постапките за криумчарење мигранти клучни сведоци се криумчарените мигранти и овој труд дава посебен осврт на начинот на нивно сослушување. Сепак, значајно е да се напомене дека покрај исказите на криумчарените мигранти, за потребите на кривичната постапка се сослушуваат и други сведоци кои биле очевидци или имаат сознанија за кривично-правниот настан, како и полициски службеници кои постапувале во предметот.

Согласно Законот за кривичната постапка, како сведоци во кривичната постапка може да се јават сите лица за кои е веројатно дека ќе може да дадат известување за

кривичното дело, за извршителот и за другите важни околности. Освен во Законот за кривична постапка, дефинициите на поимот сведок се дадени и во процесната и кривичната теорија. Важноста на дефинирањето на поимот сведок во теоријата и практиката е дотолку поголема и поради неговото интензивно учество и придонес во процесот на утврдување на правно релевантни факти (Атанасов, 2016).

Општо земено, сите теоретичари и нивните дефиниции за поимот сведок можат да се класифицираат во две групи. Теоретичарите кои зборуваат за знаење, искуство или само за изјави на сведоци припаѓаат на првата група (Vodinelić, 1988), односно кој при дефинирањето на поимот „сведок" како важна карактеристика потенцира дека се работи за физичко лице, различно од обвинетиот, кој знае нешто за кривичното дело и сторителот или за фактите што се утврдени во кривична постапка, а кој е поканет од органите на постапката да зборува за тоа (Радуловић, 2002). Кога станува збор за теоретичарите кои припаѓаат на втората група, покрај карактеристиките предвидени од претставниците на првата група, тие нагласуваат дека сведокот за предметот на сведочењето сведочи врз основа на сопствената сетилна перцепција.

Според Водинелиќ, сведок е такво незаменливо (суштинска карактеристика) физичко лице (заедничка карактеристика), различно од обвинетиот (суштинска карактеристика), кое сведочи врз основа на сопственото сетилно набљудување и едноставни оценки, кои по правило настанале во минатото, случајно и спонтано, надвор од кривичната постапка, по правило, има карактер на лаичко знаење, а се однесува на кривично правно релевантни факти, посредни и помошни факти ad rem и personam и се изјаснува пред судот (Vodinelić, 1988).

Услов за повикување на едно лице како сведок е веројатноста дека ќе даде податоци за релевантните околности. Како сведок може да биде повикано секое лице, без оглед на возраста, доколку е способно да го репродуцира тоа што го знае, а е во врска со кривичното дело, со сторителот или со други околности важни за водење на кривичната постапка (Калајџиев, и др., 2018).

Децата можат да се појават во кривичната постапка во својство на сведок независно од возраста и психо-физичкиот развој. Не може да се сослуша како сведок малолетно лице кое со оглед на возраста и душевната развиеност не е способно да го

сфати значењето на правото дека не мора да сведочи (Лукић & Самарџић, Малолетници у кривичном поступку, 2012). Од овие причини, судијата или јавниот обвинител, пред да донесе одлука дали ќе го сослуша малолетникот треба да побара од странката која го предложила сведокот да образложи да поднесе докази за способноста на малолетникот да сведочи. Во овие случаи потребно е да се прибави и мислење од психолог и социјален работник.

Во кривичните постапки за криумчарење мигранти, клучни сведоци се мигрантите кои биле криумчарени. Надлежен јавен обвинител, како dominus litis на истрагата по донесување наредба за спроведување истрага и формално започнување на истрага против одредено лице или непознат сторител на кривично дело, кога постојат основи на сомневање дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, е овластен да презема доказни дејствија по одреден редослед за да се постигне целта на истрагата, односно да собере доволно докази и податоци врз основа на кои би можел да одлучи дали ќе поднесе обвинителен акт или ќе ја прекине постапката. Во рамките на овие процесни дејствија јавниот обвинител ги повикува и ги сослушува мигрантите во текот на истражната постапка за што составува записник.

Кога во постапката која се води за делото криумчарење на мигранти како сведоци се јавуваат мигрантите, се наметнува прашањето за обезбедување на нивно присуство на главната расправа. Република Северна Македонија во најголем број случаи е перцепирана како транзитна земја од страна на мигрантите, што значи дека тие не се задржуваат долго на нејзина територија. Оттука, органите за прогон се соочуваат со проблем на обезбедување на сведочењето на мигрантите на главната расправа, која може да се одржи и неколку месеци по поднесувањето на обвинението (Роања, 2019).

Од овие причини од клучно значење е испитувањето на мигрантите сведоци во текот на истрагата, бидејќи согласно судската пракса, која се рефлектира и во анализираните предмети за овој труд, речиси да нема случај кога сведок мигрант е сослушан на главната расправа пред судот. Од овие причини јавниот обвинител е должен да ја запази законската процедура при земањето исказ од сведоците мигранти, за истите да имаат доволен доказен капацитет во постапката пред судот.

Сведоците мигранти по правило исказите ги даваат во просториите на јавното обвинителство. Законот предвидува дека сведоците кои поради старост, болест или

тешки телесни мани не можат да се јават на поканата, можат да бидат испитани во својот дом или на друго место каде што се наоѓаат.

Законот предвидува дека сведоците се испитуваат одделно. Тоа значи дека во претходна постапка кај јавниот обвинител секој сведок се испитува насамо и при неговото испитување не може да присуствува друг сведок. Целта на ваквиот начин на испрашување на сведокот е да се избегнат намерни или ненамерни влијанија врз сведокот кој сè уште не дал исказ и евентуално прилагодување на неговото сведочење (Grubač, 2009). Пред да почне да го испитува, јавниот обвинител е должен да го предупреди сведокот дека е должен да ја зборува вистината и дека не смее ништо да премолчи, дека давањето лажен исказ претставува кривично дело, како и дека не е должен да одговара на одделни прашања, ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или својот близок роднина на тежок срам, на значителна материјална штета и на кривично гонење.

Карактеристично за сведоците мигранти е делот од записникот за сведочење во кој се земаат нивните генералии, бидејќи валидноста на овие податоци треба да биде утврдена со документ за идентификација. При земањето генералии на сведокот мигрант, како име и презиме, место на живеење, дата на раѓање во најголем број случаи нема потврда со документ за идентификација, бидејќи таков документ немаат и во вакви ситуации се верува на податоците кои мигрантите ќе му ги дадат на јавниот обвинител. Анализата на кривичните предмети покажа дека во најголем број случаи МВР во своето известување констатира дека „мигрантите немале документи и земени се податоци (генералии) по нивно кажување“.

Бидејќи сведоците мигранти се странци кои мигрирале од друга држава не го разбираат службениот јазик на република Северна Македонија, јавниот обвинител е должен да обезбеди преведувач во текот на нивното испитување.

Имајќи ја предвид судската пракса според која најчесто сведоците мигранти се заминати од државата и не можат непосредно да бидат сослушани на главната расправа, иако јавниот обвинител нема законска обврска, добро е да го повика бранителот на обвинетиот да биде присутен на сослушувањето со цел да може да поставува вкрстени прашања на кој начин би се запазило начелото на контрадикторност на судската постапка уште во нејзината рана фаза.

Во оваа насока е и одредбата од Законот за кривичната постапка од членот 225 со која законодавецот дава можност за визуелно-тонско снимање при испитување на сведокот. Доколку оваа одредба се примени во праксата во предметите со криумчарење на мигранти, би се отстранил секој сомнеж на одбраната и судот во понатамошната постапка за начинот на кој бил испитан сведокот мигрант.

## V. УТВРДУВАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТ И ВОЗРАСТ НА МИГРАНТИТЕ

### 1. Деца мигранти сведоци во кривичната постапка

Покрај полнолетните сведоци мигранти, во овие кривични постапки, особено во постапките кога на сторителот на делото му се става на товар криумчарење на малолетник како потешка квалификација на делото, сведочат и деца мигранти. Во кривичните постапки воопшто законот пропишува дека постои можност да се сослуша дете сведок во придружба на родител, меѓутоа во кривичните постапки кои се однесуваат на криумчарење мигранти има ситуации кога има потреба да сведочи дете мигрант кое е без придружба. Детето сведок без придружба влегува во ранливата категорија мигранти и за него важат посебни процедури за постапување во овие кривични постапки.

Пред да зборуваме за процедуралниот дел за постапување со оваа категорија сведоци овој труд кратко ќе даде осврт на теориите за деца сведоци во кривичните постапки. Во контекст на децата сведоци во кривичната постапка постојат две филозофски теории кои може да дадат поширок контекст.

Првата теорија е **пристап заснован на права (деонтолошка етика),** овој пристап е често поврзан со филозофи како Имануел Кант, се фокусира на вродените права и должности што ги поседуваат поединците. Во случај кога зборуваме за деца сведоци, оваа теорија ги нагласува правата на децата да бидат заштитени од штета и експлоатација, како и нивното право на правичен третман во рамките на системот на кривичната правда. Овој пристап ја нагласува должноста на општеството и правните системи да им дадат приоритет на благосостојбата и правата на децата, вклучително и обезбедување соодветна поддршка и сместување за децата сведоци за време на судските и други постапки пред институциите (Kant, 1785).

Втората теорија е **теорија на утилитаризам**, утилитаризмот, предложен од филозофите како Џереми Бентам и Џон Стјуарт Мил, ги оценува дејствата врз основа на нивните последици и се обидува да ја максимизира севкупната среќа или корисност. Во контекст на децата сведоци, утилитарната перспектива ќе даде приоритет на минимизирање на штетата и промовирање на поголемото добро за повеќето од нив. Оваа теорија се залага за правни процедури погодни за децата кои ја намалуваат траумата и стресот кај децата сведоци, односно намалување на штетата и максимизирање на севкупната корист во општеството (Mill, 2001).

Овие филозофски рамки обезбедуваат теоретска основа за разбирање и евалуација на третманот на децата сведоци во рамките на кривичните постапки, нагласувајќи ја важноста на етичките размислувања и потрагата по правда, истовремено зачувувајќи ја благосостојбата на ранливите поединци.

Децата сведоци уживаат засилена заштита и поддршка од сите институции, органи и поединци во системот на правда за децата, со цел да се намалат негативните последици врз нив од кривичното дело и да се спречи негативното влијание на постапувањето на институциите врз правилниот развој на детето, како и да се поттикнат да побараат заштита пред надлежен суд кога е тоа потребно.

Децата можат да се појават во кривична постапка како сведоци независно од возраста и психофизичкиот развој. Сепак, не може да се испита како сведок малолетникот кој со оглед на возраста и психичкиот развој не е способен да ја разбере важноста на правото да не сведочи. Во постапката се јавува проблем од практична природа кога треба да се донесе одлука за способноста на малолетникот да го разбере значењето на предупредувањето дека не мора да сведочи (Лукић & Самарџић, Малолетници у кривичном поступку, 2012).

Бидејќи во постапките за криумчарење мигранти сослушувањето најчесто го врши јавниот обвинител и тој доаѓа во прв контакт со малолетникот, пред да донесе одлука, треба да се консултира, односно да побара мислење од психолог социјален работник за способноста на детето да сведочи. Од овие причини, секогаш кога се сослушува малолетно лице јавниот обвинител го сослушува во присуство на старателот од Центарот за социјална работа.

Според стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца странци во случаи на учество во кривичната постапка, со детето се постапува на начин што ќе значи почитување на неговите права како ранлива категорија во согласност со одредбите на Конвенцијата за правата на детето и истовремено, и почитување на националното законодавство. Непридружуваниот малолетник – дете сведок може да се јави во постапка против сторители на кривично дело криумчарење мигранти и во постапка против сторители на друго кривично дело, кое се гони по службена должност. Заштитата на оваа категорија на сведоци во сите фази од постапката ја дава старател или стручен тим од Центарот за социјална работа и правен полномошник кој обезбедува бесплатна правна помош и УНХЦР. Непридружуваниот малолетник – дете сведок треба да се користи како сведок само во исклучителни случаи, кога е тој единствениот сведок и не постојат други докази во постапката против сторителите. Потребно е, од страна на старателот и правниот полномошник, пред постапката за сведочење да биде подготвен како сведок, на начин и јазик што ги разбира според неговата возраст и зрелост да го сфати значењето на постапката.

Според стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца странци државата обезбедува еднаква заштита и кога тие ќе се јават во улога на оштетен како последица на кривично дело, жртва на кривичното дело трговија со луѓе и сведок/оштетен како последица на кривичното дело нелегален пренос на мигранти. Кога детето мигрант сведок е жртва на кривично дело, правниот полномошник ќе иницира постапка за компензација во корист на жртвата поради последиците од кривичното дело. Правниот полномошник и старателот учествуват, со детето жртва во текот на целата постапка, заради негово запознавање, како и заради заштита на неговите права и интереси.

Во извештаите на Народниот правобранител е констатирана состојба дека не се почитуваат целосно правата на непридружуваните деца мигранти. Тие се задржуваат во Прифтаниот центар за странци во кој им е ограничена слободата на движење и во поголем број случаи им е поставен старател од Центарот за социјална работа. Но има случаи и кога старател воопшто не е поставен. Исто така констатирано е дека често децата мигранти без знаење на надлежните органи ја напуштаат државата сами или со група мигранти кои продолжуваат кон земјите кои се нивна посакувана дестинација.

Децата претставуваат особено ранлива група која државите се обврзаа да ја заштитат согласно Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето (United Nations Children’s Fund, 2018). Многубројните истражувања покажуваат дека децата во движење се соочуваат со поголеми ризици да станат жртви на трговија со луѓе, експлоатација, насилство или злоупотреба (IOM, 2018). Според извештајот на ИОМ од 2018, за да се смисли адекватен одговор за заштита и подобро да се идентификуваат ранливостите на децата мигранти, нивните потреби и како политиката за миграција и азил може да влијае врз нив, идеално би било да се знаат основните демографски карактеристики на децата, како што се нивната возраст и пол, од каде доаѓаат, каде одат, зошто се селат и дали патуваат сами или со своите семејства.

Оттука произлегува обврска за државаните органи да посветат должно внимание кон овие малолетници, да ги заштитат додека престојуваат во државата на начин што ќе ги почитуваат нивните права како ранлива категорија лица и нема да дозволат да се изложат на ризик да станат жртви на некое друго кривично дело.

## 2. Постапка за утврдување на возраст на сведоците мигранти – дете или возрасен

Утврдувањето на возраста на сведоците мигранти пред се е важно од аспект на правната квалификација  на кривичното дело што им се става на товар на криумчарите на мигранти. Имено, доколку меѓу криумчарените мигранти има деца, законски предвидената казна затвор е многу повисока, односно ако мигрантите се полнолетни минималната пропишана казна е четири години затвор, но доколку има дете мигрант тогаш минималната пропишана казна е осум години затвор. Според УНИЦЕФ децата мигранти без оглед дали се со придружба или без придружба, одделени од своите фамилии и пријатели се сметаат за ранливи категории (UNICEF, Guidance for the protection, care and assistance of vulnerable child migrants , 2019), оттука е предвидена и построга казнена политика за деца мигранти.

Мигрантите најчесто немаат документи и доколку се погледне праксата на судовите во Република Северна Македонија во периодот опфатен со истражувањето ќе се забележи дека за утврдување на возраста на мигрантите кога е спорно дали е дете или полнолетен, се верува на исказот на детето мигрант, на исказите на другите мигранти од групата, како и на фотографиите. Ова произлегува и од анализираните пресуди кои се

предмет на истражувањето, односно возраста на мигрантите се утврдува врз основа на нивните искази. Секако дека за судот не е спорно доколку е очигледно дека мигрантот е малолетен, но спорниот момент се јавува кога лицето е на возрасна граница помеѓу полнолетен и малолетен, кога тешко не може со сигурнот да се утврди возраста.

При постоењето на оваа дилема, кога не може да се утврди возраста, од една страна се доведуваат во прашање основните човекови слободи и права поради неможноста на мигрантите да ја докажат својата возраст што може да ја зголеми оваа ранливост и ризикот да бидат подложени на насилство, експлоатација, злоупотреба и/или да станат жртви на трговија со луѓе. Од друга страна, не постоење можност за докажување на возраста на нерегуларниот мигрант и правилото на меѓународните организации, ставот на UNICEF (UNICEF, Guidance for the protection, care and assistance of vulnerable child migrants , 2019), дека во случај да не може да се докаже возраста на мигрантот истиот ќе се смета дека е дете, оди на штета на обвинетите лица во кривичната постапка во контекст на правната квалификација на делото и потенцијална можност за изрекување двојно повисока кривична санкција.

Ваквата ситуација доведува до **судир** *на правилото на меѓународната заедница мигрантот да се смета за дете кога со сигурност не може да се утврди неговата возраст* и да се постапува согласно Конвенцијата за правата на детето според принципот *in dubio pro reo*, односно одлучување на начин поповолен за обвинетиот пропишан во член 4 од Законот за кривичната постапка, според кој “за сомневањето во однос на постоењето или непостоењето на фактите што го чинат обележјето на кривичното дело или од кои зависи примената на некоја одредба од Кривичниот законик, судот ќе одлучи на начин поповолен за обвинетиот“.

Бидејќи во праксата има и случаи каде и сторителот на овие кривични дела е дете во судир со законот, (Trendafilova, Gruevska, & Ristova, 2023) се поставува прашањето кое од овие две начела ќе се примени за тој обвинет, а да не е на штета ниту на сведокот мигрант, ниту на детето во судир со законот што сторило кривично дело криумчарење мигранти во кое има малолетник. Оваа правна дилема наметнува прашања во теоријата и праксата, кое од двете начела има поголема правна сила, кое начело во која ситуација преовладува и од кои причини, особено во ситуација кога сторителот на делото криумчарење мигранти е дете, а за сведокот мигрант се претпоставува дека е дете?

Кога зборуваме за утврдување на возраста на сведоците мигранти повторно излегува на површина прашањето за брзото заминување на мигрантите од државата и можноста за брзо утврдување на возраста без при тоа мигрантите да бидат неосновано долго задржани.

Дали е правилна праксата на судовите во Република Северна Македонија да се верува на другите мигранти од групата дека некое лице е малолетно, во услови кога не постојат документи за идентификација или други докази од кои може да се утврди возраста? Кои се меѓународните стандарди за утврдување на возраста на лицето, кое право е појако во конкретниот случај, кому треба да му се поклони верба и дали се потребни други докази?

Утврдувањето дали мигрантот е дете или возрасен често вклучува комбинација од правни процедури, медицински проценки и истражни процеси. Судската практика околу ова прашање може да варира во зависност од законодавството и специфичните околности на секој случај. Како вообичаени практики за одредување на возраста на мигрантите се:

1. *Документација и верификација на идентитетот*: надлежните државни органи може да ги проверат документите за идентификација на мигрантите, како што се изводите на родени, патните исправи или личните карти за да ја утврдат нивната возраст, меѓутоа, во многу случаи, мигрантите не поседуваат такви документи или се доведува во прашање нивната веродостојност. На пример, од анализираните судски предмети може да се забележат случаи кога мигрантите што илегално влегле од Грција со себе носат документ за идентификација кој им го издала Грција, а не државата на потекло.

2. *Физички прегледи*: За утврдување на идентитетот може да се спроведат и физички прегледи од страна на медицинските експерти за да проценат определени физички карактеристики кои укажуваат на определена возраст на лицето. Треба да се истакне дека и овие методи не се секогаш прецизни и можат да бидат предмет на толкување.

3. *Интервјуа и сведоштва*: Мигрантите може да бидат интервјуирани за да дадат информации за нивното потекло, семејна историја и лични искуства. Овие интервјуа можат да помогнат да се одреди нивната возраст врз основа на фактори како што се владеење на јазикот, нивото на зрелост и конзистентноста на изјавите.

4. *Социјални услуги и старателство*: Во некои случаи, социјалните работници или органите за старателство може да бидат вклучени во проценката на возраста на поединецот врз основа на карактеристики на однесувањето, животната ситуација и потребите на лицето.

5. *Правни претпоставки и стандарди*: Некои законодавства имаат правни претпоставки или стандарди во однос на возраста на мигрантите, како на пример да се претпостави дека поединците се малолетни ако се појавуваат под одреден возрасен праг, ако немаат доказ за полнолетство или ако службени лица сметаат дека лицето е на возраст над 18 години.

Севкупно, судската пракса во одредувањето дали мигрантот е дете или возрасно лице вклучува повеќеслоен пристап и зема предвид различни фактори и докази за да се дојде до заклучок за возраста.

Со овој проблем не се соочува само Република Северна Македонија, со овој проблем се соочуваат и надлежните органи во Велика Британија. Откриено е дека повеќе од 1.100 возрасни лица лажно тврделе дека се деца од јуни 2016 до септември 2021 година (Watch, 2021). Министерството за внатрешни работи на Велика Британија лажното тврдење на возрасните мигранти дека се деца го смета за сериозен проблем и преземени се конкретни мерки за негово решавање. Очигледно, криумчарите ја откриле оваа сериозна дупка и ги информираат мигрантите со млад изглед да ги уништат личните документи и да тврдат дека се деца. Децата без придружба имаат поголема веројатност да добијат азил и помали се шансите да бидат притворени или отстранети доколку нивното барање е одбиено (Watch, 2021). Но, одлуката на Врховниот суд на Велика Британија од јули 2021 година ја утврдила како законска политиката која се применувала

пред 2019 година за третман на барателите на азил кои тврдат дека се деца, ако двајца службеници од Министерството за внатрешни работи мислат дека лицето значително изгледа како да има над 18 години (Court, 2021).

Република Србија се соочува со проблемот на утврдување на возраста на мигрантите кога мигрантот ќе се јави како сторител на кривично дело, односно ќе дојде во судир со законот и кога е спорно да се утврди врз основа на физичкиот изглед дали се работи за малолетно или за полнолетно лице (Obradović D. , 2018). Според Обрадовиќ, првиот проблем со кој се соочува полицијата е како да го идентификува мигрантот кога најголемиот број од нив не поседува лични документи. Во ваква ситуација припадниците на полицијата мораат да ги прифатат личните податоци кои ќе им ги дадат самите мигранти во однос на име и презиме, од каде доаѓаат и која е земјата на потекло. Овој проблем е посебно изразен кога се работи за деца, а особено за деца без родителска придружба. Во ваква ситуација возраста на мигрантот е потребна за правилна примена на законот односно дали за мигрантот ќе се води кривична постапка како за полнолетно лице или како за дете во судир со законот. Сепак заклучокот е дека во Република Србија надлежните органи за спроведување на законот постапуваат на ист начин како и надлежните органи во Република Северна Македонија. По правило, полицијата и јавните обвинители во тој случај ја прифаќаат изјавата на мигрантот за возраста, без посебна проверка на точноста на податоците, па често го третираат како малолетник во спорни ситуации и ја упатуваат кривичната постапка до јавните обвинителства и судови кои се надлежни да постапуваат спрема малолетниците. Тоа прашање го оставаат отворено, судот да го реши како што мисли дека треба - да го прифати нивниот став, само врз основа на изјавата на тој мигрант во судир со законот дека има помалку од 18 години.

Во Република Србија, на овој проблем со утврдување на возраста на мигрантите спрема кои е поведена кривична постапка, прв укажал судијата Ференц Молнар на Панел дискусијата и округла маса на тема "Миграции, безбедност и човекови права" одржана во Нови Сад во 2017 година. Тој го изложил случајот кога еден мигрант бил обвинет за тешко убиство, а вештачењето во однос на возраста го направил вештак специјалист од областа на ендокринологијата. Вештото лице не можело прецизно да се изјасни за возраста на мигрантот и во своето мислење навел дека би можело да се заклучи дека момчето има 18 години или е постар, меѓутоа мора да се има предвид и етничката

припадност која се карактеризира со забрзано созревање, поради што не може со сигурност да се утврди хронолошката возраст.

Во декември 2022 година Комитетот на министри на Советот на Европа усвои нова Препорака до земјите-членки за принципите на човековите права и насоките за проценка на возраста во контекст на миграцијата (Council of Europe, 2022). Оваа препорака е првиот меѓународен правен инструмент кој ги поставува стандардите за човекови права за проценка на возраста во контекст на миграцијата.

Препораката CM/Rec(2022)22 на Комитетот на министри до земјите-членки за принципите на човековите права и насоките за проценка на возраста во контекст на миграцијата (Council of Europe, 2022) е усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа на 14 декември 2022 година.

Со оваа препорака се охрабруваат владите на земјите-членки да ги преземат или зајакнат, во нивното законодавство или практика, сите мерки што ги сметаат за неопходни со цел имплементација на принципите и насоките предвидени во истата. Во однос на проценката на возраста во контекст на миграцијата, фундаменталниот принцип е почитувањето на достоинството на секое дете како човек и носител на права. Законите, процедурите и практиките во врска со проценката на возраста треба да се засноваат на почитување на човековите права и основните слободи. Државите треба да се осигураат дека лицето кое е подложено на проценка на возраста се претпоставува дека е дете, освен ако не се утврди поинаку преку процедура за проценка на возраста. Државите треба да имаат јасно воспоставен процес за проценка на возраста кој има мултидисциплинарен пристап, заснован на знаење, методи и практика засновани на докази и каде во центар на процесот е детето. Медицински преглед за целите на проценка на возраста треба да се преземе само кога има разумен сомнеж за проценетата возраст на лицето и откако ќе се исцрпат другите мерки од мултидисциплинарниот пристап, со почитување на принципите на пропорционалност и најдобрите интереси на детето. Препораката предвидува да постои јасна рамка која упатува во кој случај ќе се врши проценка на возраста. Проценката на возраста треба да ја вршат професионалци, во согласност со релевантните професионални обврски и стандарди, а треба да се обезбеди и соодветна професионална обука за сите вклучени во проценка на возраста и сродните процедури. За одлуката за проценка на возраста која произлегува од мултидисциплинарната

постапка детето треба да биде известено на пријателски начин прилагоден кон деца, известувањето треба да вклучи информација за правните и фактичките причини за одлуката за проценка на возраста како и достапни информации за ефективен правен лек. Во текот на постапката треба да се гарантира правото на детето на приватен и семеен живот во контекст на обработката на личните податоци заради проценка на возраста. Државите се охрабруваат да промовираат истражување, размена на добри практики и соработка со цел да се обезбедат процедури за проценка на возраста во согласност со човековите права.

Оваа препорака на Советот на Европа е нова (донесена е во декември, 2022 год.) и е потребно државата да пристапи кон спроведување на насоките предвидени во неа.

## VI. ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗ – СОСЛУШУВАЊЕ СВЕДОЦИ МИГРАНТИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

- ***Начела на контрадикторност и непосредност***

Круцијалната реформа на кривичната постапка во Република Македонија започна во 2013 година кога се пристапи кон имплементација на Законот за кривична постапка од 2010 година (Службен весник на Република Македонија, 2010). Реформата предвидува внесување акузаторни елементи во текот на главната расправа која што е подигната на ниво на централен стадиум на постапувањето. Во новиот концепт на главната расправа се забележува пасивизација на судот како неутрален арбитер за сметка на нагласена активност на страните, засиленоста на дел од фундаменталните начела за текот на главната расправа како што се непосредноста, усноста, јавноста и контрадикторноста (Олга Кошевалиска, 2014).

Начелото на непосредност претпоставува изведување на сите вербални и материјални докази на јавна и усна расправа со цел врз нив да се заснова објективната одлука на непристрасниот суд. Потребно е судот да има директен контакт со изворот на податоци и да има можност истиот да го процени (Матовски, 2009).

Непосредното изведување и оценување на доказите го надминува простото логично заклучување и додава финеси кои можат да се добијат само со директно континуирано

присуство при изведувањето на доказите, што понекогаш е особено битно за случајот кој се гради (Олга Кошевалиска, 2014). Затоа законот предвидел исклучоци од принципот на непосредност само во случај на испитувањето на заштитен сведок, читањето или репродуцирањето на искази на записник дадени во доказното рочиште, како и кога лицето кое го дало исказот починало, душевно заболело или станало недостапно за органите на кривичниот прогон.

Според Шкулиќ начелото на непосредност во изведувањето на доказите е класифицирано како доказно начело и подразбира дека не постои посредник меѓу изворот на сознанијата и кривичниот суд и дека судот одлучува првенствено врз основа на она што го утврдува од аспект на фактите (Škulić, 2018)“, односно дека дејствијата врз кои ќе се заснова судската одлука треба да бидат изведени директно пред судот. Во акузаторниот судски модел на кривична постапка каде доказната активност не е во судот туку на странките, начелото на непосредност добива поголемо значење и се смета за составен елемент на концептот на „фер судење“ чија „правичност“ се гледа пред се од перспективата на странките, а не на судот (Bajović, 2020).

Иако начелото на непосредност не е изречно наведено во одредбите на Законот за кривичната постапка, на истото се повикуваат некои членови од законот, кога предвидуваат под кои услови може да се отстапи од ова начело. Во оваа смисла членот 383 од Законот за кривичната постапка пропишува дека при изведувањето на доказите во текот на доказната постапка предвидени се три начини на испитување на сведок, вештак или технички советник. Испитувањето може да се врши директно, вкрстено и дополнително, а тоа е возможно само ако сведокот, вештак или технички советник се лично присутни на главната расправа. Преку директното, вкрстеното и дополнителното испитување на сведоците се овозможува судот непосредно да слушне што знае сведокот во врска со конкретното кривично дело и сторителот, како и да добие свое убедување за веродостојноста на исказот даден од сведокот кој бил испитан.

Непосредноста како карактеристика на текот на главната расправа му овозможува на судијата да го цени секој доказ посебно, потоа да ги цени доказите последователно со што ќе добие целосна слика за битните елементи на случајот. Непосредното и директно изведување на доказите во кривичната постапка овозможува нивно правилно валоризирање од страна на судот. Непосредното изведување и

оценување на доказите го надминува простото логично заклучување и додава финеси кои можат да се добијат само со директно континуирано присуство при изведувањето на доказите, што понекогаш е особено битно за случајот кој се гради (Олга Кошевалиска, 2014).

И покрај тоа што тежиштето на концептот на ЗКП е ставено на главната расправа како фаза во која се изведуваат доказите, во контрадикторна постапка, сепак во текстот на законот, во членот 388 се предвидува исклучок од непосредното изведување на доказите. По правило, во текот на главната расправа доказите што ги предложиле странките се изведуваат непосредно од нивна страна, се врши непосредно испитување на сведоците, без оглед на тоа дали тие биле испитани пред јавен обвинител, или пак дале своја изјава пред бранителот на обвинетиот во рамките на дејствијата на одбраната. Во оваа одредба децидно е наведено дека испитувањето на сведокот не може да биде заменето со читање на записникот од неговото испитување пред јавен обвинител, или на писмената изјава за известувањата дадени пред бранителот на обвинетиот.

Законот предвидува исклучок од непосредното сослушување на сведоци на главната расправа, односно дека записници за дадени искази пред јавен обвинител, може со одлука на судот да се изведат како доказ со читање или репродуцирање, ако лицето кое го дало исказот починало, душевно заболело или и покрај сите со закон предвидени средства за негово пронаоѓање останало недостапно (Калајџиев, и др., 2018).

Начелото на непосредност е тесно поврзано со начелото на контрадикторност во судската постапка, кое овозможува рамноправно учество на двете страни во постапката и на кои им гарантира рамноправно учество и еднаквост на оружјата во процесот на докажувањето. Во насока на анализата на овој труд начелото на контрадикторност е поврзано со законската можност на одбраната вкрстено да ги испитува сведоците на обвинителството со цел да ја докаже својата теорија на случај. Видно од анализата одбраната ја нема процедуралната можност за вкрстено испитување на мигрантите сведоци, бидејќи во време на закажување на главната расправа тие се заминати од државата и станале недостапни за органите на кривичниот прогон. На овој начин се доведува во прашање почитувањето на начелото на еднаквост на оружјата во ситуација кога одбраната и со сета своја умешност и спремност нема можност ниту да се обиде да го дискредитира сведокот на јавното обвинителство.

Иако законот предвидува отстапување на начелото на непосредност ако лицето кое го дало исказот починало, душевно заболело или и покрај сите со закон предвидени средства за негово пронаоѓање останало недостапно, од анализата на предметите произлегува дека читањето на исказите на сведоците мигранти се врши само од причина што тие станале недостапни за органите на прогонот бидејќи самоволно го напуштиле прифатниот центар и се упатиле во непознат правец.

Праксата покажува дека во судските постапки изведувањето како доказ на записниците во кои е содржан исказот на мигрантите сведоци, наместо исклучок станува правило. Секогаш кога доказот не може да се изведе непосредно пред судот, односно сведокот е недостапен и неговиот исказ се репродуцира пред судот, без можност за негово вкрстено испитување од страна на одбраната, се појавува одреден степен на сомнеж во доказниот капацитет на исказот. Токму тука е вистинскиот проблем што се појавува со одредбите кои, можеби недоволно јасно формулирани во законот, оставаат простор за различното толкување на ситуациите, кога, под кои услови и во кој опсег може да се користат исказите од претходна постапка дадени пред јавниот обвинител. Не би било добро доколку, сакајќи да побегнеме од претходната практика, одиме во друга крајност наметнувајќи го погрешниот став дека сите изјави прибрани во текот на претходната постапка пред јавниот обвинител не треба да имаат никаква доказна вредност во текот на постапката или, пак, да не смее врз нив да се заснова пресудата.

Ова прашање е вредно за дискусија бидејќи од една страна постои потреба мигрантите да сведочат во интерес на борбата против организираниот криминал за откривање на криумчарите на мигранти, од друга страна државата стои пред предизвикот за заштита на слобода на движење на мигрантите кои се задржуваат во прифатните центри за целите на судската постапка и третиот аргумент е овозможување на правично и фер судење на обвинетите во судска постапка преку спроведување на законита постапка.

# VII. АНАЛИЗА НА ДОКАЗИТЕ И КОНЕЧНА ОДЛУКА НА СУДОТ

## 1. Анализа на доказите и одлука на судот

Судската одлука е еден од основните поими на кривичното процесно право и со нејзиното донесување се изразува ставот на кривичниот суд кој произлегува од утврдените факти во текот на постапката во однос на основаноста на обвинението.

Правилното утврдување на фактичката состојба кое се остварува со изведување и оценка на доказите е првата и најважна задача на секоја постапка и преставува најглавна и најобемна активност во судењето, по што следуваат заклучоци и судови за значењето на утврдените факти (Васиљевић, 1981). Во образложението на пресудата се образложуваат докази врз основа на кои е утврдена фактичката состојба содржана во изреката на пресудата и истовремено се даваат причини за решителните факти врз основа на кои судот ја донел конкретната одлука. Судот дава образложение и за околностите кои биле од значење за одмерување на видот и висината на кривичната санкција, законски основ за одземање на предмети како и образложение за висината на трошоците во постапката. На овој начин, со образложението на пресудата, преку анализата на доказите се постигнува и воспоставува дијалектичко единство помеѓу фактите и правото (З. Јекић, 1989).

Определување на поимот факти и фактичка состојба во кривичната постапка е едно од најсложените прашања во кривичното процесно право (Burton, 1927). Врската помеѓу фактите, доказите и фактичката состојба како основа на судската одлука се предмет на бројни дискусии во процесната теорија (Younger, 1980).

Постојат бројни дефиниции на поимот факт и фактичка состојба, според Бајер (Bayer V. , 1978) појавите кои ги содржат условите на материјалното кривично право за примена на кривичната санкција во конкретен случај и условите на процесното право за водење на кривична постапка и вршење на процесни дејствија се нарекуваат факти. Со оглед на околноста дека правото (материјално и процесно кривично право) на тие факти надоврзува извесни последици ( примена на кривичната санкција, водење на кривичната постапка за примена на санкција) тие факти се нарекуваат правно релевантни факти, а законот ги смета како одлучувачки факти. Збирот на правно релевантните факти кои се

утврдуваат во кривичната постапка се нарекува правно релевантна фактичка состојба (Grubiša, 1980). Фактите во кривичната постапка треба да се толкуваат само врз основа на постојните објективни врски меѓу нив, во целост, а не изолирано - произволно оттргнати од системот (Водинелиќ, 1992). Самиот факт во праксата е релативно јасен поим  кој не предизвикува некоја посебна забуна, но во научна, односно во чисто теоретска смисла, воопшто не е лесно да се дефинира, а во доктрината е речиси невозможно да се види општоприфатена дефиниција за фактите (М. Шкулиќ, 2009).

Одреден факт може да се смета за одлучувачки или правно релевантен факт кога ги поседува суштинските карактеристики на правните поими и категории содржани во апстрактна правна норма (Meier, 2014). Судот врши оцена на секој доказ посебно и во меѓусебна врска со другите докази, а основната цел на оваа активност е давање аргументи за искажаниот став првенствено во однос на утврдената фактичка состојба. Судот е должен на читателот да му пружи јасно и логично објаснување во образложението на пресудата.

Согласно праксата на Европскиот суд за човекови права, гаранциите предвидени во член 6 од Европската конвенција за човекови права (CoE, European Court of Human Rights, 1950) вклучуваат обврска за судот, тој да овозможи и да продуцира соодветни и доволни образложенија на своите судски одлуки. Во предметот Roche против Велика Британија (ECHR, 2005), судот заклучува дека правото на образложени одлуки претставува клучна компонента на правичност на расправата што се заснова на практиката на ЕСЧП, а тоа е втемелено токму во неколку генерални принципи што се опфатени во ЕКЧП, а кои на тој начин ја штитат индивидуата од арбитрарноста на институциите“. Понатаму, во предметот Suominen против Франција, бр.37801/97, § 37, 1 јули 2003 година судот наведува дека образложеноста на судските одлуки е од особено значење, имајќи предвид дека придонесува и кон стекнување на јавна доверба во праведна, објективна и транспарентна правда како столбови во демократското општество. Образложените одлуки треба да остават впечаток и влеат сигурност кај странките дека нивниот случај навистина бил разгледан, соодветно анализиран и процесиран.

Кога судот ја носи конечната одлука секогаш ја утврдува фактичката состојба врз основа на изведените вербални и материјални докази и при одлучувањето ја цени

доказната вредност и доказниот капацитет на секој доказ посебно и на сите заедно како една целина. Судот е должен да го цени секој доказ посебно, да ја утврди меѓусебната поврзаност на доказите, да утврди дали доказите меѓусебно се надоврзуваат и дали даваат причинско-последичната врска за настанот. Во овој контекст судот е должен исказите на сведоците мигранти да ги цени посебно и во корелација со другите вербални и материјални докази. **Доколку исказите на мигрантите се поткрепени и се во корелација со останатите вербални и материјални докази, тие имаат повисок степен на доказна вредност и капацитет и поголемо влијание врз конечната одлука на судот.**

Во постапките за криумчарење мигранти судот од исказите на мигрантите го дознава времето, местото и начинот на сторување на кривичното дело. Од овие искази многу често се дознава кој е вистинскиот сторител бидејќи во голем дел од предметите мигрантите директно го договараат нелегалното преминување на границата и превозот со сторителот. Судот кога ги цени исказите на мигрантите ги цени и во смисла дали истите хронолошки го опишуваат настанот и дали исказите меѓусебно се надоврзуваат. За да се донесе осудителна пресуда исказите на мигрантите треба да имаат поткрепа во материјалните докази. Секоја контрадикторност на доказите создава сомнеж за тоа дали настанот навистина се случил на начин кој го опишал обвинителот во обвинението.

Оттука, може да заклучиме дека судот треба да ги цени исказите на мигрантите во корелација со другите вербални и материјални докази кои се предложени како од јавниот обвинител, така и од одбраната за да овозможи рамноправност на странките во постапката согласно принципот на еднаквост на оружјата и да донесе законита и непристрасна одлука.

## 2. Одлука на судот и почитување на меѓународните стандарди

Согласно член 118 од Уставот на Република Северна Македонија (Собрание на РСМ, 1991) „Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон“. Со оваа одредба е регулирана директната применливост на меѓународните договори пред националните судови и предноста на меѓународните договори во случај на конфликт со одредби на законите.

Сѐ поголем број прашања, и во државите и во меѓународните односи, се уредуваат во согласност со меѓународните норми и стандарди или под нивно влијание (Ванковска, 2018). Државите се најзначајните субјекти на меѓународното право, а како носители на суверенитет тие пристапуваат кон меѓународните аранжмани и ги прифаќаат и почитуваат меѓународните правила согласно со сопствената волја преку националното законодавство. Својата волја за примена на меѓународните норми демократските држави како што е Република Северна Македонија ја изразуваат преку ратификување на меѓународните договори кои стануваат дел од внатрешниот правен поредок. Исклучок се нормите што имаат општо задолжителен карактер (ius cogens), кои се задолжителни за сите, а во кои се вбројуваат забраната за употреба на сила, геноцидот, злосторствата против човечноста, расизмот, трговијата со луѓе и слично.

Квалитетот на правните норми, содржани во легислативата на државата го отсликуваат квалитетот на нејзиниот правен систем од нормативен аспект, кој што е во зависност од респективниот однос на сите чинители кон прокламираната гаранција на темелните вредности на тој систем (Коцо, 2023). Врската на државата со правото се одразува преку дејствувањето и почитувањето на клучните вредности втемелени во правните норми на Уставот, како основните слободи и права на човекот и граѓанинот, владеење на правото, поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, гаранцијата на основните слободи и права и правната заштита на гарантираните права.

Судската власт обезбедува и гарантира примена на правото преку донесување на своите одлуки во разни правни области, а преку својата практика низ разни судски случаи, со своето креативно толкување на правото, покрај остварувањето на правната заштита, го остварува и принципот на легалитет и правичност (Коцо, 2023). Правните принципи, како критериуми за правните вредности на позитивно-правните норми, се реализираат низ судската практика на судовите, кои што судат и своите одлуки ги засновуваат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори, ратификувани во согласност со Уставот (Собрание на РСМ, 2019). Судиите при примената на законите ги заштитуваат основните човекови слободи и права.

Судовите при постапувањето обезбедуваат законита, ефикасна и ефективна правда која вклучува примена на ратификуваните меѓународни договори од страна на

Република Северна Македонија. Според цитираната уставна одредба, во случај на спротивност на националниот закон со меѓународниот договор, предност во примената има меѓународниот договор. Ова е всушност основата за примена на одлуките на Европскиот суд за човекови права, Меѓународниот кривичен суд и други судови чија надлежност е призната од нашата држава.

Спецификата на примената на праксата на Европскиот суд за човекови права, други меѓународни судови и меѓународни договори од страна на домашните судови се состои во нивна примена со прилагодување на конкретен случај. Ова значи дека судовите во своите одлуки не треба само површно да се повикуваат на некои одредби од конвенциите, договорите или судска пракса. Судиите при примената на праксата на ЕСЧП или меѓународните договори треба да применат конкретна одредба на конкретен случај и образложението да го прилагодат на фактите и околностите на конкретниот кривично правен настан. Не е доволно судот само генерално да се повика на некоја одредба или на некој случај на ЕСЧП, судот треба темелно да образложи на кој начин таа судска пракса или таа конкретна одредба има влијание за одлучување во конкретниот предмет.

Од овие причини една од тезите кои се тестираат со овој труд е дали судиите во образложението на судските одлуките во предметите кои се однесуваат на кривични дела криумчарење мигранти се повикуваат на ЕКЧП, на праксата на ЕСЧП или на други меѓународни договори со кои се воспоставуваат меѓународни принципи и пракса по однос на овие кривичните дела од областа на транснационалниот организиран криминал.

## VIII. КАЗНЕНА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Кога зборуваме за доказната вредност на исказите на сведоците мигранти и влијанието на овие искази врз конечната одлука на судот, неизбежно е да се истражи видот на одлуките кои ги донел судот во периодот опфатен со истражувањето во контекст на изречената казна. Видот и висината на изречените кривични санкции во периодот на истражувањето ја отсликува казнената политика на судовите во Република Северна Македонија во однос на кривичните дела – криумчарење мигранти. Оваа анализа покажува дека казнената политика на Република Северна Македонија во овој

период е тесно поврзана со миграциските политики на државата и заострување на казните за време на миграциската криза.

Согласно Законот за кривичната постапка судот ја завршува постапката со формална одлука во вид на пресуда или со решение. Пресудите кои ги донесува судот, а потоа и ги објавува согласно законските одредби може да бидат осудителни, ослободителни или пресуди со кои се одбива обвинението. За да се добие слика за казнената политика за кривичните дела кои се однесуваат на криумчарење мигранти, за потребите на овој труд се направи анализа на казните кои судот ги изрекол само во постапките кои завршиле со осудителна пресуда, но во овој дел ги опфати и оние одлуки во кои обвинетите признале вина. Ваквиот аналитички пристап е одбран бидејќи примерокот е поголем, опфаќа значителна бројка на предмети погодна за статистичка анализа.

Судот во својата одлука со која го изрекува видот и висината на кривичната санкција спрема виновниот сторител, треба да даде и образложени причини за изрекување на конкретната санкција. Образложението на одлуката за казната треба да содржи детална (не опширна) анализа на објективните и субјективните елементи важни за оценка на конкретниот сторител во однос на конкретно кривично дело (Петрић, 1969). Со изрекување на казната се одлучува за видот и висината на казната што му се изрекува на сторителот за стореното кривично дело. Со право се посочува дека казнената постапка е најважната фаза во кривичната постапка воопшто; кога ќе се утврди постоење на кривично дело и сторителот, тогаш пред судот се поставува најделикатната задача - да го определи видот и висината на казната за која смета дека е, од една страна, правично пропорционална на тежината на стореното кривично дело и степенот на вината, а од друга страна дека во конкретниот случај претставува најпогодна кривично-правна мерка за постигнување на целта на казнувањето (Лазаревић, Коментар Кривичног законика Републике Србије, 2006).

Извршувањето на едно кривично дело може да биде проследено со повеќе околности. Некои од нив може повеќе да се однесуваат на извршеното кривично дело и таквите околности теоретски се нарекуваат објективни, додека други се повеќе поврзани со сторителот на кривичното дело и се субјективни околности. Според времето на настанување, овие околности може да се однесуваат на одредени состојби кои постоеле пред извршувањето на кривичното дело, потоа може да се околности поврзани со

извршување на самото дело и околности кои настанале по извршувањето на кривичното дело (Лазаревић, Кривично право Југославије општи део, 2000).

Честите промени на нормите во кривичниот законик, внесувањето на нови инкриминации, кои ги наметнуваат новите и современите облици на криминалитет, честите промени на санкциите (по вид и начин на одмерување, распон и траење), уште повеќе го усложнуваат одмерувањето на санкциите (Љ.Арнаудовски, 2017). Според Арнаудовски, разрешувајќи ги овие големи проблеми, кривично правната наука, решението го најде во воведувањето на олеснителни и отежнителни околности чиј систем и број постојано се проширува како настојување на судијата да му се стават на располагање инструменти за одмерување на казната.

За ова истражување е важно да се потенцира дека казнената политика е државна политика бидејќи законодавната власт преку законите кои ги донесува ги дефинира општествените вредности и ги заштитува слободите и правата на граѓаните преку казненото законодавство. Државната политика на казни, ги следи општествените текови и внесува нови инкриминации со кои се заштитуваат интересите на граѓаните и општествената заедница. Според Арнаудовски, најчесто заострувањето на казнената политика од страна на претставници на законодавната власт се објаснува со организираниот криминал, тероризмот и новите облици на криминалитет во одредено време и на одреден простор.

Оттука при одмерување на видот и висината на кривичната санкција од една страна ја имаме востановената казнена политика на државните органи манифестирана преку точно предвидени казни во Кривичниот законик за кривичните дела поврзани со криумчарење на мигранти, додека од друга страна го имаме слободното судиско убедување при утврдување и изрекување на казните за овие кривични дела.

Анализата  на казнената политика е извршена во периодот на мигрантската криза и затворањето на западно-балканската рута кои имаа влијание од кривично-правен аспект, а во насока на откривање на нерегуларната миграција, покренување на кривична постапка и осуда на сторителите.

Од страна на Владата на Република северна Македонија во текот на мигрантската криза беа преземени низа мерки за спречување на илегален влез на мигрантите кои се движеа по западно-балканската рута. Интерес и на македонската влада беше да манифестира транспарентност и подготвеност да придонесе за сопствена поголема безбедност, но и за поголема безбедност на земјите од Европската унија, кои се идентификувани и како земји на дестинација на мигрантите (Стојановски, 2018).

Од овие причини, во периодот опфатен со истражувањето ќе се одговори на прашањето дали миграциските текови имале влијание на висината на изречените казни, дали има разлика во казните според тоа дали обвинетиот ја признал вината, како и дали има разликата во казните ако меѓу криумчарените мигранти имало малолетно лице.

## 1. Методологија за анализа на казнената политика

Предмет на анализа се сите правосилни судски пресуди кои завршиле со осудителна пресуда во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2021 година за кривични дела по основ на член 418-б од Кривичниот законик – Криумчарење на мигранти  и член 418-в од Кривичниот законик - Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти, донесени од надлежните судови, односно Основниот кривичен суд Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција, Апелациониот суд во Скопје и Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Целта на спроведената анализа е согледување на казнената политика за овие кривични дела, односно анализа на висината на казните по неколку основи. Конкретно, анализата опфаќа:

1. Споредба на казните по години;
2. Споредба на казните по основ на кривичното дело;
3. Споредба на казните според тоа дали обвинетиот го признал делото или не

Во врска со точка 2, анализата се однесува одделно за секое кривично дело, при што една група се кривичните дела од член 418-б, став 1, 2 и 3 (криумчарење мигранти), друга

група се делата од член 418-б, став 4 (***криумчарење деца***), и трета група се делата од член 418-в (организиран криминал).

Од статистичка гледна точка, анализата се базира на дескриптивна и инференцијална статистика. Во делот на дескриптивната статистика, пресметани се соодветни индикатори, како мерки на централна тенденција и мерки на дисперзија, при што е дадена споредба и графички приказ по неколку основи. Во делот на инференцијалната статистика се користи АНОВА тестот, но и неколку непараметарски тестови, со цел тестирање на хипотезите дали постојат статистички значајни разлики во висината на изречените затворски казни според сите три горенаведени точки.

## 2. Анализа на казните

Во периодот од 2015 до 2021 година процесуирани се вкупно 353 предмети по основ на кривични дела според член 418-б и член 418-в од Кривичниот законик. Вкупниот број на лица опфатени со овие предмети е 445, при што затворска казна е изречена за 309 лица, додека пак условна осуда е изречена за 91 лице. Вкупната изречена затворска казна во наведениот период е 12.917 месеци, односно 42 месеци во просек по осуденик, додека пак вкупната изречена условна осуда изнесува 4.693 месеци, односно 52 месеци во просек по осуденик.

Дескриптивната статистика и распоредот на дистрибуција на изречените затворски казни и условните осуди е прикажана на сликите 1 и 2 во продолжение. Имено, како што може да се види од слика 1, 50% од изречените затворски казни се со должина од 12 до 54 месеци, при што медијалната затворска казна изнесува 36 месеци. Околу 97% од изречените затворски казни се помали од 10 години, додека пак само 3% од казните се со траење од 10 и повеќе години. Со казна затвор во траење од 1 година осудени се вкупно 44 лица, односно околу 15% од вкупниот број осуденици. Стандардната девијација кај изречените затворски казни изнесува околу 34 месеци.

Во врска со условните осуди, речиси 70% од пресудите се со условна казна затвор во траење од 5 години, додека пак 25% се со траење од 3 години.

Слика 1: Дистрибуција на изречените затворски казни




Слика 2: Дистрибуција на изречените условни осуди




*а) Анализа на казните по години*

Доколку се погледне графичкиот приказ на бројот на осудени лица за наведените кривични дела по години, може да се забележи дека во периодот од 2015 до 2018 година имаме тренд на намалување на бројот на изречени затворски казни, додека пак од 2018 до 2021 година имаме тренд на нивно зголемување. Најголем број на осудени лица со казна затвор имаме во 2015 година, вкупно 82 лица, а најмал во 2018 година, вкупно 15 лица. Во 2021 година бројот на осудени лица со затворски казни достигнува 64.

Кај **условните осуди**, согласно прикажаното на Графиконот 1, може да се констатира дека во периодот од 2018 година па наваму имаме значително зголемување на бројот на лица осудени со условна казна затвор. Имено, ако во периодот 2015-2017 година во просек имаме по околу 5 лица годишно осудени со условна казна затвор за наведените кривични дела, во периодот 2018-2021 година тој број изнесува речиси по 20 лица во просек. Учеството на затворските пресуди во вкупниот број на пресуди во периодот до 2018 година е исклучително високо, над 86%, но истите бележат пад во периодот кој следи, на ниво од околу 64%, за сметка на условните осуди, чие учество во структурата во последните години во просек се движи околу 36%.




Графикон 1: Број на број на осудени лица, по години

Во врска со времетраењето на **затворските казни**, низ годините имаме тренд на благ пораст на просечната изречена затворска казна, при што во 2015 година просечната изречена затворска казна била 36 месеци, додека пак во 2021 истата изнесува 44 месеци. Забележливо зголемување на просечната изречена затворска казна имаме во 2017 година, 60 месеци, проследена со драстичен пад во наредната година, 30 месеци. Во последните три години од набљудуваниот период просечната изречена затворска казна е релативно стабилна на ниво од околу 43 месеци во просек.




Графикон 2: Времетраење на изречените затворски казни по години

Слична ситуација имаме и кај условните осуди, каде што растечкиот тренд во просечното времетраење е нешто поизразен, при што повторно е забележливо одредено структурно покачување во периодот 2018-2021 година. Имено, просечната изречена условна казна во 2015 година е 36 месеци, додека пак во 2021 година истата е во траење од речиси 50 месеци. Највисоко ниво на изречена условна казна затвор имаме во 2020 година, и тоа околу 58 месеци.




Графикон 3: Времетраење на изречените условни осуди по години

Со цел тестирање на хипотезата дали низ годините имаме статистички значајни разлики во висината на изречените затворски казни, како и во висината на изречените условни осуди, спроведени се неколку статистички тестови. Резултатите од овие тестови се прикажани во табелите 2 и 4 во продолжение. Имено, **согласно добиените резултати, може да се констатира дека разликите во изречените затворски казни низ годините се статистички значајни** на ниво на значајност од 0,05 (п-вредностите од спроведените тестови се помали од 0,05), при што највисоко ниво на изречени затворски казни имаме во 2017 година (60 месеци), а најниско во 2018 година (30 месеци). Доколку се

набљудува медијалната изречена затворска казна, истата е повторно највисока во 2017 година (63 месеци), но најниска во 2016 година (16,5 месеци).

Табела 1: Дескриптивна статистика на изречените затворски казни (во месеци), по години

| Година | Број на осуденици | Просечна изречена казна | Стандардна девијација | Медијална казна |
|---|---|---|---|---|
| 2015 | 82 | 36.3 | 32.2 | 24 |
| 2016 | 44 | 40.0 | 42.8 | 16.5 |
| 2017 | 29 | 59.6 | 34.7 | 63 |
| 2018 | 15 | 29.7 | 21.7 | 24 |
| 2019 | 39 | 43.9 | 25.0 | 48 |
| 2020 | 36 | 40.6 | 22.2 | 48 |
| 2021 | 64 | 44.3 | 37.7 | 34 |

Табела 2: Резултати од спроведените тестови за еднаквост на изречените затворска казна низ годините

| Тест | Степени на слобода | Статистика на тест | П - вредност |
|---|---|---|---|
| Anova F-test | (6, 302) | 2.20 | 0.0432 |
| Welch F-test | (6, 97.6276) | 2.44 | 0.0305 |
| Med. Chi-square | 6 | 14.18 | 0.0277 |
| Adj. Med. Chi-square | 6 | 11.17 | 0.0833 |
| Kruskal-Wallis | 6 | 19.09 | 0.0040 |
| Kruskal-Wallis (tie-adj.) | 6 | 19.22 | 0.0038 |
| van der Waerden | 6 | 16.72 | 0.0104 |

Дополнително, **статистички значајни разлики имаме и кај висината на изречената условна осуда**, при што највисока просечна изречена условна казна затвор имаме во 2020 година (57,5 месеци), а најниска во 2015 година (36 месеци). Медијалната казна во периодот 2015-2017 година изнесува 36 месеци, додека пак во периодот 2018-2021 година изнесува 60 месеци. За разлика од затворските казни, спроведените статистички тестови во врска со условните осуди покажуваат одредена доза на несигурност, односно п-вредноста кај одредени тестови е поголема од 0,05. Сепак, само

Хи-квадрат тестот има п-вредност поголема од 0,1, со што можеме да констатираме дека и во овој случај имаме статистички значајни разлики.

Табела 3: Дескриптивна статистика на изречените условни осуди (во месеци), по години

| Година | Број | Просек | Стандардна девијација | Медијана |
|---|---|---|---|---|
| 2015 | 3 | 36.0 | 24.0 | 36 |
| 2016 | 7 | 37.7 | 20.1 | 36 |
| 2017 | 4 | 42.0 | 12.0 | 36 |
| 2018 | 13 | 56.4 | 8.8 | 60 |
| 2019 | 20 | 52.2 | 12.5 | 60 |
| 2020 | 24 | 57.5 | 7.1 | 60 |
| 2021 | 20 | 49.8 | 13.1 | 60 |

Табела 4: Резултати од спроведените тестови за еднаквост на изречените условни осуди низ годините

| Тест | Степени на слобода | Статистика на тест | П - вредност |
|---|---|---|---|
| Anova F-test | (6, 84) | 4.16 | 0.0010 |
| Welch F-test | (6, 14.3404) | 2.59 | 0.0654 |
| Med. Chi-square | 6 | 0.00 | 1.0000 |
| Adj. Med. Chi-square | 6 | 0.24 | 0.9997 |
| Kruskal-Wallis | 6 | 12.43 | 0.0530 |
| Kruskal-Wallis (tie-adj.) | 6 | 18.62 | 0.0049 |
| van der Waerden | 6 | 20.33 | 0.0024 |

*б) Анализа на казните по видот на кривичното дело*

Гледано според видот на кривичното дело, најголем број од лицата осудени со затворски казни во периодот на набљудување се товарат за делото криумчарење мигранти (вкупно 153 лица). Во просек, овие лица добиле затворска казна во траење од 26 месеци. Потоа следат осудениците за кривичното дело криумчарење деца, и тоа 113 осуденици, кои во просек добиле затворски казни по 58 месеци. На крај се лицата кои се товарат со делото организиран криминал (вкупно 43 лица), чии изречени затворски казни се со просечно времетраење од 55 месеци.




Графикон 4: Времетраење на изречените затворски казни по видот на кривичното дело

Кога станува збор за условните осуди, најголемиот дел од осудениците осудени со условна осуда се товарат со делото криумчарење мигранти (вкупно 76 лица), додека пак само 8 лица се осудени за делото криумчарење деца, односно 7 за делото организиран криминал. За разлика од затворските казни, каде времетраењето на просечната изречена затворска казна за делото криумчарење мигранти видно отстапува од онаа за делата криумчарење деца и организиран криминал, кај условните осуди не постојат изразени разлики. Имено, времетраењето на условната осуда за делото криумчарење мигранти во просек е околу 51 месец, за делото криумчарење деца истата е со просечно времетраење од 54 месеци, додека пак за делото организиран криминал осудениците во просек добиле условни осуди во траење од 57 месеци.




Графикон 5: Времетраење на изречените условни осуди по видот на кривичното дело

Гледано по години, иако во структурата на кривичните дела според видот генерално доминира делото криумчарење мигранти, во 2017 година и во 2019 година според бројот на осудени лица најзастапено е делото криумчарење деца.

Кај условните осуди, во структурата доминира делото криумчарење мигранти, иако во последните три години имаме неколку лица осудени со условна осуда за делото организиран криминал.




Графикон 6: Структура на затворските казни (број на осудени лица), според видот на кривичното дело, по години




Графикон 7: Структура на условните осуди (број на осудени лица), според видот на кривичното дело, по години

Согласно добиените резултати од спроведените тестови за еднаквост, може да се констатира дека на ниво на значајност од 0,05, според видот на кривичното дело, **постојат статистички значајни разлики во просечната изречена затворска казна**, при што истата е најниска за делото криумчарење мигранти, 26 месеци во просек, додека

пак за делата криумчарење деца и организиран криминал е повисока, односно изнесува 58 месеци и 55 месеци соодветно. Имено, сите спроведени статистички тестови даваат едногласни резултати, односно п-вредноста кај секој од овие тестови е помала од 0,05.

Табела 5: Дескриптивна статистика на изречените затворски казни (во месеци), по видот на кривичното дело

| Кривично дело | Број | Просек | Стандардна девијација | Медијана |
|---|---|---|---|---|
| Криумчарење деца | 113 | 58.1 | 29.4 | 52 |
| Криумчарење мигранти | 153 | 26.1 | 28.3 | 16 |
| Организиран криминал | 43 | 55.1 | 36.1 | 48 |

Табела 6: Резултати од спроведените тестови за еднаквост на изречените затворски казни според видот на кривичното дело

| Тест | Степени на слобода | Статистика на тест | П - вредност |
|---|---|---|---|
| Anova F-test | (2, 306) | 42.27 | 0.0000 |
| Welch F-test | (2, 108.595) | 43.41 | 0.0000 |
| Med. Chi-square | 2 | 120.93 | 0.0000 |
| Adj. Med. Chi-square | 2 | 117.79 | 0.0000 |
| Kruskal-Wallis | 2 | 100.27 | 0.0000 |
| Kruskal-Wallis (tie-adj.) | 2 | 100.92 | 0.0000 |
| van der Waerden | 2 | 87.46 | 0.0000 |

Од друга страна пак, во врска со условните осуди, спроведените статистички тестови даваат спротивни резултати. Имено, п-вредностите кај сите спроведени тестови се повисоки од 0,05, што значи дека **помеѓу кривичните дела од различен вид не постојат статистички значајни разлики во просечното времетраење на изречените условни осуди**, при што истите се на ниво од околу 54 месеци.

Табела 7: Дескриптивна статистика на изречените условни осуди (во месеци), по видот на кривичното дело

| Кривично дело | Број | Просек | Стандардна девијација | Медијана |
|---|---|---|---|---|
| Криумчарење деца | 8 | 54.0 | 17.0 | 60 |
| Криумчарење мигранти | 76 | 50.9 | 13.3 | 60 |
| Организиран криминал | 7 | 56.6 | 9.1 | 60 |

Табела 8: Резултати од спроведените тестови за еднаквост на изречените условни осуди според видот на кривичното дело

| Тест | Степени на слобода | Статистика на тест | П - вредност |
|---|---|---|---|
| Anova F-test | (2, 88) | 0.73 | 0.4837 |
| Welch F-test | (2, 10.7543) | 1.15 | 0.3516 |
| Med. Chi-square | 2 | 0.00 | 1.0000 |
| Adj. Med. Chi-square | 2 | 0.07 | 0.9655 |
| Kruskal-Wallis | 2 | 1.50 | 0.4712 |
| Kruskal-Wallis (tie-adj.) | 2 | 2.25 | 0.3240 |
| van der Waerden | 2 | 2.26 | 0.3226 |

*в) Анализа на казните според тоа дали осудениот признал вина*

Од вкупно 309 осудени лица со затворски казни, над 60% го признале делото, додека пак помалку од 40% не признале вина. Лицата кои го признале делото во просек добиле пониски затворски казни од оние кои не признале вина, односно просечната изречена казна затвор за лицата кои го признале делото е 40 месеци, додека пак за оние кои не го признале делото просечната затворска казна е околу 45 месеци.

Кај условните осуди, процентот на осуденици кои го признале делото е нешто над 70%, додека пак нешто под 30% не признале вина. За разлика од казните затвор, согласно пресметките, не постојат поголеми разлики во времетраењето на изречените условни осуди, односно истите се околу 52 месеци и за едните и за другите осуденици.




Графикон 8: Времетраење на изречените затворски казни според тоа дали осудениот признал вина




Графикон 9: Времетраење на изречените условни осуди според тоа дали осудениот признал вина

Бројот на лица кои го признале делото, наспроти оние кои не признале вина, како и просечната висина на изречените пресуди според видот на делото, се прикажани во графиконите 10 и 11 во продолжение. Како што може да се види од прикажаното, за кривичните дела од организиран криминал, просечните затворски казни кај осудениците кои го признале делото дури се и малку повисоки од оние на лицата кои не признале вина, односно истите во просек се 56 месеци, за разлика од54 месеци за оние осуденици кои признале вина. Од друга страна пак, за делата криумчарење мигранти и криумчарење деца, осудениците кои го признале делото во просек добиле пониски затворски казни за 8, односно 12 месеци соодветно.

Од друга страна пак, кај условните осуди, осудениците по делото организиран криминал кои се изјасниле како виновни добиле во просек пониски условни осуди за

околу 4 месеци, додека пак за делото криумчарење мигранти осудениците кои признале вина добиле за 1 месец пократка условна осуда од оние кои не го признале делото. За делото криумчарење деца, условната осуда во просек е пократка за 8 месеци кај оние испитаници кои се изјасниле како виновни.




Графикон 10: Број на осудени лица и просечна затворска казна, по видот на кривичното дело, според тоа дали осудениот признал вина




Графикон 11: Број на осудени лица и просечна условна осуда, по видот на кривичното дело, според тоа дали осудениот признал вина

Сепак, спроведените статистички тестови едногласно покажуваат дека утврдените разлики во просечното времетраење на изречените пресуди (затворски казни и условни осуди) според тоа дали осуденикот го признал делото или не, не се статистички значајни. Имено, статистиките кај сите спроведени тестови се ниски,

односно нивните п-вредности се поголеми од 0,05, што значи дека утврдените разлики не се доволно изразени за да може да се констатира дека истите се статистички значајни.

Табела 9: Дескриптивна статистика на изречените затворски казни (во месеци), според тоа дали осуденикот го признал делото

| Вина | Број | Просек | Стандардна девијација | Медијана |
|---|---|---|---|---|
| Признал вина | 189 | 40.1 | 32.6 | 32 |
| Не признал вина | 120 | 44.5 | 35.1 | 36 |

Табела 10: Резултати од спроведените тестови за еднаквост на изречените затворски казни според тоа дали осуденикот го признал делото

| Тест | Степени на слобода | Статистика на тест | П - вредност |
|---|---|---|---|
| Anova F-test | (1, 307) | 1.25 | 0.2648 |
| Welch F-test | (1, 239.498) | 1.21 | 0.2730 |
| Med. Chi-square | 1 | 0.07 | 0.7907 |
| Adj. Med. Chi-square | 1 | 0.02 | 0.8819 |
| Kruskal-Wallis | 1 | 1.16 | 0.2823 |
| Kruskal-Wallis (tie-adj.) | 1 | 1.16 | 0.2807 |
| van der Waerden | 1 | 1.51 | 0.2184 |

Табела 11: Дескриптивна статистика на изречените условни осуди (во месеци), според тоа дали осуденикот го признал делото

| Вина | Број | Просек | Стандардна девијација | Медијана |
|---|---|---|---|---|
| Признал вина | 65 | 51.2 | 14.1 | 60 |
| Не признал вина | 26 | 52.6 | 11.3 | 60 |

Табела 12: Резултати од спроведените тестови за еднаквост на изречените условни осуди според тоа дали осуденикот го признал делото

| Тест | Степени на слобода | Статистика на тест | П - вредност |
|---|---|---|---|
| Anova F-test | (1, 89) | 0.22 | 0.6388 |
| Welch F-test | (1, 57.1896) | 0.27 | 0.6066 |
| Med. Chi-square | 1 | 0.00 | 1.0000 |
| Adj. Med. Chi-square | 1 | 0.01 | 0.9076 |
| Kruskal-Wallis | 1 | 0.03 | 0.8536 |
| Kruskal-Wallis (tie-adj.) | 1 | 0.05 | 0.8214 |
| van der Waerden | 1 | 0.77 | 0.3792 |

### 3. Статитичка анализа на податоци

Врз основа на спроведената анализа, а имајќи ја предвид целта на истражувањето, може да се констатираат следниве заклучоци:

1. Гледано по години, може да се потврди дека низ годините постои тенденција на зголемување на бројот на **условни осуди**, за сметка на изречените затворски казни, за наведените кривични дела. Во периодот од 2015 до 2017 година постои тренд на намалување на бројот на осуденици, додека пак од 2018 до 2021 година постои тренд на нивно зголемување.

2. Со одредени отстапки во 2017 и 2018 година, просечната изречена **затворска казна** е релативно стабилна, за разлика од просечното времетраење на изречените условни осуди, каде е забележливо одредено позитивно структурно поместување во периодот по 2018 година. Согласно спроведените статистички тестови, може да се констатира дека низ годините постојат статистички значајни разлики во висината на изречените затворски казни, при што највисоко ниво на изречени затворски казни имаме во 2017 година (60 месеци), а најниско во 2018 година (30 месеци). Дополнително, статистички значајни разлики имаме и кај висината на изречената условна осуда, при што највисока просечна изречена условна казна затвор имаме во 2020 година (57,5 месеци), а најниска во 2015

година (36 месеци). **Анализата покажува дека заострувањето на миграциските политики на Владата на РСМ во 2017 година е во корелација со највисоко ниво на изречени затворски казни имаме во 2017 година.**

3. Статистички значајни разлики во висината на просечната изречена затворска казна имаме и според видот на кривичното дело, при што истата е најниска за делото криумчарење мигранти, 26 месеци во просек, **додека пак за делата криумчарење деца** и организиран криминал **е повисока, односно за криумчарење деца изнесува 58 месеци** и за организиран криминал изнесува 55 месеци. Од друга страна пак, во врска со условните осуди, спроведените статистички тестови даваат спротивни резултати, односно покажуваат дека помеѓу кривичните дела од различен вид не постојат статистички значајни разлики во просечното времетраење на изречените условни осуди, при што истите се на ниво од околу 54 месеци.
4. Според тоа дали осуденикот го признал делото или не, спроведената анализа покажува дека не постојат статистички значајни разлики во просечното времетраење на изречените пресуди. Истото важи и за условните осуди.

## IX. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

Резултатите од квалитативната анализа на пресудите, анкетните прашалници и праксата на Европскиот суд за човекови права поврзани со ценење на исказите на сведоците мигранти го доведе истражувањето до случајот Трампевски против Република Македонија (Европски суд за човекови права, 2012). Оваа студија на случај е релевантна бидејќи ќе се осврне на прекршувањето кое е сторено од страна на домашните судови во поглед на законски пропишаната процедура за земање на исказ на сведоците, во овој конкретен случај на нерегуларни мигранти.

Со оглед дека Европскиот суд за човекови права нашол повреда на членот 6 од Конвенцијата, оваа пресуда која е донесена на 10 јули 2012 година треба да претставува извор на правото за судовите во Република Северна Македонија доколку е апликативна во определена постапка. Ова значи дека самата пракса на ЕСЧП не може да се имплементира во судовите без да биде фактички и правно поврзана со конкретниот случај.

## 1. Апликација до Европскиот суд за човекови права

Случајот бил инициран со апликација (бр.4570/07) против Република Македонија поднесена до Европскиот суд за човекови права од страна на македонскиот државјанин г-дин Томе Трампевски (апликант) на ден 16 јануари 2007. Апликантот особено се жалел дека не бил во можност да се соочи со сведоците чии изјави дадени во истражната постапка послужиле како основа за неговата осуда.

## 2. Фактичка состојба

Пред да се изложи фактичката состојба за случајот треба да се напомене дека во времето кога е сторено кривичното дело не бил изменет Законот за судовите (Службен весник на РМ, 1995) и месно надлежен суд бил судот на чие подрачје било извршено кривичното дело, односно Основниот суд во Битола.

- *Истражна постапка*

На 2 ноември 2005 истражен судија од Основниот суд во Битола само во присуство на јавниот обвинител ги сослушал во својство на сведоци Е.Ј. и Р.М., осомничени дека се мигранти од Албанија, кои се обиделе нелегално да влезат во Република Грција од територијата на тужената држава. Двајцата се откажале од правото на преведувач и дале исказ на македонски јазик. Според записникот од судот, тие изнеле детали во врска со нивниот пат од Албанија до Битола, град лоциран во близина на границата со Грција. Двајцата потврдиле дека на автобуската станица во Битола побарале од еден таксист да ги превезе до Грција, но тој одбил бидејќи не поседувале патни исправи.

---

Мигрантот - сведок Е.Ј. изјавил дека заедно со другиот мигрант запреле таксист со бело возило и му кажале дека сакаат да одат во Република Грција и дека немаат патни исправи. Таксистот се согласил да ги однесе за 160 евра по човек, но тие му рекле дека немаат многу пари по што им ја спуштил цената на 100 евра по човек. Им кажал дека лежел три и пол години во затвор во Република Грција и знаел како да ги однесе луѓето до таму. Им напоменал дека доколку ги сопре полиција треба да кажат дека не го познаваат. Ги оставил на едно место и им кажал по кој пат да одат, но кога стигнале таму имало канал со многу вода, не можеле да поминат и се вратиле. Потоа ги запрела полиција.

Другиот мигрантот - сведок Р.М. дал речиси идентична изјава како и E.J. и дополнил дека таксистот им рекол ако ги запре полиција да кажат дека им земал по 10 евра и да не кажуваат дека немаат виза.

По предочување на фотографии од 9 лица мигрантите сведоци E.J. и Р.М го идентификувале апликантот како таксистот кој ги превезувал критичниот ден.

Истражниот судија на барање на јавниот обвинител отворил истрага против апликантот, поради постоење на основано сомнение дека извршил кривично дело криумчарење на мигранти. Барањето не се засновало на изјавите на мигрантите.

Истражниот судија го сослушал апликантот Трампевски, во присуство на адвокат кој изјавил дека вози портокалово Мицубиши, дека во 6,45 часот попладне застанал на автобуска станица, што е регуларна такси-станица. Апликантот Трампевски бил заедно со М.Т., а во тој момент била присутна и продавачката. Двајцата сведоци му пришле и на македонски јазик го прашале дали може да ги превезе до с.Буково. Тој прифатил да ги превезе за 150 денари, но тие немале пари и платиле 120 денари. Не им побарал евра, а сведоците не носеле багаж со себе. Ги оставил во с.Буково и веднаш се вратил назад. Не се посомневал дека се странски државјани бидејќи зборувале македонски јазик.

При препознавање на лица организирано истиот ден, E.J. и Р.М. го идентификувале апликантот како таксистот кој ги превезувал критичниот ден.

Владата пред ЕСЧП изјавила дека во 07.30 часот попладне на 2 ноември 2005 мигрантите биле депортирани во Албанија.

- *Други дејствија преземени во истражната посатпка*

На предлог на апликантот Трампевски на 08 ноември 2005 година биле сослушани сведоците Т.С. и Б.Г полициски службеници кои ги привеле мигрантите. Тие во својата изјава навеле дека на 1 ноември 2005 година ги пресретнале мигрантите на раскрсницата на место викано Велушина. Едниот од нив поседувал албанска лична карта и одреден износ на македонски денари. Мигрантите течно го зборувале

македонскиот јазик. Тие им кажале дека таксист ги донел до локација во близина која тие не можеле точно да ја посочат. Според Т.С., мигрантите изјавиле дека таксистот побарал секој да му плати  по 100 EUR за превозот. Според Б.Г., секој од мигрантите платил по 150 EUR. Мигрантите кажале дека биле невработени и дека сакале да најдат работа во Грција.

- *Кривична постапка против Трампевски*

Јавниот обвинител на 11 ноември 2005 поднел обвинение против апликантот за кривично дело криумчарење на мигранти. Според обвинението, во 06,45 часот попладне на 1 ноември 2005 апликантот ги пренел мигрантите од автобуската станица во Битола до раскрсницата во Велушина, од каде требало да влезат нелегално во Грција, но биле запрени од страна на полицијата на тужената држава. Мигрантите му платиле на апликантот по 100 EUR  за превозот. Јавниот обвинител побарал од судот сослушување на Т.С. и Б.Г., читање на изјавите на мигрантите дадени во истражната постапка, а исто така кон доказите ги поднел и записниците од препознавањето на апликантот.

На главниот претрес одржан на 23 март 2006, апликантот Трампевски се повикал на изјавата дадена во истражната постапка и понатаму тврдел дека тој побарал секој од мигрантите да му плати по 120 денари. Тој изјавил дека не зборувал со мигрантите додека ги превезувал и одрекол дека им кажал дека издржувал казна затвор во Грција.

Сведокот С.С., продавачката кој била во киоскот на автобуската станица критичниот ден, изјавила дека мигрантите побарале од апликантот да ги превезе до селото Буково. Еден од нив купил гуми за џвакање и цигари со цел да ги раситни парите и таа не се посомневала во тоа дека мигрантите не се државјани на тужената држава. И сведокот М.Т. потврдил дека еден од мигрантие влегол во киоскот за да побара ситно. Тој го слушнал разговорот помеѓу  мигрантите и апликантот и изјавил дека договориле цена за превоз до Буково, за што секој од  мигрантите требало да плати 120-150 денари.

На последната расправа пред судот на 13 април 2006 во отсуство на предлог на јавниот обвинител за сослушување на  сведоци, судечкиот суд ги прочитал изјавите на мигрантите дадени пред истражниот судија на 2 ноември 2005. Според записникот од

оваа расправа, судот не ги прашал апликантот ниту неговиот адвокат дали се согласуваат да бидат прочитани изјавите. Во записникот нема податок дека тие изјавиле дека не приговараат на читањето на изјавите или дека се согласуваат.

Во завршните зборови, адвокатот на апликантот ги анализирал изјавите на мигрантите и се пожалил дека апликантот не бил во можност да се соочи со нив во однос на местото до каде ги пренел и цената која ја платиле за превозот. Воедно навел дека мигрантите дале неконзистентни изјави.

На истиот датум, судечкиот суд го прогласил апликантот за виновен дека го сторил делото на начин, време и место опишани во обвинителниот акт за кривично дело Криумчарење мигранти од чл.418-б ст.2 од КЗ и му изрекол казна затвор во траење од една година. Судот утврдил дека фактите во врска со превозот на мигрантите и серијата настани по нивниот влез во тужената држава се случиле на начинот на кој тие ги опишале во своите изјави на записник од 2 ноември 2005. Врз основа на овие докази, судот понатаму утврдил дека апликантот бил свесен дека Е.Ј. и Р.М. биле мигранти од Албанија кои нелегално влегле во тужената држава и не поседувале патни исправи. Во врска со ова, тој прифатил дека апликантот им кажал на мигрантите дека издржувал казна затвор во Грција и дека тој знае како да пренесе луѓе го Грција. Судот ја признал неконзистентноста во изјавите на апликантот и мигрантите во однос на местото до кое бил извршен превозот. Сепак, утврдил дека апликантот ги пренел до раскрсницата во Велушина врз основа на фактот дека Т.С. и Б.Г. ги привеле мигрантите на оваа локација, која често се користела за криумчарење на мигранти. Тој исто така ги испитал и изјавите дадени од СС. И М.Т., но не ги зел предвид бидејќи сметал дека се неверодостојни.

Апликантот Трампевски, преку својот бранител поднел жалба до Апелациониот суд Битола тврдејќи, меѓу другото, дека Основниот суд врз основа на изјавите на мигрантите утврдил дека (а) тој знаел дека тие биле нерегуларни мигранти, (б) дека тој ги пренел до раскрсницата во Велушина за по 100 EUR и (в) дека секој од нив го платил овој износ. Тој тврдел дека било нелогично да се посомнева дека Е.Ј. и Р.М. биле мигранти од Албанија од причина што течно го зборувале македонскиот јазик и од причина што имало многу Албанци кои живеат во Битола и околината. Тој се жалел дека не му била дадена можност да се соочи со мигрантите за време на истрагата со

цел да се утврди локацијата до која бил извршен превозот и цената на истиот. Во однос на последното прашање, тој укажал дека мигрантите дале неконзистентни изјави.

На јавната седница одржана на 17 октомври 2006, Апелациониот суд во Битола ја одбил жалбата на апликантот и ја потврдил пресудата на првостепениот суд. По детална анализа на изјавите на мигрантите, кои судот ги оценил за јасни и конзистентни, истиот не нашол причина да утврди поинаква фактичка состојба од онаа утврдена од страна на судечкиот суд, со исклучок на локацијата до која бил извршен превозот, која била ирелевантна за вината на апликантот. Судот, исто така го сметал за ирелевантен фактот дека мигрантите течно го зборувале македонскиот јазик бидејќи како што самите потврдиле во нивните изјави, тие јасно му кажале на апликантот дека имаат намера нелегално да влезат во Грција. Судот не се осврнал на жалбениот навод на апликантот дека му било оневозможено правото на вкрстено испрашување на мигрантите.

По барање за Вонредно преиспитување на правосилната пресуда до Врховниот суд, поднесено од апликантот преку неговиот бранител на 20 декември 2006, Врховниот суд го одбил барањето на апликантот за Вонредно преиспитување на правосилната пресуда. Судот образложил дека не нашол причини да отстапи од веќе утврдената фактичка состојба и образложението дадено од пониските судови. Тој укажал дека не е надлежен да ја преоценува утврдената фактичка сосотојба, сепак, во поглед на членот 409 од ЗКП навел дека не нашол убедливи елементи кои се во спротивност со утврдената фактичка состојба. Врховниот суд не го коментирал наводот на апликантот дека не му било овозможено вкрстено испрашување на мигрантите.

### 3. *Повреда на членот 6 од Конвенцијата*

Иако апликантот не се повикал на конкретен член од Конвенцијата, судот сметал дека жалбените наводи на апликантот треба да се анализираат од аспект на член 6 став 1 и 3 (г) од Конвенцијата кој во релевантниот дел предвидува дека:

1. „Секој има право правично ... пред суд ... да биде разгледана и утврдена .... основаноста на какво било кривично обвинение против него.

3. Секој обвинет ги има следните минимални права:

...

(г) самиот да ги сослуша или да бара сослушување на сведоците на обвинението и да бара повикувањето и сослушувањето на сведоците на одбраната да биде под услови што важат и за сведоците на обвинението.“

## 4. *Оценка на ЕСЧП*

Откако судот ја прогласил жалбата на апликантот како допуштена, се впуштил во оценка на поднесоците на странките и утврдил дека постои повреда на член 6 став 1 и 3 (г) од Конвенцијата.

Извадоци од пресудата на Европскиот суд за човекови права:

„Судот потсетува дека гаранциите во ставот 3 (г) од членот 6 претставуваат специфични аспекти на правото на фер судење предвидено во став 1 од овој член, и истите мора да се земат предвид при секоја оценка на правичноста на постапката. Понатаму повторува дека општо правило е националните судови да ги оценуваат доказите пред нив, како и релевантноста на доказите чие изведување го бара одбраната (види *Atanasov v. the Republic of Macedonia (no. 2), no. 41188/06, § 33, 19 April 2011*).

Сите докази нормално мора да бидат изведени во присуство на обвинетиот на јавна расправа, со цел контрадикторност на постапката. По правило, ова право бара на одбраната да и биде дадена адекватна и соодветна можност да го испраша сведокот против неа – или во моментот кога тој ја дава изјавата или во подоцнежна фаза од постапката (види *Saïdi v. France, 20 September 1993, § 43, Series A no. 261-C; Isgrò v. Italy, 19 February 1991, § 34, Series A no. 194-A;* и *Vladimir Romanov, § 100*).

Судот мора да го оцени влијанието на неможноста на апликантот да ги испраша мигрантите врз целокупната правичност на постапката против него. Три прашања треба да бидат испитани: прво, дали било неопходно да се допуштат изјавите на мигрантите како доказ; второ, дали нивните непроверени изјави биле единствена или пресудна основа за осуда на апликантот; и трето, дали имало доволно фактори за обезбедување на баланс вклучително и строги процедурални гаранции за да обезбедат судењето, ценето како целина, да е правично во смисла на членот 6 став 1 и 3 (г).

Нема сомнеж дека интересот на правдата бил во прилог на допуштање на изјавите на мигрантите дадени пред истражниот судија како докази. Тие биле директно инволвирани во настанот и биле единствените очевидци кои можеле да продуцираат докази релевантни за осуда на апликантот.

Судот забележува дека покрај многуте сличности, постојат одредени несогласувања во изјавите на мигрантите – на кои апликантот укажал во жалбените поднесоци до домашните судови. Апликантот ја оспорил вистинитоста на изјавите по неколку основи, односно во однос на локацијата до која ги пренел мигрантите, цената на превозот, во однос на тоа дали тој бил свесен дека патниците биле албански мигранти и дали тој го открил сопственото кривично досие во однос на слични кривични дела. Сепак, овие наводи останале неиспитани.

Фактот дека апликантот бил во позиција да ги оспори или побие изјавите на мигрантите преку давање сопствена изјава или испитување на останатите сведоци, не може да се смета како доволен фактор за обезбедување на баланс кој ќе го компензира хендикепот под кој работела одбраната. Апликантот не бил во можност да ја тестира вистинитоста и веродостојноста на доказите изнесени од страна на мигрантите преку вкрстено испрашување и покрај фактот што ова бил единствениот директен доказ против него (види *Al-Khawaja and Tahery,* §162 и 165) (European Court of Human Rights, 2011). Како резултат на ова, тој бил осуден врз основа на докази во однос на кои неговото право на одбрана било значително ограничено.

Во такви околности, Судот смета дека постои повреда на членот 6 став 1 и 3 (г) на Конвенцијата.“

## 5. Примена на праксата на ЕСЧП од страна на судовите

Пресудата на ЕСЧП во случајот Трампевски против Република Македонија која е донесена во јули 2012 е извор на судска пракса која судовите во државата можат да ја применуваат. Оваа пресуда е тесно поврзана со предметот на истражување на овој труд, со оглед дека се работи за кривично дело криумчарење мигранти со акцент на повредата која била сторена од домашните судови во делот на кривичната постапка кој се однесува на сослушување на мигрантите како сведоци во постапката. Дополнително

констатираната повреда од страна на ЕСЧП се однесува и на ценењето на исказите на мигрантите како доказ, од каде се извлекува заклучокот дека одлуката за виновноста на Трампевски се заснова исклучиво на исказите на сведоците мигранти.

Од пресудата на ЕСЧП констатираме дека немало согласност од одбраната, односно од обвинетиот и неговиот бранител, да се прочитаат исказите на мигрантите на главната расправа пред судот, иако тоа било побарано од одбраната. Трампевски во својство на обвинет немал можност да се соочи со мигрантите и да ја тестира вистинитоста и веродостојноста на исказите. Неспорно е дека било неопходно да се допуштат изјавите на мигрантите како доказ, но повредата се однесува на тоа дека судот ги ценел и ги прифатил нивните непроверени изјави и истите биле единствена пресудна основа за осуда на апликантот. Домашните судови во конретниот случај не овозможиле баланс и пропорционалност на доказите за да се констатира дека судењето било правично. Судот не ја отстранил неконзистентноста и несовпаѓањето на исказите на сите сведоци што резултирало со осуда врз основа на докази во однос на кои неговото право на одбрана било значително ограничено.

## X. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНИТЕ ПРАШАЛНИЦИ И АНАЛИЗА НА СОДРЖИНА НА ПРЕСУДИ

### 1. Методологија и податоци

#### 1.1.Анкетни прашалници

Во согласност со предметот и целите на оваа докторска дисертација, тестирањето на поставените хипотези се базира на спроведена квалитативна анализа, со која е опфатен панел на експерти во областа на криумчарењето на мигранти, како посебен облик на организиран криминал. Конкретно, во анализата се вклучени вкупно 42 експерти, од кои 26 адвокати, 10 јавни обвинители и 6 судии. Изборот на експертите е извршен согласно нивното искуство со кривични дела за криумчарење мигранти. При доставувањето на прашалниците до адвокатите беше потенцирано на прашалникот да одговорат адвокати кои работеле во предмети со криумчарење мигранти. Анкетниот прашалник беше доставен до судии и на јавните обвинители кои работат или претходно работеле во Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје

или во ОЈО за ГОКК.  На овој начин се покриваат сите релевантни аспекти во анализата на проблемот и се овозможува споредба на мислењето на различни  групи на експерти, со цел изведување на релевантни и непристрасни заклучоци.

Анализата се заснова на анкетата како метод за прибирање на податоци, при што за потребите на истата изработени се 3 посебни анкетни прашалници, наменети за секоја група на експерти одделно. Анкетните прашалници се составени од различни типови на прашања, при што во воведниот дел имаме општи прашања кои се однесуваат на профилот и искуството на експертот, по што следат стручни прашања кои се однесуваат на поставените хипотези. Анкетните прашалници се со комбиниран тип на анкетни прашања, при што дел од прашањата се ДА/НЕ прашања, дел се со повеќекратен избор на неколку понудени одговори, додека пак дел се прашања од отворен тип, каде експертите можат слободно да го изразат своето мислење по одредено прашање и да ги образложат своите одговори.

Поради спецификите на секој од трите експертски профили, анкетните прашања во својата суштина се прилагодени да одговараат на аспектот кој се покрива. Па така, одредени прашања може да бидат апликативни за сите три групи на експерти, додека пак дел од прашањата се однесуваат исклучиво на адвокатите, јавните обвинители, или судиите, во зависност од проблематиката. Анкетниот прашалник за адвокатите е составен од вкупно 56 прашања, за јавните обвинители анкетниот прашалник брои вкупно 34 прашања, додека пак за судиите истиот има вкупно 32 прашања. При креирањето на прашањата се зема предвид дека адвокатите застапуваат во предмети со криумчарење мигранти согласно нивното овластување добиено од клиентите. Како адвокати тие застапуваат предмети кај различни судии кои го добиле предметот врз основа на распределбата на АКМИС системот и врз основа на поднесени обвиненија од јавни обвинители на кои им бил распределен конкретен предмет. Со ваквата распрделба на предметите, судиите и обвинителите можат да одговорат на прашањата со кои тие се сочиле во конкретно доделените предмети, додека адвокатите се соочуваат со практиките на повеќе судии и јавни обвинители во сите фази од кривичната потапка (истрага, претходна постапка, главна раправа и постапка по вонредни и редовни правни средства пред Апелациониот суд Скопје и пред Врховниот суд на РСМ). Од овие причини во прашалниците е адресирани поголем пroj прашања за адвокатите.  Сите три анкетни прашалници се приложени на крајот од трудот.

Од методолошки аспект, станува збор за квалитативна анализа на не-нумерички, односно номинални податоци, која во суштина има за цел да обезбеди увид во искуствата и видувањата на одредени поединци или групи. За разлика од квантитативната анализа, која се фокусира на нумерички податоци и статистичка анализа, квалитативната анализа се потпира на толкувачки и индуктивен пристап. Квалитативната анализа може да се реализира низ повеќе различни методи, но во конкретниов случај, може да се каже дека станува збор за „студија на случај", како посебен тип на квалитативна анализа, каде длабински се навлегува и истражува феноменот на криумчарењето мигранти, при што се доаѓа до опсежно разбирање на оваа комплексна проблематика.

Во врска со анкетата како инструмент за прибирање на податоци и спроведување на самото истражување, иако истиот повеќе се поврзува и е типичен за квантитативните истражувања, често се користи и при квалитативни истражувања, особено кога имаме прашања од отворен тип, каде испитаниците можат да дадат детални одговори во врска со своите мислења и перцепции за одреден проблем. Анкетата како инструмент за спроведување на квалитативно истражување има свои предности и недостатоци. Најголема предност кај овој инструмент е неговата ефикасност, едноставност, како и малите трошоци за спроведување. Понатаму, предност е тоа што се користи некој стандардизиран формат, кој подоцна овозможува полесно систематизирање и споредба на добиените одговори, односно овозможува одреден степен на квантификација на податоците, дури и при квалитативни истражувања. Конечно, не помалку значајна предност е и тоа што анкетата како инструмент во принцип е анонимна, што им дава на испитаниците поголема слобода да го изразат своето мислење без било какви ограничувања. Од друга страна пак, како клучни недостатоци и ограничувања на овој пристап може да се истакнат ограничениот контекст и длабочина на самата анализа, помала флексибилност, тешкотии при дизајнирање на анкетните прашалници и ограничено разбирање на прашањата од страна на испитаниците, како и голема веројатност за добивање на површни одговори кои во целост не го отсликуваат мислењето на испитаниците.

Во насока на целосно искористување на предностите на анкетата како инструмент за прибирање на податоци и спроведување на истражувањето, а воедно елиминирање на

наведените недостатоци и можни ограничувања, анкетните прашалници се специјално дизајнирани, така што затворениот тип на прашања со повеќекратен избор на понудени одговори е проследен со прашања од отворен тип, каде испитаниците можат да дадат дополнително појаснување на своите претходни одговори. На овој начин од една страна се обезбедува споредливост и унифицираност на добиените одговори, но исто така е оставена и можност за подлабоко навлегување во нивната суштина.

Во контекст на поставените хипотези, истите ќе се потврдат или отфрлат во зависност од тоа дали мнозинството на експерти опфатени со истражувањето се согласуваат или не се согласуваат со наведените искази, при што одлуката ќе се заснова на споредбена анализа на добиените одговори на прашањата поврзани со секоја хипотеза одделно. Општата хипотеза се тестира посредно, преку посебните хипотези, но и непосредно, преку одделни прашања во анкетните прашалници.

- ***Опис на експертскиот панел вклучен во истражувањето***

Во врска со панелот на експерти вклучени во истражувањето, согласно горенаведеното, станува збор за вкупно 42 експерти, од кои 26 адвокати, 10 јавни обвинители и 6 судии.




Графикон 1: Структура на експертскиот панел

Најголем дел од експертите се со работно искуство помеѓу 11 и 20 години во својата професија (50% од адвокатите,  80% од јавните обвинители и 67% од судиите), но има

такви со искуство до 10 години, односно над 20 години искуство како судија, обвинител или адвокат.

Од јавните обвинители, седуммина се со работен стаж помеѓу 6 и 10 години во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, додека пак тројца се со искуство до 5 години во ова обвинителство. Од судиите пак, тројца се со работен стаж до 5 години во Одделението за гонење на организиран криминал и корупција во Основниот кривичен суд во Скопје, двајца се со стаж од 6 до 10 години во ова одделение, додека пак еден судија е со работен стаж над 11 години во ова одделение.




Графикон 2: Работно искуство на експертите во соодветната област

Во однос на искуството на експертскиот панел во работата со предмети за кривични дела од областа на криумчарење мигранти, најголемо искуство може да се каже дека имаат јавните обвинители, каде 8 од 10 јавни обвинители имаат работено на повеќе од 20 предмети со криумчарење на мигранти, при што четворица од нив работеле и на повеќе од 40 предмети за кривични дела со криумчарење мигранти. Кај судиите постои рамномерна дистрибуција во однос на нивното работно искуство со овој тип на предмети, при што двајца судии се со искуство до 20 предмети, двајца се со искуство од 21 до 40 предмети и двајца се со искуство од над 40 предмети за криумчарење мигранти. Сликата е нешто поинаква кај адвокатите, кај кои 77% се изјасниле дека работеле на помалку од 20 предмети за криумчарење мигранти, додека пак по 12% во вкупниот број е учеството на оние кои имаат работено меѓу 21 до 40, односно над 40 од овој вид на предмети.




Графикон 3: Искуство во работа со предмети за кривични дела криумчарење мигранти

Најголем дел од адвокатите, односно над 40%, застапуваат предмети од сите области (кривична, граѓанска и управна област). Околу 27% од адвокатите се специјализирани за кривични постапки, а 12% работат во граѓанска област. Нешто под 20% пак застапуваат предмети и од кривична и од граѓанска област.




Графикон 4: Област во која адвокатите во експертскиот панел застапуваат предмети

Во врска со стручното усовршување на експертите опфатени со панелот за постапување со нерегуларни мигранти, 90% од јавните обвинители, 50% од адвокатите и 33% од судиите учествувале барем на една обука за постапување со нерегуларни мигранти. Општа обука за постапување со мигранти – сведоци во кривичната постапка посетиле по една третина од судиите и јавните обвинители и 8% од адвокатите. Обука за постапување со мигранти сведоци и ранливи категории мигранти (деца, деца без придружба, жени, лица со посебни потреби и др.) посетиле една третина од јавните обвинители, 17% од судиите и 15% од адвокатите, додека пак двете наведени обуки ги посетиле една третина од јавните обвинители, 17% од судиите и 27% од адвокатите.




Графикон 5: Учество на обука за постапување со илегални мигранти

## 1.2. Анализа на содржина на предмети и пресуди на повисок суд

Предмет на квалитативна анализа се судските предмети во кои обвинетите не признале вина бидејќи во пресудите од тие кривични постапки се изведуваат и анализираат сите докази меѓу кои: исказите на сведоците мигранти; бројот на нерегуларни мигранти сведоци во постапката; колку сведоци дале исказ во текот на истрагата; во колку од пресудите биле непосредно сослушани сведоците; во колку пресуди биле прочитани исказите од истрагата. Од списите на предметите може да се види правниот основ за задржување на мигрантите во прифатните и транзитните центри, а во некои од нив може да се утврди и времето на нивното задржување. Потоа анализата е направена од аспект на кривични дела со потешка квалификација кога меѓу мигрантите има деца и од кои докази судот ја утврдил возраста на мигрантите. Анализата ги опфаќа и причините за потврдување на првостепената пресуда, во предметите во кои била вложена жалба. Пресудите се анализирани и од аспект на примена на праксата на Европската конвенција за човековите права и примена на меѓународните договори и конвенции.

Предметите се анализирани согласно поставената општа и посебни хипотези и на тој начин е поделена анализата.

Анализирани се вкупно 28 предмети од кои 15 од Основниот кривичен суд Скопје (Судски Портал на Република Северна Македонија, 2008), Одделение за организиран криминал и корупција одбрани по случаен избор. На почетокот на истражувањето беа побарани сите предмети за кривични дела за криумчарење мигранти **во кои обвинетите не признале вина**. Според АКМИС системот бројката изнесуваше 30 - триесет

предмети, но по разгледување на списите од предметите беше утврдено дека во само 4 - четири од нив обвинетите не признале вина. Потоа се пристапи кон рачно пребарување на правосилните предмети обезбедени од архивата на судот по што се дојде до бројка за анализа од 22 предмети. Оваа бројка не беше конечна, бидејќи при пребарувањето се наиде на други потешкотии за обезбедување на предметите за анализа.  Во дел од предметите во кои имало повеќе обвинети била раздвоена постапката и бидејќи за некои од обвинетите постапката не е завршена сите списи со комплет докази се наоѓа кај судијата кој постапува во раздвоената бројка. Од овие причини во овие предмети не можеше да се направи увид. Предмети во кои не можеше да се направи увид се и предметите, кои исто така биле раздвоени и иако се заведени како правосилни во АКМИС системот, по вложени редовни и вонредни правни лекови, за раздвоениот предмет кој не е правосилен, физички се наоѓаат во Апелациноиот суд Скопје или во Врховниот суд на Република Северна Македонија. Конечната бројка на анализирани предмети од Основниот кривичен суд Скопје е 15 предмети.

Оваа бројка е основната бројка на анализираните предмети, бидејќи предметите по жалба и по вонреден правен лек произлегуваат од овие 15 предмети на Основниот кривичен суд Скопје.

Анализирани се и пресуди на Апелациониот суд Скопје, кои пресуди се дел од првостепените анализирани предмети во кои била вложена жалба. Од анализатата произлезе дека жалба била вложена во 9 предмети од 15 и овие пресуди на Апелациониот суд Скопје беа предмет на анализа.

Исто така анализирани се пресуди на Врховниот суд на Република Северна Македонија кои биле донесени врз основа на вонреден правен лек, во кои првостепена пресуда била донесена во Основниот кривичен суд Скопје, била вложена жалба и била донесена пресуда во Апелациониот суд Скопје, потоа по вонреден правен лек Барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда поднесен против двете претходни пресуди, кој бил поднесен во 4 предмети од анализираните, биле донесени 4 пресуди на Врховниот суд на РСМ.

Овој методолошки пристап обезбеди целосна анализа на постапките од првостепениот до највисокиот, Врховниот суд на Република Северна Македонија, со што се утврди праксата на судовите во сите три судски инстанци при постапувањето во овие предмети.

## 2. Резултати согласно посебните хипотезите

***Хипотеза 1****: Нерегуларните мигранти кои се сведоци во кривичната постапка од моментот на нивното откривање до моментот кога ќе бидат сослушани од страна на јавниот обвинител во истражната постапка се задржуваат во Прифатниот центар за странци, иако согласно Законот за кривична постапка нема законски основ за нивно задржување.*

- ***Според анкетни прашалници***

За откривање на кривичното дело криумчарење мигранти кога се откриени мигранти и осомничени во 90% од случаите јавното обвинителството е информирано од страна на Министерството за внатрешни работи, односно од Сообраќајната полиција, Граничната полиција, Прифатниот центар за странци или надлежна полициска станица. Сепак, има случаи кога таква информација до јавното обвинителство може да стигне и од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно од Шумската полиција.

На прашањето дали мигрантите по откривањето на кривичното дело секогаш се задржуваат во Прифатниот центар за странци при МВР, 58% од адвокатите одговориле потврдно, додека пак 42% одговориле одречно. На истото прашање, мислењето на јавните обвинители е поделено, така што 40% одговориле потврдно, а исто толкав дел одговориле одречно. Сепак, дел од обвинителите не знаеле со сигурност да кажат каде се задржуваат мигрантите, или пак сметаат дека мигрантите по откривањето на кривичното дело само понекогаш се задржуваат во Прифатниот центар за странци.




Графикон 6: Дали мигрантите секогаш се задржуваат во Прифатниот центар за странци при МВР

Најголемиот дел од експертите вклучени во истражувањето сметаат дека законскиот основ по кој се задржуваат мигрантите во Прифатниот центар за странци е „илегален влез во Република Северна Македонија“, за што се изјасниле 70% од јавните обвинители, 35% од адвокатите и 50% од судиите. Сепак, има и случаи кога мигрантот се задржува во Прифатниот центар за странци врз основа на потпишан писмен „Записник за признавање на право на азил во РМ“, како и поради “Поради прекршување на чл.12 ст.1 од Законот за гранична контрола. Поради утврдување на идентитет“ или пак заради давање на исказ за потребите на кривичната постапка. Околу 42% од адвокатите се изјасниле дека не им е познато по кој основ се задржуваат мигрантите во Прифатниот центар.




Графикон 7: Основ по кој се задржува мигрантот во Прифатниот центар

Во врска со времето на задржување на мигрантите во Прифатниот центар со цел давање на исказ за потребите на истрагата или кривичната постапка, задржувањето најчесто е од една до две недели, иако има и случаи кога задржувањето може да трае и до 30 дена. Повторно, 27% од адвокатите се изјасниле дека не им е познато колкаво е времето на задржување на мигрантите во Прифатниот центар со цел давање на исказ во судската постапка.




Графикон 8: Време на задржување на мигрантот во Прифатниот центар со цел давање исказ за потребите на истрагата / кривичната постапка

Најголемиот дел од судиите опфатени со истражувањето (80%) сметаат дека времето на задржување на мигрантите во Република Северна Македонија е тесно поврзано со нивното давање исказ како сведоци во постапката/истрагата пред Јавното обвинителство. Во зависност од тоа за каква постапка согласно ЗКП се работи ( дали е обвинителен предлог или обвинителен акт), времето поминато од денот на извршување на кривичното дело до денот на главната расправа може да биде различен, иако откако ќе се достави обвинението до судот главната расправа се закажува во рок не подолг од 30 дена. Судиите едногласно сметаат дека од денот на извршување на кривичното дело опишано во обвинението до денот на првата главна расправа која ја закажал судот во просек поминуваат од 1 до 3 месеци.

- ***Според анализа на содржина на предметите***

Според квалитативната анализа во 14 од вкупно 15 предмети по откривањето на кривичното дело, сведоците мигранти биле сместени во Прифатниот центар за странци при МВР**,** само во еден предмет нема податок за нивно сместување во Прифатниот центар за странци при МВР, бидејќи мигрантите воопшто не биле задржани.

Во поглед на **правниот основ** за задржување на сведоците мигранти во Прифатниот центар за странци при МВР, анализата покажа дека во списите на 3 од анализираните предмети е наведено дека мигрантите биле примени во Прифатниот центар за странци, откако претходно поднеле писмен „Записник за признавање на право на азил во РМ“, по што биле префрлени во „ЈУ Центар за баратели на азил во РМ“ во с.Визбегово Скопје. Во списите од други 3 предмети наведениот правен основ за задржување бил “Поради прекршување на чл.12 ст.1 од Законот за гранична контрола. Во 2 предмети мигрантите биле задржани во Прифатниот центар за странци по усна наредба на јавниот обвинител така што е забележано: „По усна наредба на ОЈО за ГОКК во врска со кривично дело чл.418-б од КЗ“, во 3 предмети е нотирано дека правен основ за задржување бил „Илегален влез во РМ“, во 2 предмети правниот основ е „утврдување на идентитет“, додека во еден предмет нема податок за правниот основ за нивно сместување во Прифатниот центар за странци при МВР, бидејќи мигрантите воопшто не биле задржани.

По однос на **времето на задржување** може да се забележи дека во 1 од анализираните предмети иако биле откриени, мигрантите не биле задржани и не биле сослушани од страна на јавниот обвинител. Во 6 предмети само дел од мигрантите биле задржани во Прифатниот центар за странци, но не биле сослушани од страна на ЈО и нема податок колку време биле задржани и кога ја напуштиле државата. Во 3 од предметите биле задржани мигранти кои дале исказ во просториите на јавното обвинителство, но нема податок колку време биле задржани. Од списите на анализираните предмети може да се заклучи дека во овие три предмети постои податок кога мигрантите биле задржани во Прифатниот центар за странци, но до судовите не се доставува известување кога точно мигрантите го напуштиле Прифатниот центар и кога ја напуштиле државата. Од овие причини во овие три предмети не може да се утврди времето на задржување на мигрантите сведоци. Во 5 од анализираните предмети биле задржани сите или дел од мигрантите во Прифатен центар за странци, а времето на задржување било помеѓу 3 дена и 1 месец, во сите овие случаи задржаните мигранти дале исказ пред јавниот обвинител, а потоа веднаш ја напуштиле државата.

***Во Законот за кривична постапка не е пропишана законска одредба според која лице кое треба да сведочи во кривична постапка може против негова волја да биде задржано во одредена установа и при тоа да му биде ограничена слободата на движење.***

Од анализата на анкетните прашалници и анализата на содржината на кривичните предмети и пресуди произлегува дека мигрантите кои треба да сведочат во судската постапка се задржуваат во прифатниот центар за странци кој период трае во просек од 1 до 3 месеци. Видно од анализата, веднаш по сослушувањето од страна на јавниот обвинител сведоците мигранти ја напуштаат државата.

- ***Анализа на извештаи за задржување мигранти во Прифатен центар за странци***

Анализата на **извештаите на Националниот правен механизам на Народниот правобранител** за периодот од 2015 до 2021 година е во корелација со анкетните прашалници и анализираните судски предмети. Според овие извештаи правниот основ наведен во решенијата за задржување, не кореспондира со фактичката причина поради

која лицата се задржани во Прифатниот центар, односно заради нивно обезбедување како сведоци во судските постапки што се водат против трети лица. Задржаните лица не биле задоволни од времетраењето на судските постапки, истите не биле информирани до каде е постапката пред судот и уште колку време ќе бидат задржани. Во извештаите се повторува дека останува нерешено прашањето за правниот основ за нивно задржување за кој не е предвидена законска одредба во Законот за кривична постапка, поради што во решенијата за задржување се наведуваат правни основи за задржување дека лицата се баратели на азил или се работи за лица на кои треба да им се утврди идентитетот. Дополнително, дека ваквата пракса продолжува потврдуваат и извештаите на НПМ за 2020 и 2021 година според кои заклучуваме дека лицата кои треба да сведочат во судските постапки се задржуваат во Прифатниот центар и не им се издава решение за задржување. По сослушувањето од страна на јавниот обвинител истите со полициска „асистенција“ се депортираат од државата.

Во корелација на **извештаите на** Народниот правобранител, се и извештаите на **Македонското здружение за млади правници** кое е **поддржано од** Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци при Обединетите нации во Скопје (**УНХЦР**). Овој извештај ја опфаќа и проблематиката со која се занимава овој труд при што во истиот е констатирано дека во Транзитниот центар Винојуг се задржувани лица како сведоци во постапка против криумачари на мигранти без да им се издаде решение за сместување или задржување, а како причина за задржување се појавува сведочењето во кривична постапка, иако согласно позитивните законски одредби и норми ова не претставува основа за задржување.

Во оваа насока е и **извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2021** (Directorate-General for Neighbourhood and Enlargement Negotiations , 2021) од кој може да заклучиме дека и во текот на 2020 година продолжило произволното притворање на лицата приведени при нелегален премин на границата во прифатниот центар за странци во Општина Гази Баба, со цел да се обезбеди нивно сведочење како сведоци во судските случаи против криумчарите. Констатацијата дека се продолжува со произволниот притвор на лицата фатени во нерегуларни движења во прифатниот центар за странци заради сведочење во судските случаи која практика не е во согласност со меѓународните стандарди се забележува и во **извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2022** (Секретаријат за европски прашања, 2023)**.** Во извештајот

на Европската комисија за Северна Македонија за 2023 година не е опфатено ова прашање.

Согласно извршената анализа, може да се констатира дека **посебната хипотеза 1 од овој докторски труд се прифаќа**, односно нерегуларните мигранти кои се сведоци во кривичната постапка од моментот на нивното откривање до моментот кога ќе бидат сослушани од страна на јавниот обвинител се задржуваат во Прифатниот центар за странци, иако согласно Законот за кривична постапка нема законски основ за нивно задржување.

***Хипотеза 2:*** *На мигрантите кои се задржани во Прифатниот центар за странци се лишени од слобода и им е ограничена слободата на движење. На мигрантите кои се задржани во Прифатниот центар за странци не им се образложува законскиот основ за нивното задржување, не можат слободно да излегуваат од центарот и не можат да комуницираат со своето семејство;*

- ***Според анкетни прашалници***

Од одговорите на експертите на анкетните прашалници може да заклучиме дека мигрантите кои се откриени при откривање на кривичните дела сведочење мигранти се задржуваат во Прифатниот центар за странци и им е ограничена слободата на движење. Поголемиот дел на испитаници (експерти), се изјасниле дека нерегуларните мигранти, се задржуваат во Прифатниот центар за странци за да дадат исказ во кривичната постапка. Овие резултати произлегуваат од анализата на анкетните прашалници веќе опишани во посебната хипотеза 1.

- ***Според анализа на пресудите***

Од списите од анализираните предмети, произлегува дека дел од мигрантите се задржуваат во Прифатниот центар за странци при МВР заради сведочење во судската постапка. Мигрантите кои се сместени во Прифатниот центар не можат слободно да го напуштат центарот додека дадат исказ во кривичната постапка и во овој период им е ограничена слободата на движење.

Имено, од списите на судските предмети, поточно од известувањата кои се доставуваат до судот на главната расправа произлегува дека, откако мигрантите ќе дадат исказ во јавното обвинителство веднаш поднесуваат писмен „Записник за признавање на право на азил во РМ“, или претходно се задржани по тој основ и како баратели на азил се префрлаат во „ЈУ Центар за баратели на азил во РМ“ во с.Визбегово Скопје. Центарот за баратели на азил во с.Визбегово е од отворен тип, во тој центар на мигрантите не им е ограничена слободата на движење и тие слободно го напуштаат и заминуваат до државата. Најчесто во Центарот за баратели на азил во Визбегово, сведоците мигранти се префрлаат откако ќе дадат исказ за потребите на кривичната постапка.

Во прилог на претходната констатација е еден од анализираните предмети во кој на обвинетата и се ставало на товар едно кривично дело Криумчарење мигранти од чл.418-б ст.2 од Кривичниот законик. Според обвинението на 11.06.2015 година во старата семејна куќа на обвинетата биле пронајдени 13 мигранти, сите од Сирија. Видно од известување на Секторот за гранични работи и прекугранични криминал – Регионален центар за гранични работи „Север“ сите 13 мигранти на ден 11.06.2015 година биле примени во Прифатниот центар за странци. Откако им бил земен исказ од страна на јавниот обвинител, на ден 10.07.2015 година, биле префрлени во „ЈУ Центар за баратели на азил во РМ“ во с.Визбегово Скопје, од кој, според известувањето испратено до јавниот обвинител, без најава заминале во непознат правец. Според овие податоци, сведоците мигранти заради давање исказ во кривичната постапка биле задржани во Прифатниот центар за странци 31 ден.

Оваа пракса може да се забележи и во во друг предмет во кој на обвинетиот му се става на товар едно кривично дело Криумчарење мигранти од чл.418-б ст.2 од Кривичниот законик според кое обвинетиот на ден 23.04.2016 година околу 02,00 часот на автопатот Гевгелија - Скопје, со ПМВ „Ауди“, сребрена боја, прифатил и превезувал 5 нерегуларни мигранти од кои 4 од Авганистан и 1 од Пакистан. Од известување од Директорот на БЈБ при МВР на РМ, видно е дека мигрантите биле евидентирани и примени во Прифатниот центар за странци, на 23.04.2016 година откако претходно поднеле писмен „Записник за признавање на право на азил во РМ“. Според известувањето на 08.06.2016 година биле префрлени во „ЈУ Центар за баратели на азил во РМ“ во с.Визбегово Скопје. Од списите во предметот, поточно од записниците

зсослушување на сведок произлегува дека сведоците мигранти биле сослушани во ОЈО за ГОКК на ден 06.06.2016 година и на ден 07.06.2016 година. Во текот на постапката до судот е доставено известување дека овие мигранти без претходна најава го напуштиле центарот за баратели на азил и се упатиле во непознат правец. Податоците на овој предмет упатуваат на заклучокот дека само еден ден по сослушувањето сведоците мигранти ја напуштаат државата.

Во еден од анализираните предмети во текот на постапката одбраната барала да биде повикано лицето за кое се тврди дека е малолетник со цел правилно утврдување на фактичката состојба, меѓутоа тој предлог не бил прифатен од страна на судот со оглед дека лицето повеќе не се наоѓало на територија на РМ. Од списите на овој предмет призлегува дека на малолетниот мигрант веднаш му бил поставен старател ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје. *Малолетниот мигрант бил привремено сместен во Прифатен центар за странци од 13.05.2019 до 16.05.2019 година по што поднел записник за прием на усно барање за признавање на правото на азил и веднаш бил префрлен во ЈУ „Прифатен центар за баратели на азил" на 16.05.2019 година. На ден 18.05.2019 година без претходна најава го напуштил центарот и се упатил во непознат правец.*

Краткиот престој на децата мигранти во Прифатните центри се забележува во повеќето анализирани предмети.

Од овие податоци може да се извлече заклучокот дека мигрантите се задржуваат во Прифатниот центар за странци во кој им е ограничена слободата на движење до моментот на давање исказ пред јавниот обвинител во текот на истрагата.

- ***Анализа на извештаи за задржување мигранти во Прифатен центар за странци***

Со цел да се тестира посебната хипотеза број 2 податоците од анкетните прашалници и анализата за содржината на судските предмети беа анализирани во корелација со извештаите на НПМ на НП на РСМ за периодот од 2015 до 2021 година.

Бидејќи според анализата произлезе дека на сведоците мигранти им се ограничува слободата на движење и во Прифатниот центар за странци во Гази баба и во Прифатниот транзитен центар Винојуг, во понатамошниот текст и за двата центри ќе биде користен терминот Прифатен центар.

Од извештаите на НПМ опфатени со периодот на истражувањето може да се забележи дека низ годините постепено се подобруваат сместувачките капацитети и условите во Прифатниот транзитен центар Винојуг, додека сместувачките капацитети во Прифатниот центар Гази Баба не се задоволувачки. На мигрантите им е ограничена слободата на движење бидејќи се затворени во т.н. контејнери со стандардна големина од 8 м2, во кои се сместени 3-4 лица. Контејнерите можат да ги напуштаат само со придружба од страна на службени лица од Министерството за внатрешни работи на кои им помагаат припадници на Армијата на Република Северна Македонија и истите се вооружени.

На мигрантите во прифатниот центар им е ограничена слободата на движење, прошетките на чист воздух им се дозволуваат само на мал број лица, одземени им се мобилните телефони, правото на преведувач ретко се остварува, а поплаките ги поднесуваат усно. Од извештајот произлегува дека на мигрантите им се одземаат и предмети доколку јавниот обвинител процени дека истите можат да послужат како доказ во судската постапка, но не се води евиденција за одземените предмети. При одземањето на предметите најчесто им се одземаат мобилните телефони поради што немаат можност да се јават на нивните роднини и да ги известат дека се задржани и лишени од слобода.

Една од главните поплаки на задржаните лица во прифатните центри е недостатокот на информации во однос на времетраењето и причините за нивното задржување во Центарот. Од извештаите можеме да констатираме дека за дел од мигрантите Министерството за внатрешни работи носи решенија со кои се ограничува слободата на движење на лицата со нерегуларен влез, спротивно на законските процедури што го уредуваат прашањето на задржување. За дел од мигрантите не се носат никакви решенија од страна на Министертвото за внатрешни работи и мигрантите никаде не се евидентираат.

Во извештајот за 2019 година големо внимание се посветува на задржувањето на непридружуваните деца странци, чиј број значително е зголемен, во сите четири сместувачки капацитети - Прифатните транзитни центри и во Прифатните центри за странци и за баратели на азил. Иако со овие деца, како што е наведено во извештаите се постапува согласно Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца – странци и секогаш им се назначува старател, на истите во многу краток временски период им се губи трагот. На овие извештаи се надоврзува и анализата на списите од судските предмети во кои е нотирано или е испратено известување до судот, дека децата мигранти – сведоци во кривичната постапка, неколку дена по сослушувањето од страна на јавниот обвинител, своеволно го напуштаат прифатниот или транзитниот центар и заминуваат во непознат правец. Оттука произлегува потребата надлежните институции да преземат мерки за зајакнување на контролата врз непридружуваните деца заради овозможување соодветен третман и заради превенирање на самоволното напуштање на Прифатните центри, бидејќи станува збор за ранлива категорија на лица која е подложна на можна трговија со луѓе и друг вид на злоупотреба. Согласно начелото за „најдобар интерес на детето“, треба да се разгледа можноста за изнаоѓање соодветни алтернативи за сместување на непридружувани деца и останати ранливи категории на бегалци/мигранти и баратели на азил.

Наведените заклучоци за лишување од слобода на мигрантите и ограничување на нивната слобода на движење во прифатните центри за потребите на кривичната постапка е нотирана и во извештаите на Европската комисија за Северна Македонија за 2021, Македонското здружение на млади правници во извештајот од 2021 година поддржан од УНХЦР (Македонско здружение на млади правници, 2021) и извештајот на Амнести Интернешнал за 2015 година (Amnesty International, 2015). Во овие ивештаи се алармира дека мигрантите се арбитрерно држени во центарот во нехумани и деградирачки услови, како сведоци во постапката против криумчарите на мигранти.

Иако во сите меѓународни и домашни извештаи е констатирана оваа состојба сепак оваа пракса продолжува и претставува кршење на основните слободи и права на оваа категорија мигранти. Државата и државните органи и институции се оние кои треба да преземат иницијатива за почитување на важечкото законодавство, на востановените стандардни оперативни процедури со цел да престане праксата на задржување на сведоците мигранти во прифатните центри за потребите на судската постапка, да се

почитува правото на слобода на движење како и да се пристапи кон итна измена на законите кои се релевантни за правно регулирање на оваа состојба.

Согласно горенаведеното, може да се констатира дека **посебната хипотеза 2 од овој докторски труд се прифаќа**, односно на мигрантите кои се задржани во Прифатниот центар за странци се лишени од слобода и им е ограничена слободата на движење.

***Хипотеза 3:*** *Јавниот обвинител ги сослушува мигрантите во текот на истражната постапка во просториите на јавното обвинителство, во присуство на обвинетиот и неговиот бранител.*

- ***Според анкетни прашалници***

Согласно изјавите на адвокатите, во 76% од случаите истите се ангажирани со полномошно од страна на осомничениот/обвинетиот или член на неговото семејство, додека пак во 24% од случаите истите се ангажирани како бранители поставени по службена должност. Најголемиот дел од адвокатите за прв пат се ангажирани/повикани како бранители во текот на истрагата на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција (54%), а нешто помалку (35%) за прв пат се ангажирани/повикани во предистражната постапка во Министерството за внатрешни работи. Во неколку случаи адвокатот е за прв пат ангажиран/повикан во фаза на оценка на обвинителниот акт, или пак во фаза на одржување на главна расправа пред судот.




Графикон 9: Фаза од постапката во која за прв пат е повикан адвокатот како бранител во кривични дела со криумчарење мигранти

Најголем дел од адвокатите, односно речиси 40%, не се запознаени каде обвинителот го има првиот контакт/разговор со мигрантите, додека пак речиси 20% сметаат дека тоа е во полициска станица, а 15% сметаат дека првиот контакт / разговор на јавниот обвинител со мигрантите се случува во Прифатниот центар за странци при МВР. Сепак, согласно изјавите на јавните обвинители, во најголем дел од случаите (60%), првиот контакт / разговор со мигрантите се случува во просториите на Основното јавно обвинителство, додека пак во 20% од случаите тоа се случува во полициска станица. Сепак, има и случаи кога првиот контакт на обвинителот со мигрантите е во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (10%), како и во ЈУ Центарот за баратели на азил на Република Северна Македонија.




Графикон 10: Место каде обвинителот го има првиот контакт / разговор со мигрантите

Во најголем дел од случаите сослушувањето на сведоците мигранти од страна на јавен обвинител се одвива во просториите на јавното обвинителство, за што се согласни 90% од обвинителите и 73% од адвокатите вклучени во истражувањето. Понекогаш постојат случаи и кога сослушувањето се врши во Прифатниот центар за странци при МВР, а дел од адвокатите сметаат дека истото понекогаш се случува и во полициските станици.




Графикон 11: Место каде се врши сослушување на сведоците мигранти од страна на јавниот обвинител

При сослушувањето на сведоците мигранти, најчесто, односно во 38% од случаите, присутни се преведувач, бранител на осомничениот и старател од ЈУ МЦСР доколку мигрантот е дете (без придружба). Поретко постојат случаи кога покрај горенаведените присутни се и осомничените, но и случаи кога се присутни само преведувач, или преведувач и старател од ЈУ МЦСР, односно кога ниту осомничените, ниту нивен бранител не се присутни при сослушувањето на сведоците мигранти. Согласно изјавите на учесниците во експертскиот панел, 32% од јавните обвинители, 35% од адвокатите и 23% од судиите изјавиле дека за време на сослушувањето на сведоците мигранти присутен е преведувач. Понатаму, 29% од јавните обвинители и 27% од адвокатите изјавиле дека при сослушувањето се присутни и старател од ЈУ МЦСР доколку мигрантот е дете (без придружба), како и бранител на осомничениот, додека пак по 11% од обвинителите и адвокатите изјавиле дека се присутни и осомничените лица. Спротивно на ова, 23% од судиите сметаат дека за време на сослушувањето присутен е и старател од ЈУ МЦСР доколку мигрантот е дете (без придружба), но само 8% сметаат дека е присутен и бранител на осомничениот. Од друга страна пак, речиси половина од судиите сметаат дека при сослушувањето на сведоците мигранти присутни се и осомничените лица.




Графикон 12: Присутни лица за време на сослушувањето на сведоците мигранти

На прашањето дали кога се сослушуваат сведоци мигранти од страна на јавниот обвинител секогаш се присутни осомничениот и неговиот бранител, само околу 20% од адвокатите и јавните обвинители одговориле потврдно, додека пак нешто над 80% од одговориле одречно. Причините за ова, сметаат адвокатите се тоа што осомничените се најчесто во притвор, додека пак тие како бранители не се поканети. Во некои случаи бранителот е известен за денот и часот на сослушувањето по телефон и во оваа ситуација доколку бранителот не дојде на сослушувањето обвинителот констатира дека бранителот е известен, но не е присутен на сослушувањето.

Од страна на јавните обвинители пак, посочено е дека осомничените и нивните бранители не се присутни на сослушувањето на сведоците мигранти во случаи кога станува збор за кривично правен настан во кој сторителот е непознат, или пак во ситуациите кога бранителот или осомничениот се известени за преземање на истражно дејствие, но истите нема да се јават на одредениот термин или сметаат дека нема потреба да присуствуваат. Друг случај кога при сослушувањето не се присутни бранителот и осомничените е кога станува збор за кривично правен настан, за кој согласно одредбите од ЗКП, не се води истражна постапка (за дела за кои е превидена парична казна или казна затвор до 5 години), при што најчесто мигрантите се испитуваат во отсуство на бранителот или осомничениот заради што пократко нивно задржување во прифатните центри, или пак кога има потреба од итност во постапувањето.




Графикон 13: Дали кога се сослушуваат сведоците мигранти од страна на јавниот обвинител секогаш се присутни осомничениот и неговиот бранител

Кога се зема исказ од сведоците мигранти од страна на јавниот обвинител процесот најчесто не се снима, за што се согласни најголемиот дел од адвокатите и јавните обвинители. Образложението за тоа најчесто е дека во просторијата не постојат технички услови, или пак едноставно нема образложение за тоа зашто не се снима процесот. Обвинители вклучени во истражувањето појаснуваат дека се снимаат искази на жртви на кривично дело, по правилата на процесна заштита, но сведоците мигранти за кривично дело по член 418 од КЗ не спаѓаат во категорија на сведоци на кои можат да се применат одредбите за процесна заштита. Со други зборови, во ЗКП не постои законска обврска да се снимаат сведоците кои даваат исказ пред јавен обвинител, законот предвидува само таква можност на предлог на одбраната која може и не мора да се прифати.




Графикон 14: Дали кога се зема исказ од сведоците мигранти од страна на јавниот обвинител процесот се снима

- ***Според анализа на содржината на предметите***

Според анализата во 10 од анализираните предмети исказите биле дадени во просториите на јавното обвинителство, додека во 5 предмети не биле воопшто земени искази од мигрантите.

Од списите на предметите, посебно од записниците за сослушување на сведок мигрант произлегува дека јавниот обвинител секогаш ги сослушува сведоците мигарнти во просториите на Основното јавно обинителство за организиран криминал и корупција. При сослушувањето на сведоците во 5 случаи бил присутен само преведувач, во 1 случај при давањето исказ се констатирало дека не разбираат англиски и исказот го дале само во присуство на бранителот на обвинетиот, во 2 случаи исказот на мигрантите бил земен од јавниот обвинител во присуство на преведувач и бранител на обвинетиот, во 1 случај во присуство на обвинетиот и преведувач и во 1 случај само во присуство на јавниот обвинител.

Оваа хипотеза е поставена во насока да се испита дали јавните обвинители секогаш ги повикуваат осомничениот и неговиот бранител кога ги сослушуваат сведоците, со цел да се обезбеди правото на одбрана и еднаквост на оружјата на странките согласно членот 6 од Европската конвенција за човековите права. Според овој член во постапката треба да биде овозможена рамноправност на странките, односно секоја страна мора да добие разумна можност да го презентира својот случај под услови што не ја ставаат во понеповолна положба наспроти спротивставената страна.

Анализата на предметите покажува дека иако е очекувано дека сведоците мигранти нема да бидат присутни на главната расправа, сепак јавниот обвинител најчесто не ги повикува осомничениот и неговиот бранител кога ги сослушува сведоците мигранти. Ваквиот начин на постапување на обвинителот е спротивен на цитираниот член од Конвенцијата,спротивен на начелото на еднаквост на странките во постапката и го повредува правото на одбрана.

Сепак постапувањето на обвинителите треба да се анализира во корелација со постапувањето на бранителот на обвинетиот во текот на целата постапка. Анализираните предмети покажуваат дека иако бранителот не бил присутен при

сослушувањето на сведоците мигранти во текот на истрагата, ниту тој ниту обвинетиот приговараат на предлогот на јавниот обвинител да се читаат исказите на мигрантите на главната расправа. Најчесто адвокатите се согласуваат со предлогот на јавниот обвинител да се прочитаат исказите на сведоците мигранти. Судот секогаш кога има согласност на двете страни го прифаќа предлогот и ги чита исказите.

Со оглед дека истражувањето се однесува на период кој опфаќа седум години и е опфатена целата кривична постапка од поднесување на кривичната пријава до донесување на правосилна судска одлука, може да заклучиме дека и пасивноста на одбраната во текот на постапката, а особено во истрагата допринесува за ваквата судска пракса.

Имено доколку одбраната приговара на вака спроведената истрага, доколку не се согласува во повеќето случаи да се читаат исказите и доколку со издржани жалбени наводи успее да не се прифатат исказите на мигрантите и обвинителот да не ја докаже својата теорија на случај, тоа би придонело до поинаков став на јавните обвинители по ова прашање. Повеќе од сигурно е дека обвинителите би го промениле својот став и секогаш би обезбедувале присуство на бранителот и на осомничениот (ако осомничениот не е во бегство или е познат на органите на прогонот во моментот на сослушувањето). Дополнително, ако повисоките судови најдат повреда и заземат став дека бранителот и осомничениот секогаш треба да бидат повикани при сослушувањето на сведоците мигранти, поради специфичниот карактер на овие предмети обвинителите би го почитувале ставот на судот. Специфичниот карактер на овие предмети се состои во фактот дека мигрантите, како што е констатирано во ова истражување, кратко односно неколку месеци се задржуваат во прифатните центри, а потоа го напуштаат центарот и се упатуваат во непознат правец.

Согласно горенаведеното, може да се констатира дека **посебната хипотеза 3 од овој докторски труд делумно се прифаќа**, односно јавниот обвинител ги сослушува мигрантите во текот на истражната постапка во просториите на јавното обвинителство, но најчесто во отсуство на обвинетиот и неговиот бранител.

***Хипотеза 4:*** *Во текот на доказната постапка пред судот секогаш се читаат исказите на мигрантите кои биле сослушани во текот на истрагата бидејќи до моментот на одржување на главната расправа истите ја напуштиле Република Северна Македонија.*

***Хипотеза 5:*** *Националното законодавство пропишува во кои случаи се отстапува од непосредно сослушување на сведоци на главната расправа.*

- ***Според анкетни прашалници***

По добивање на обвинението судот во најголем број случаи не испраќа покана за главна расправа до сведоците мигранти, односно само 1 од судиите се изјаснил позитивно по однос на ова прашање. Причината за ваквиот начин на постапување на судиите е дека сведоците мигранти веќе дале исказ пред јавен обвинител во текот на истражната постапка. Најчесто Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на судската постапка до судот доставува писмено известување дека мигрантите веќе не се наоѓаат на територијата на Република Северна Македонија. Исто така, во некои случаи се доставува и известување од Прифатниот центар дека мигрантите престојувале во центарот, но по краток период го напуштиле и заминале надвор од границите на државата. Во овие случаи, кога судот навремено ја има оваа информација не испраќа покана за сведоците мигранти.




Графикон 15: Дали судот секогаш праќа покана за главна расправа до сведоците мигранти по добивање на обвинението

Сепак, во случаите кога судот испраќа покана до сведоците мигранти, најчесто, во речиси 60% од случаите поканата ја доставува до Прифатниот центар за странци при МВР. Во други случаи судот, во зависност од добиеното известување, поканата ја испраќа на адресата наведена во известувањето.




Графикон 16: Адреса на која судот ја праќа поканата до сведоците мигранти

На прашањето дали има уредна достава на покана за главна расправа за сведоците мигранти, судиите едногласно одговориле дека ретко се случува доставата да е уредна, само во еден или два предмети, доколку мигрантите се сè уште во прифатните центри, односно доколку истите не ја напуштиле државата, а главната расправа е закажана. Во случаите кога доставата на поканата не е уредна, судот најчесто добива известување од страна на прифатните центри, односно добива известување дека мигрантите го напуштиле прифатниот центар., Воо некои случаи известувањето до судот го доставува и ЈУ „Центар за баратели на азил“, Регионалните центри за гранични работи - РЦ Југ и РЦ Север, но и јавниот обвинител со образложение дека мигрантите не се наоѓаат во прифатниот центар и дека се упатиле во непознат правец.

Кога ќе добие известување дека сведокот мигрант ја напуштил државата и се упатил во непознат правец, судот носи одлука со која констатира дека сведокот не е достапен на органите на прогонот. Оваа одлука судот ја носи во текот на главната расправа по службена должност или пак на предлог на јавното обвинителство, а врз основа на добиеното известување. Половина од судиите опфатени со истражувањето изјавиле дека одлуката со која констатираат недостапност на сведокот мигрант ја носат по службена должност, додека пак половина од судиите изјавиле дека оваа одлука ја носат на предлог на јавниот обвинител.

Судиите секогаш го прифаќаат предлогот на јавниот обвинител да се читаат исказите на сведоците мигранти на главната расправа кога ќе се констатира дека не се достапни, согласно член 388 став 5 од Законот а кривична постапка, освен кога има процесни недостатоци при сослушување пред обвинителство (овој одговор го дал еден од судиите кој одговорил описно на прашањето, но не дал образложение кои се тие процесни недостатоци).

Во анкетните прашалници беше поставено прашањето дали јавниот обвинител одлучува да сослуша дел од мигрантите или сите мигранти и потоа во рамки на обвинението предлага да се изведат како доказ овие искази на мигрантите. Од одговорите произлегува дека најчесто, јавниот обвинител во доказната постапка предлага да се изведе како доказ исказот од еден или двајца сведоци мигранти бидејќи исказите генерално се повторуваат и дека исказите на еден или двајца сведоци мигранти се доволен доказ во постапката. Сепак поретко има случаи кога обвинителот дава предлог да се изведат исказите од сите мигранти кои биле криумчарени. Обвинителите навеле дека нивната одлука дали ќе се сослушаат сите мигранти зависи од карактерот на кривичниот предмет во корелација со другите докази, како и заради целисходност на кривичната постапка.




Графикон 17: Предлог за изведување на искази на мигрантите како доказ во постапката од страна на јавниот обвинител

На прашањето дали на главната расправа се читаат исказите на мигрантите дадени на записник во истражната постапка пред јавен обвинител, јавните обвинители и адвокатите имаат различно мислење. Имено, 58% од адвокатите сметаат дека тоа не е случај, додека пак 70% од јавните обвинители го тврдат спротивното. Согласно изјавите

на овие две групи на експерти, најчеста причина за читање на исказите на мигрантите дадени на записник во истражна постапка пред јавен обвинител е тоа што мигрантите кога постапката е во фаза  на главна расправа не се достапни, бидејќи веќе не се наоѓаат во прифатниот центар  ја напуштиле државата или биле депортирани.




Графикон 18: Дали на главната расправа се читаат исказите на мигрантите дадени на записник во истражна постапка пред јавниот обвинител

Кога на главната расправа јавниот обвинител ќе предложи читање на исказите на сведоците мигранти поради недостапност на истите, адвокатите како бранители генерално се противат на предлогот (во 58% од случаите). Причината за таквото противење најчесто е поради ускратување на правото на обвинетиот и бранителот вкрстено да го испитаат сведокот на главна расправа, односно заради ускратување на можноста да ги испитаат  сведоците во контрадикторна постапка поради што се доведуваат во нерамноправна положба со јавниот обвинител и се нарушува принципот за еднаквост на оружјата. Адвокатите генерално сметаат дека доказите треба непосредно да се изведуваат на главната расправа пред судот и во овој контекст исказите не треба да се читаат туку сведоците мигранти да можат непосредно да бидат сослушани со цел добивање на целосна слика за кривично правниот настан.

Од аспект на судот, за да се прифати читањето на исказот на сведокот мигрант даден на записник пред јавниот обвинител, задолжително треба да биде присутен преведувач во текот на неговото сослушување од страна на јавниот обвинител, бидејќи мигрантите во поголем број случаи не го разбираат службениот јазик на Република Северна Македонија. Во врска со присуството на осомничениот и негов бранител, судиите одговориле дека истото е од влијание, но не нужно, доколку има и други докази.

Согласно изјавите на учесниците во истражувањето, практично и да немало случај кога на главната расправа биле сослушани сведоци мигранти во контрадикторна постапка, или пак тоа било многу ретко.




Графикон 19: Дали во Вашата пракса имало предмет кога на главната расправа биле сослушани сведоци мигранти во контрадикторна постапка

Според искуството на адвокатите, речиси и да немало пракса кога Апелациониот суд прифатил жалба по основ дека мигрантите не биле сослушани во контрадикторна постапка на главната расправа пред првостепениот суд. Сепак, 38% од адвокатите никогаш не поднеле жалба до Апелациониот суд по овој основ.




Графикон 20: Дали во Вашата пракса имало случај Апелациониот суд да прифати жалба по основ дека мигрантите не биле сослушани во контрадикторна постапка на главната расправа пред првостепениот суд?

Околу 77% од адвокатите никогаш не поднеле ниту вонреден правен лек во предмет со криумчарење на мигранти до Врховниот суд на РСМ по основ на повреда на начелото на контрадикторност во постапката за непосредно сослушување на мигрант на главна расправа. Сепак, и во случаите кога истите поднеле ваков вонреден правен лек, истиот не бил уважен од страна на Врховниот суд.




Графикон 21: Дали како бранител сте поднеле вонреден правен лек во предмет со криумчарење на мигранти до Врховниот суд на РСМ по основ на повреда на начелото на контрадикторност во постапката за непосредно сослушување на мигрант на главна расправа?

На прашањето дали заради примена на начелото на контрадикторност во судската постапка мигрантите треба да сведочат непосредно пред судот на главната расправа, експертскиот панел има спротивставени мислења. Именo, мнозинството од јавните

обвинители (70%) сметаат дека е доволно само да се прочитаат нивните искази на главната расправа пред судот, додека пак голем дел од адвокатите сметаат дека мигрантите треба да сведочат непосредно пред судот. Судиите пак, имаат поделени мислења. Имено половина го поддржуваат ставот за непосредно сведочење на мигрантите на главната расправа, додека пак половина сметаат дека е доволно да се прочитаат нивните искази. Како предлог од страна на еден судија во овој контекст е наведено дека треба да се одржи доказно рочиште.




Графикон 22: Дали сметате дека заради примена на начелото на контрадикторност во судската постапка мигрантите треба да сведочат непосредно пред судот на главната расправа

Адвокатите и судиите опфатени со истражувањето се едногласни во врска со потребата исказите на мигрантите земени од страна на јавен обвинител во текот на истражната постапка да се снимаат и потоа да се репродуцираат на главна расправа пред судот, доколку истите ја напуштиле државата. Со ваквиот предлог не се согласуваат мнозинството од јавните обвинители (60%), кои сметаат дека досегашната пракса на читање на исказите е добра и е во согласност со меѓународните стандарди.




Графикон 23: Дали сметате дека исказите на мигрантите земени од страна на ЈО во текот на истрагата треба секогаш да се снимаат и потоа да се репродуцираат на главната расправа пред судот доколку ја напуштиле државата

Според исказите на судиите, во праксата многу ретко имало ситуација кога како доказ била доставена снимка од јавниот обвинител за сведок мигрант сослушан во текот на истрагата. Само 1 од 6 судии вклучени во истражувањето имал ваков случај.

- ***Според анализа на содржината на предметите***

На главната расправа во 9 од анализираните предмети судот ги прочитал исказите на сведоците мигранти кои биле земени во текот на истрагата од страна на јавниот обвинител. Судот донел решение согласно чл.388 ст.5 од ЗКП и ги прочитал исказите бидејќи мигрантите станале недостапни за органите на прогон и не може да се обезбеди нивното присуство на главната расправа.

Во 6 од анализираните предмети не се прочитани искази на сведоци мигранти на главната расправа бидејќи јавниот обвинител не ги сослушал во текот на истрагата, ниту ги предложил мигрантите во листата на докази да бидат сослушани како сведоци.

Членот 388 од Законот за кривичната постапка, предвидува исклучок од непосредно изведување на доказите на главната расправа. Покрај другите случаи, законодавецот предвидел дека записници за дадени искази пред јавен обвинител, може со одлука на судот да се изведат како доказ со читање или репродуцирање, ако лицето кое го дало исказот покрај сите со закон предвидени средства за негово пронаоѓање останало недостапно поради што не може да се обезбеди неговото присуство на главната расправа за негово непосредно испитување. Меѓутоа, за да може во ваков случај да се чита исказот на сведокот даден пред јавен обвинител, потребно е претходно да се направат повеќе

обиди, со сите законски средства, за пронаоѓање на сведокот. Дури откако и по тие обиди сведокот останал недостапен, може неговиот исказ даден пред јавен обвинител да се изведе со читање или со репродуцирање.

Неспорен факт е дека во сите предмети со криумчарење мигранти, до моментот на одржување на главната расправа на кои мигрантите би требало да се сослушаат како сведоци истите го напуштаат прифатниот центар и заминуваат во непознат правец. За нивното заминување од Прифатниот центар или од Центарот за баратели на азил секогаш се доставува писмено известување до судот. Со ова известување во целост е основана примената на законската одредба од членот 388 став 5 од Законот за кривичната постапка од причина што е направен обид да се пронајдат сведоците, но и покрај тоа сведоците мигранти останале недостапни на органите за прогонот. Може да констатираме дека судот основано ја применува оваа законска одредба кога носи одлука исказите на мигрантите на главната расправа да се изведат како доказ со читање на записниците од истрагата.

Во поглед на жалбите до Апелациониот суд Скопје во 9 од 15 предмети била вложена жалба од страна на бранителот на обвинетиот, додека само во 4 од анализираните предмети бил вложен вонреден правен лек Вонредно преиспитување на судска одлука до Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Истражувањето на предметите покажува дека, од една страна, во дел од предметите адвокатите не истакнуваат приговор на главната расправа за да се читаат исказите на мигрантите пред судот кога тие се недостапни, од друга страна кога адвокатите вложуваат жалба на пресудата, читањето на исказите го истакнуваат како повреда на постапката, повреда на принципот на еднаквост на оружјата, а со тоа и повреда на членот 6 од ЕКЧП.

Апелациониот суд ги цени ваквите жалбени наводи и дава образложениево своите одлуки со кои ја потврдува првостепената пресуда, така во една од пресудите е наведено: *Неосновани се и жалбените наводи дека постапката против обвинетите е водена спротивно на членот 6 од Европската конвенција за човековите права и основни слободи и дека обвинетите немале правично судење и не се запазени основните човекови права. Ова од причина што во конкретниот случај, видно од списите на предметот на*

*обвинетите, од страна на првостепениот суд им биле почитувани наведените права, при што постапката по предметот е спроведена по принципот на правично судење, пред надлежен, правичен и независен суд основан со закон, обвинетите биле информирани и запознаени за кривичното дело кое што им се става на товар, биле поучени за сите права кои се предвидени согласно законот, поради што жалбените наводи истакнати во оваа насока, советот на овој суд ги оцени како неосновани.* Во други пресуди се наведува дека исказите на сведоците мигранти кои биле прочитани на главната расправа не се единствен доказ и дека пресудата се заснова и на други вербални и материјални докази на кои судот им поклонил верба.

Врз основа на оваа анализа може да заклучиме дека во предметите кои се водат за кривично дело криумчарење мигранти, исклучокот од непосредно испитување на сведок во кривичната постапка кој го предвидува Законот за кривична постапка во членот 388 став пет станува правило, односно во најголем број судски постапки исказите на мигрантите дадени пред јавниот обвинител се читаат на главната расправа пред судот.

Имајќи го предвид наведеното, врз основа на добиените одговори од експертскиот панел вклучен во истражувањето, може да се констатира дека **посебната хипотеза 4 од овој докторски труд се прифаќа**, односно во текот на доказната постапка пред судот секогаш се читаат исказите на мигрантите кои биле сослушани во текот на истрагата, бидејќи до моментот на одржување на главната расправа истите ја напуштиле државата.

Дополнително, **се потврдува и посебната хипотеза 5**, која гласи дека националното законодавство пропишува во кои случаи се отстапува од непосредно сослушување на сведоци на главната расправа.

***Хипотеза 6:*** *Кога судот ги цени исказите на мигрантите како доказ секогаш ги цени во корелација со останатите изведени вербални и материјални докази во постапката кои јавниот обвинител ги прибавил во текот на истрагата.*

- ***Според анкетни прашалници***

Доколку сведоците мигранти вршеле препознавање на осомничените во полициска станица, од страна на јавното обвинителство најчесто се доставува и снимка од препознавањето, иако постојат случаи и кога како доказ се доставува само записник.

Помеѓу адвокатите и јавните обвинители вклучени во истражувањето постои спротивставено мислење во врска со прашањето дали кога се врши препознавање на осомничените во полициските станици од страна на сведоците мигранти процесот се снима. Имено, речиси две третини од адвокатите сметаат дека тоа не е случај, наспроти 80% од јавните обвинители кои тврдат дека процесот се снима.




Графикон 24: Дали доколку сведоците мигранти вршат препознавање на осомничените во полициска станица препознавањето се снима?

При препознавање на осомничените од страна на сведоците мигранти, најчесто во полициската станица се присутни јавен обвинител, бранител на осомничениот/те, и преведувач, за што се согласни мнозинството од адвокатите и јавните обвинители. Сепак, според искуството на адвокатите, постојат и ситуации кога некое од наведените лица не е присутно на препознавањето, па дури и кога истото се врши единствено во присуство на јавен обвинител.




Графикон 25: Присутни лица во полициската станица кога сведоците мигранти вршат препознавање на осомничениот/те

Според изјавите на јавните обвинители вклучени во истражувањето, најчесто јавниот обвинител не зема исказ од сите криумчарени мигранти, од причина што исказите генерално се повторуваат. Сепак, во зависност од случајот, искази може да се земат од сите криумчарени мигранти во групата, или пак само од еден или двајца мигранти.

Искуството на адвокатите, согласно нивните изјави, исто така оди во насока на тоа дека постојат ситуации кога исказ се зема од сите сведоци мигранти, но и ситуации кога исказ се зема само од еден или двајца мигранти, како доволен доказ во постапката. Сепак, адвокатите се согласни дека потребно е да се земе исказ од повеќе лица, иако сметаат дека јавниот обвинител е тој кој треба да цени дали е тоа доволно. Од друга страна судот е тој кој треба да одлучи дали ќе прифати евентуален приговор од страна на одбраната и ќе одбие доказ на обвинителот како недоволен или ирелевантен, ако исказ не е земен од сите мигранти и ако исказите не се дадени во правилна законски пропишана постапка.




Графикон 26: Дали јавниот обвинител зема искази од сите криумчарени мигранти?

Сепак, освен исказите на мигрантите како вербални докази, јавното обвинителство прибавува и други вербални и материјални докази, за што се согласни и јавните обвинители и адвокатите опфатени со истражувањето. Согласно нивните одговори, други докази кои ги прибавува обвинителството се: препознавање, испитување на биолошки траги и ДНК, извештаи за зрачење по базни станици, листинзи од телефони, вештачење на телефони, снимки од патарини или бензински пумпи, искази на осомничените, како и искази на полициските службеници, документи за утврдување на идентитет пронајдени кај мигрантите, сослушување на сведоци, предистражни мерки (доколку имало), записници за увид, фотодокументација, потврди за одземени предмети, докази за сопственост на возилата со кои се врши превозот, и сл.




Графикон 27: Освен исказите на мигрантите како вербални докази, дали јавниот обвинител обезбедува и други вербални и материјални докази?

Адвокатите и јавните обвинители се согласни дека диспозитивот на обвинението се заснова на сите вербални и материјални докази од листата на докази кои се доставуваат

во прилог на обвинението, а не само од исказите на сведоците мигранти. Помал процент на адвокати 35% смета дека диспозитивот на обвинението е целосно креиран врз основа на исказите на мигрантите.




Графикон 28: Дали исказот на сведоците мигранти е пресуден за креирање на описот на дејствијата на сторување на кривичното дело во диспозитивот на обвинението, односно време, место и начин на сторување?

Сепак, според судиите, исказот на мигрантите најчесто во голема мера е пресликан во изреката на пресудата, особено во однос на времето, местото и начинот на сторување на кривичното дело. Причината за тоа е дека исказите на сведоците мигранти се поопширни почнувајќи од времето кога ја напуштиле матичната држава; тие најчесто престојувале уште во две држави; депонирале пари на територија на друга држава; договарале прифаќање во тие држави; најчесто знаат да кажат со какво возило биле превезувани на територија на Република Северна Македонија; дека биле запрени од полицијата; дека биле фотографирани како и дека ги препознаваат обвинетите од фотографиите.




Графикон 29: Дали исказот на сведоците мигранти е во голема мера пресликан во изреката на пресудата, односно време, место и начина на сторување?

Согласно праксата на судиите, најчесто со пресудата се носи и одлука за одземање на предметите кои биле наменети или употребени за сторување на кривичното дело. Потоа, се одзема имотната корист стекната со кривичното дело, како и непосредната и посредната имотна корист стекната со кривичното дело.




Графикон 30: Најчести одлуки за одземање на имотната корист стекната со кривичното дело

- ***Според анализа на содржината на предметите***

Квалитативната анализа покажа дека во 9 од анализираните предмети судот ја засновал својата пресуда врз основа на вербални и материјални докази изведени во текот на главната расправа, во 8 од овие предмети сослушаните сведоци биле нерегуларни мигранти, додека во еден случај вербалните докази биле искази на други сведоци кои не се мигранти.

Во 6 предмети пресудите се засноваат исклучиво на материјални докази, бидејќи мигрантите не биле задржани воопшто, или пак биле задржани и сместени во Прифатниот центар, но искази не им биле земени.

Анализата покажува дека во значителен дел од овие постапки пресудите се засноваат на вербални и материјални докази кои се детално анализирани во образложението на судската одлука. Може да се забележи дека покрај исказите на сведоците мигранти, се сослушуваат и други сведоци кои биле очевидци на настанот или на друг начин со своето сведочење можат да допринесат за правилно утврдување на фактичката состојба од страна на судот. Исто така често како сведоци се сослушуваат и полициски службеници и други овластени службени лица кои можат да дадат релевантни изјави за судската постапка.

Од анализираните пресуди во корелација со анкетните прашалници се забележува дека се изведуваат бројни материјални докази, но дека обемот на материјалните докази е значително зголемен кога нема предложени вербални докази, односно сослушување на сведоци. Материјални докази кои најчесто се изведуваат во постапките со криумчарење мигранти се фотографии, вештачења, записник за пронајдени предмети, записник за препознавање, обезбедени траги и доказен материјал во врска со криминалистичко техничка обработка, записник за пронајдени траги и предмети на местото на настанот, извештај од вештачење – ДНК анализа, ПИМ (посебни истражни мерки), доказ за сопственост на возило и други.

Во рамките на доказната постапка секогаш се изведуваат и решенијата за привремено задржување на странец во Прифатен центар, како доказ дека мигрантите биле задржани и престојувале во Прифатниот центар. Исто така секогаш како доказ се изведува и писменото известување од надлежен орган за околноста дека мигрантите ја напуштиле државата, на кој доказ судот ја заснова својата одлука за недостапност на сведоците и читање на исказите кои се дадени пред јавниот обвинител.

Судот во образложението на овие пресуди го цени секој доказ посебно и сите заедно во една доказна целина како што тоа го пропишува Законот за кривичната постапка. Во анализата на доказите судот дава образложени причини кој решителен факт од кој доказ го утврдил за да ја донесе својата конечна одлука. Потоа судот ја агументира

меѓусебната корелација на доказите за да дојде до конечната одлука. Во пресудата се образложува и од кои причини не била поклонета верба на исказите на некои сведоци или од кои причини некој од материјалните докази не бил прифатен како релевантен доказ. Судот врз основа на доказите утврдува дали во дејствијата на обвинетиот се содржани сите битни елементи на кривичното дело кое му се става на товар на обвинетиот, како и дали кривичното дело го сторил во време, место и начин како што е тоа наведено во изреката на пресудата.

Од анализата може да заклучиме дека судот ги цени исказите на мигрантите и им поклонува верба и дека исказите на мигрантите имаат значително, но не и пресудно влијание врз одлуката на судот. Имено, ниту една судска одлука не се заснова исклучиво на исказите на сведоците мигранти. Анализираните судски одлуки во корелација со одговорите на експертите во анкетните прашалници се засноваат на изведените вербални и материјални докази на кои судот им поклонил верба. Дополнително во потврдување на оваа теза се и пресудите кои се засноваат исклучително на материјални докази во кои не биле сослушани криумчарените мигранти.

Согласно горенаведеното, може да се констатира дека **посебната хипотеза 6 од овој докторски труд се прифаќа**, односно кога судот ги цени исказите на мигрантите како доказ секогаш ги цени во корелација со останатите изведени вербални и материјални докази во постапката кои јавниот обвинител ги прибавил во текот на истрагата.

***Хипотеза 7:*** *Кога возраста на сведокот мигрант е спорна, односно е на граница помеѓу дете и возрасен и нема документ за идентификација, за утврдување на возраста, судот поклонува верба на самиот мигрант и на другите возрасни мигранти во групата без друга дополнителна проверка. Во Република Северна Македонија не се пропишани посебни правила или подзаконски акти за начин на утврдување на возраста на мигрантите во спорни ситуации.*

- ***Според анкетни прашалници***

Согласно искуството на адвокатите опфатени со истражувањето, најголемиот дел (околу 73%) сметаат дека идентитетот и возраста на мигрантите најчесто ја одредуваат полициски службеници или инспектори при Министерството за внатрешни работи, иако понекогаш тоа може да биде и јавниот обвинител.




Графикон 31: Кој го утврдува идентитетот и возраста на мигрантите, според адвокатите опфатени со истражувањето

Возраста на мигрантите најчесто се утврдува по кажување на мигрантот или пак со увид во документи за идентификација. Искуството говори дека најчесто мигрантите немаат документи за идентификација и во тој случај возраста треба да се утврди и на друг начин.

Според искуството на адвокатите, утврдувањето на возраста може да се врши и преку проценка од страна на социјален работник, или преку ДКП – Дипломатско конзуларно претставништво, односно доколку мигрантите немаат документи, се контактира земјата од која доаѓаат.

Според искуството на јавните обвинители, идентитетот на мигрантите се проверува во евиденцијата на прифатните центри, односно дали лицето и претходно престојувало во Република Северна Македонија, или пак дали во системот на МВР лицето е евидентирано преку отпечатоци од папиларни линии. Еден од можните начини за утврдување на идентитетот на мигрантот е и воспоставување на директна комуникација (преку интернет) со лица во земјата на потекло заради презентирање на документ за лична идентификација на мигрантот. Во однос на возраста, јавните обвинители како пракса посочуваат и испитување на мигрантот на околности во врска со тоа кога во неговата земја започнуваа образовниот процес, кога го има започнато основното образование, дали го има завршено, и слично. Мигрантот се распрашува на околности поврзани со настани на кои се сеќава и временска дистанца од истите. Се распрашуваат

и други мигранти (доколку се во роднинска врска) за податоци за возраста на мигрантот и слични прашања кои би довеле до утврдување на точната возраст или приближно, посебно кога возраста на мигрантот е од важност за правната квалификација на кривичното дело. Сепак, според одговорите на адвокатите, во повеќето случаи мигрантите иако нивните роднини не се деца, изјавуваат за некој од своите блиски дека се малолетни сметајќи дека на тој начин ќе ги заштитат од кривична одговорност.




Графикон 32: Начин на кој најчесто се утврдува возраста на мигрантите

За тоа дали мигрантот е малолетно лице/дете до 18 години, доколку истото нема документи за идентификација и тоа не е очигледно по неговиот изглед, најчесто се утврдува по кажување на мигрантот, за што се изјасниле 60% од јавните обвинители и 42% од адвокатите. Дополнително, постојат и случаи кога истото се утврдува и по кажување на останатите мигранти во групата, иако перцепцијата дека тоа е така кај адвокатите е значително поголема, отколку според искуството на јавните обвинители.

Дополнително, постојат и други начини на утврдување дали станува збор за малолетно лице или не, односно преку контакт со блиски лица од матичната земја кои би можеле да испратат документи за идентификација преку интернет, или пак во комуникација со надлежните од земјата од која доаѓаат. Сепак, таквиот процес е многу долг и постои реална опасност да не се добијат бараните податоци, а при тоа да се пробијат роковите на истрагата. Како други начини за утврдување дали станува збор за малолетно лице адвокатите посочуваат и антрополошко вештачење, како и проценка од страна на медицински лица или социјални работници.




Графикон 33: Начин на кој најчесто се утврдува дека мигрантот е малолетно лице / дете до 18 години, доколку нема документи за идентификација и тоа не е очигледно по неговиот изглед

Во случаи кога возраста на мигрантот е спорна, речиси 70% од адвокатите како бранители на осомничени не предложиле антрополошко вештачење или изведување на друг доказ за утврдување на возраста на мигрантот. Дел од адвокатите дале одговор дека најчесто предлог за антрополошко вештачење, медицинско вештачење дале во фаза на претходна постапка, но и пред судот кои предлози некогаш биле прифатени од судијата на претходна постапка, но има ситуации кога не биле прифатени и возраста била утврдена само по кажување на мигрантот. Како проблем да се прифатат овие предлози адвокатите го истакнуваат краткиот временски период за задржување на мигрантите кој не е доволен да се преземат предложените дејствија како вештачење, повторно испитување на малолетникот и слично. Има адвокати кои одговориле дека немале предмет во кој треба да се утврди возраста, но сметаат дека согласно меѓународните стандарди задолжително е да се изврши вештачење. Еден од адвокатите предложил како доказ за возраста, обраќање до амбасадата на државата на потекло со цел да се побараат информации од надлежните органи за идентитет, возраст и фотографија на мигрантот.




Графикон 34: Дали како бранител на обвинетиот/те сте предложиле антрополошко вештачење или изведување на друг доказ да се утврди возраста на мигрантот кога истата е спорна?

Доколку мигрантот е малолетно лице без придружба, најчесто се повикува старател од ЈУ МЦСР, но постојат и случаи кога се повикува друг возрасен мигрант од групата.




Графикон 35: Кој најчесто се повикува ако мигрантот е малолетно лице/дете без придружба

Доколку е спорна возраста на мигрантот, според јавните обвинители опфатени во истражувањето, најчесто се оди во корист на обвинетиот, односно мигрантот се третира како возрасен, за што се согласни 60% од јавните обвинители, сепак, во зависност од конкретниот случај, често може мигрантите да бидат третирани како деца при квалификација на кривичното дело.

Адвокатите пак имаат спротивставено мислење. Според нивното искуство, во случаи кога е спорна возраста на мигрантот истиот најчесто се третира како дете, за што се согласни околу 70% од адвокатите опфатени со истражувањето.




Графикон 36: Третман на мигрантот помеѓу малолетно лице/дете и возрасен од страна на надлежниот орган, во случај кога е спорна возраста на мигрантот

Во 70% од случаите, кога во групата криумчарени мигранти има малолетно лице, односно дете до 18 години, јавното обвинителство поднесува обвинение за кривично дело Криумчарење мигранти по член 418-б, став 4 од КЗ. Сепак, кога е спорна возраста на мигрантот, односно доколку истиот нема документи за лична идентификација и кажува дека е постар малолетник, а од физичкиот изглед не може да се утврди дали е тоа навистина така, обвинението може да не биде по член 418-б, став 4 од КЗ. Исто и во случаите кога не може да се утврди умисла кај сторителот да прифати и превезува малолетен или малолетни мигранти, како и кога детето мигрант е заедно со своите родители. Во таков случај може да се поднесе обвинение за криумчарење на мигранти кои се полнолетни. Ваквиот став на јавните обвинители е во целосна согласност и со мислењето на адвокатите, елаборирано погоре во текстот.

Од аспект на судот, во кривичните дела по чл.418-б ст.4 од Кривичниот законик, односно кога во групата криумчарени мигранти има малолетно лице/дете до 18 години, чија возраст е спорна според изгледот, или лицето по изглед е на граница меѓу дете и возрасен, судот во 33% од случаите ја зема предвид доставената фотодокументација како доказ врз основа на кој ја утврдува возраста. Дополнително, се прифаќа и решение за

поставен старател од ЈУ МЦСР, кажување на друг возрасен мигрант дека станува збор за малолетно лице, како и од документи за идентификација доставени во списите на предметот (доколку има). Доколку нема доказ за возраста на мигрантот, односно дека се работи за малолетник, две третини од судиите се изјасниле дека извршиле преквалификација на делото од член 418-б став 4, во член 418-б, став 1 и став 2 од Кривичниот законик. Еден од судиите истакнал дека има случаи кога јавниот обвинител самиот извршил правна преквалификација, додека друг судија истакнал дека ретко, во еден или два предмети, јавниот обвинител извршил преквалификација на кривичното дело.




Графикон 37: Докази според кои судот ја утврдува возраста доколку обвинението е за кривично дело Криумчарење мигранти по чл.418-б ст.4 од Кривичниот законик

Над 60% од адвокатите навеле дека во нивната пракса вложиле жалба до Апелациониот суд Скопје по однос на правната квалификација на кривичното дело и навеле дека нема докази дека меѓу мигрантите имало малолетни/деца, или пак дека не можело со сигурност да се утврди дали мигрантот е малолетно лице или возрасен. Сепак, во 80% од случаите Апелациониот суд Скопје ја одбил жалбата и ја потврдил првостепената одлука. Според искуството на адвокатите, во такви случаи Апелациониот суд ја одбива жалбата, односно ја потврдува првостепената одлука, дури и кога има аргументирани причини за истата, односно само во 1 од предметите се случило Апелациониот суд да ја прифати жалбата на бранителот.




Графикон 38: Случаи кога Апелациониот суд ја прифатил жалбата за правна квалификација на кривичното дело, по основ дека нема докази дека еден или дел од мигрантите биле малолетни лица, или дека не можело со сигурност да се утврди дали мигрантот е малолетен или возрасен

Вонреден правен лек во предмет со криумчарење на мигранти до Врховниот суд на Република Северна Македонија по основ на утврдување на возраста на мигрантот поднеле 4 од анкетираните адвокати, но истиот никогаш не бил уважен од страна на Врховниот суд.

Адвокатите речиси едногласно сметаат дека е потребно да се изготви подзаконски акт со кој точно ќе бидат наведени правилата и постапката за утврдување на возраста на мигрантите, особено на оние кои се на граница помеѓу малолетен/дете и возрасен.

- ***Според анализа на содржината на предметите***

При анализата на овие предмети се дојде до сознание дека сведоците мигранти во најголем број случаи немаат документ за идентификација. Во списите на анализираните предмети речиси секаде е наведено дека  податоците: името, презимето, земјата на потекло и возраста на мигрантите МВР ги нотира по нивно кажување. Ова е случај и со малолетните мигранти за кои најчесто родителот или друг возрасен мигрант од групата дава податоци за детето мигрант. Според анализираните предмети ова е најчесто праксата за утврдување на идентитетот на мигрантите. Многу ретко мигрантите може да поседуваат документ за идентификација, но според анализата тоа е документ кој им го издала државата од која мигрирале, најчесто тоа е Република Грција.

Во однос на судот, анализата покажува дека во 2 предмети судот ја утврдил возраста, односно дека било криумчарено малолетно лице врз основа на решението за назначен старател на детето од ЈУ МЦСР и фотографии кои биле приложени во предметот. Во еден предмет судот ја утврдил возраста на малолетникот само врз основа на фотографии, додека во еден предмет судот ја утврдил возраста од транскриптите на прислушкуваните разговори со посебни истражни мерки, во кои помеѓу обвинетите се разговара за криумчарење мигранти на возраст од 5 или 6 години.

Во два од анализираните предмети, иако јавниот обвинител утврдил дека помеѓу криумчарените мигранти има малолетни лица, сепак правната квалификација на делото која ја поднел со обвинението се однесува само на полнолетни мигранти. Судот и во двата случаи ја прифатил правната квалификација на јавниот обвинител иако во описот на кривичното дело кое му се става на товар на мигрантот е точно наведено името и датумот на раѓање на мигрантот од кој може да се утврди возраста. Од увидот во предметите може да се забележи дека јавниот обвинител, иако има дете во групата на криумчарени мигранти, оди со правна квалификација како за полнолетни мигранти од причина што децата се најчесто во придружба со своите родители. Кога детето мигрант е без придружба на родител, во тој случај јавниот обвинител може да поднесе обвинение со правната квалификација од член 418-б, став 1 и став 2 од Кривичниот законик која се однесува на криумчарење на полнолетни мигранти.

Во насока на утврдување на возраста на дете мигрант од страна на судот **анализиран е случај** кој е соодветен на судската пракса во Република Северна Македонија по ова прашање. Во избраниот предмет на обвинетиот му се ставало на товар дека „*На 12.05.2019 година, во периодот од 20,00 до 21,30 часот во околината на Струмица, обвинетиот И. М. прифатил и превезувал 10 - десет илегални мигранти од кои 1 - едно малолетно дете со намера да ги превезе до Арачиново....*" со кои дејствија сторил кривично дело Криумчарење на мигранти по чл.418-б ст. 4 в.в. со ст.2 од Кривичниот законик и истиот бил огласен за виновен и осуден на казна затвор во траење од 4 – четири години. По однос на кривичната санкција потребно е да се образложи дека за ова кривично дело пропишаната казна е минимум 8 – осум години затвор, што значи дека судот во конкретниот случај ја ублажил казната до дозволениот законки минимум.

**Првостепениот суд** анализирајќи ги доказите во поткрепа дека имало малолетно лице меѓу криумчарените мигранти навел: *Со решение на ЈУ МЦСР на град Скопје УП1 бр.... од .... година, на малолетното дете А.А.А. му е поставен старател за посебен случај. Старателот со решението е овластен да ги штити правата и интересите на малолетното дете пред надлежните институции и да поднесе барање за право на азил пред надлежен орган.* ***Наведеното решение е неспорен доказ за возраста*** *на лицето А.А.А., односно за околноста дека е роден 2004 година и дека е малолетен.“*

Понатаму првостепениот суд дал образложение: *„ Делот од одбраната во која се негира дека обвинетиот превезувал малолетно дете, ја одби како неоснована..... Од изведените материјални и вербални докази неспорно се утврди дека помеѓу превезените мигранти било и малолетно дете А.А.А., роден 2004 година во Сирија.“,* судот не наведува од кои докази го утврдил овој факт.

Бранителот на обвинетиот вложил жалба до Апелациониот суд Скопје во која навел дека во списите на предметот не постои доказ од кој со сигурност може да се утврди возраста на мигрантот за кој се тврди дека е малолетен.

Во контекст на жалбените наводи за не постоење докази за возраста на детето мигрант, **Апелациониот суд Скопје** во својата пресуда образложува дека тоа призлегува од исказот на сведокот мигрант (полнолетен) кој навел дека во групата мигранти имало и дете мигрант, потоа од фотографиите на кои сведокот мигрант го посочил малолетното дете, како и од фактот дека на детето му бил поставен старател за посебен случај. Повисокиот суд во целост ги потврдува наводите на основниот суд и образложува: *“Старателот со решението е овластен да ги штити правата и интересите на малолетното дете пред надлежните институции и да поднесе барање за право на азил пред надлежен орган.* ***Оттука произлегува возраста на малолетното дете****, дека истото е родено 2004 година и во време на извршување на кривичното дело истото е малолетно.“*

Бранителот на обвинетиот поднел вонреден правен лек – Барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда до Врховниот суд на Република Северна

Македонија поради повреда на Кривичниот законик, повреда на кривичната постапка и повреда на правото на одбрана.

Бранителот навел: "обвинителството не понуди ниту еден цврст доказ со кој ќе се докаже дека меѓу мигрантите имало едно малолетно лице..". Бранителот наведува дека е повредено правото на одбрана на начин што клучниот сведок – мигрант бил испитан од страна на јавниот обвинител во текот на истрагата, но спротивно на ЗКП и ЕСЧП не бил присутен бранител на обвинетиот. Во текот на сослушувањето му било поставено само едно прашање на околност дека меѓу мигрантите имало едно малолетно лице: *"Дали лицето А.А.А. е малолетник?"* На ваков начин се ускратила можноста на одбраната да ја тестира вистинитоста и веродостојноста на изјавата на овој сведок.

Врховниот суд на Република Северна Македонија донел пресуда во која го образложил следното:*„По оценка на овој суд, правилно првостепениот суд поклонил верба на исказот на сведокот М.С., со оглед дека истиот е јасен, конкретен, веродостоен, кореспондира со останатите изведени докази и е со логичка хронолошка поврзаност на настаните, поради што не постои сомневање во неговата кредибилност. Воедно, исказот на наведениот сведок <u>не е единствен и клучен доказ во постапката</u>, туку напротив, пред првостепениот суд биле изведени и други вербални и материјални докази. Во контекст на наведеното, исказот на наведениот сведок наоѓа поткрепа и во решението на ЈУ МЦСР Скопје УП1.бр....... од ........ година, од кое решение произлегува дека на малолетното дете А.А.А., роден .... година, му е поставен старател за посебен случај како и приложената фотодокументација, од каде се утврдува физичкиот изглед на мигрантите, вклучително и малолетното дете. Оттука, правилно првостепениот суд од исказот на сведокот М.С. утврдил дека бил заедно со поголема група на мигранти, кои три дена илегално престојувале во Република Северна Македонија, дека критичниот ден дошло возило марка „Опел" и во него влегле 10 лица, се возеле околу еден час, ги престигнало полициско возило и му дало знак на возачот да запре, возачот го запрел возилото, полицајците го привеле возачот, а нив ги однеле во полициска станица. Во групата која се превезувала било и едно малолетно лице, кое го посочил на две фотографии од приложената фотодокументација."*

Анализата на пресудите во корелација со анализата на анкетните прашалници ја потврдува праксата на судовите во Република Северна Македонија, односно дека возраста се утврдува по кажување на мигрантот, кога се работи за дете и по кажување на

еден од возрасните мигранти, потоа врз основа на издадено Решение за старател од ЈУ МЦСР, како и врз основа на фотографии.

Врз основа на анализата на предметите во кои е спорна возраста се појавуваат неколку дилеми. Дали треба да се промени судската пракса и судот да бара други докази за утврдување на возраста на мигрантот, односно дали назначувањето на старател од ЈУ МЦСР кој нема надлежност да ја утврдува возраста на мигрантот, фотографиите и исказот на возрасен мигрант се доволен и цврст доказ дека меѓу мигрантите има малолетно лице? Друга дилема која се појавува е, дали изречената кривична санкција, која е спуштена за цели четири години под законски определиниот минумум претставува компензација за не доволно цврстите докази дека мигранот е дете?

Од анализираните судски предмети може да се изведе заклучок дека не постојат посебни правила за утврдување на возраста на мигрантите.

Согласно горенаведеното, може да се констатира дека **посебната хипотеза 7 од овој докторски труд се потврдува**, кога возраста на сведокот мигрант е спорна, односно е на граница меѓу дете и возрасен и нема документ за идентификација, за утврдување на возраста, судот поклонува верба на самиот мигрант и на другите возрасни мигранти во групата без друга дополнителна проверка. Во Република Северна Македонија не се пропишани посебни правила или подзаконски акти за начин на утврдување на возраста на мигрантите во спорни ситуации.

***Хипотеза 8:*** *При донесувањето на судските одлуки за криумчарење на мигранти судиите во своите одлуки секогаш се повикуваат на праксата на ЕСЧП или на други меѓународни стандарди во поглед на ценење на исказите на мигрантите како доказ во кривичната постапка.*

- ***Според анкетни прашалници***

Согласно добиените резултати од спроведеното истражување, може да се констатира дека иако мнозинството од адвокатите во текот на кривичната постапка се повикуваат на меѓународни конвенции и договори од областа на криумчарење на мигранти и транснационален организиран криминал (околу 60%), кај голем дел од нив

тоа не е пракса (над 40%). Кај оние адвокати кои се повикуваат на меѓународни конвенции и договори, најчесто тоа е праксата на ЕСЧП, односно на случаите Трампевски против Република Македонија и Јаневски против Република Македонија.

Според 77% од адвокатите, судот во образложението на пресудата не се повикува на меѓународни конвенции и договори од областа на криумчарење на мигранти и транснационален организиран криминал.

Од друга страна пак, согласно искуството на судиите, постои спротивставена пракса во однос на тоа дали во образложението на пресудата се повикуваат на меѓународни конвенции и договори од областа на криумчарење на мигранти и транснационален организиран криминал. Имено, половина се изјасниле дека се повикуваат на меѓународни конвенции и договори, додека пак половина одговориле одречно. Од оние што се повикуваат, тоа најчесто е Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе, Конвенција на ОН против транснационален организиран криминал, Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен воден или воздушен пат , како и праксата на Европскиот суд за човекови права во делот за прифаќање на исказ за отсутен сведок согласно членот 6 од Конвенцијата.

По однос на статусот на бегалец, судиите навеле дека се повикуваат на членовите 1 и 33 од Женевската конвенција од 1951 година, кои го уредуваат следното: „*За целите на оваа Конвенција, терминот 'бегалец' ќе се применува за секое лице кое... како резултат на основан страв дека ќе биде прогонувано заради расата, верата, националноста, членувањето во одредена општествена група или политичко мислење, е надвор од земјата на која е државјанин и не е во можност, или како резултат на тој страв, не волен да ја искористи заштитата од таа земја; или лице кое, затоа што нема државјанство и е надвор од земјата во која претходно имал вообичаено место на живеење како резултат на таквите случувања, не е во можност, или како резултат на тој страв, не сака да се врати таму.*"

Понатаму, судиите навеле дека во своите пресуди на околноста дека бегалците не поседуваат валидни патни исправи, се повикуваат на Резолуцијата 1821 (2011) на Парламентарното собрание на Советот на Европа, каде е наведено дека: „*Собранието ги потсетува земјите членки на нивните обврски според меѓународното право,*

*включително и Европската конвенција за човекови права (ETS No.5), Конвенцијата на Обединетите нации за поморското право од 1982 година и Женевската конвенција во врска со статусот на бегалците од 1951 година, принципот на невраќање и правото на барање азил,* ***имајќи го во предвид нивниот статус на бегалец, не може да очекуваат истите да поседуваат валидни патни исправи****.*“

- ***Според анализа на содржината на предметите***

Само во 2 од 15 пресуди на **Основниот кривичен суд Скопје**, судиите се повикале на Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминал во поткрепа дека во дејствијата на обвинетиот се содржани битните елементи кои му се ставаат на товар на обвинетиот и кои се во согласност со дефиницијата за транснационален организиран криминал и на Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат.

Судот во една од пресудите го напишал следното образложение:

“*Република Македонија со потпишување на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и Протоколите, презеде обврска да го усогласи домашното законодавство со меѓународните документи. Заради целосно хармонизирање на македонската легислатива, дојде до востановување на казнените одредби од глава XXXIV од КЗ, што всушност и се сугерира со протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат, со кој се дополнува Конвенцијата на ОН против транснационален и организиран криминал.*

*Судот во конкретниот случај поаѓајќи од утврдената фактичка состојба, а при оценката дали во дејствијата на обвинетиот се содржани битните елементи на кривичното дело кое му се става на товар, ја имаше во предвид и дефиницијата за транснационален организиран криминал, како и значењето на поимите наведени во конвенцијата и протоколите.*

*Така според Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминал, кривичното дело е транснационално по природа доколку е извршено во*

*повеќе од една држава, значаен дел од подготовката, планирањето, раководењето или контролата се одвива во друга држава, инволвира организирани криминални групи кои се занимаваат со криминални активности во повеќе од една држава или има значителен ефект во друга држава.*

*Во чл. 3 од Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат е наведено дека поимот „ криумчарење на мигранти “, значи обезбедување на нелегален влез на едно лице во држава членка каде тоа лице не е државјанин ниту има постојан престој, со цел на непосреден или посреден начин да се прибави финансиска или друга материјална корист. Поимот „ нелегален влез “, значи минување на граници без почитување на потребните услови за легален влез во државата во која се влегува.*

*Имајќи ја во предвид утврдената фактичка состојба, судот утврди дека предметното кривично дело има транснационален карактер, истото е извршено од користољубие, се работи за обезбедување на нелегален влез на лица во држава каде што не се државјани ниту имаат постојан престој, со илегално пренесување преку државна граница без почитување на потребните услови за легален влез од државата во која се влегува односно без документи за престој.“*

Против оваа пресуда била поднесена жалба до Апелациониот суд Скопје и вонреден правен лек – Барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда до Врховниот суд на Република Северна Македонија, иако адвокатот се повикал на *„...пресудите на Европскиот суд за човекови права (Trampevski v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia Application no.4570/07 и Janevski v. North Macedonia Application no.30259/15“)* и навел дека *„и во двата случаи ЕСЧП утврдил повреда на членот 6 од Конвенцијата, односно повреда на правото на одбрана бидејќи* ***ниту обвинетиот ниту бранителот*** *немале можност за испитување на сведоците со цел да ја утврдат веродостојноста на нивните искази.“*, двата повисоки судови во своите пресуди не се повикале на ниту една меѓународна конвенција или договор.

Во останатите 13 пресуди Основниот кривичен суд Скопје, не се повикал на ниту една меѓународна конвенција или договор кој го регулира криумчарењето на мигранти, ниту на праксата на Европскиот суд за човекови права.

Само во 1 од 9 пресуди **Апелациониот суд Скопје** се повикал на Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат, и во една пресуда се повикал на Европската конвенција за човековите права и основни слободи, додека во останатите 7 пресуди не се повикал на ниту една меѓународна конвенција или договор кој го регулира криумчарењето на мигранти ниту на праксата на Европскиот суд за човекови права.

Во пресудата во која се повикал на ЕКЧП, Апелациониот суд всушност дал одговор на жалбените наводи на бранителот на следниот начин: „*Неосновани се и жалбените наводи дека постапката против обвинетите е водена спротивно на членот 6 од Европската конвенција за човековите права и основни слободи и дека обвинетите немале правично судење и не се запазени основните човекови права. Ова од причина што во конкретниот случај, видно од списите на предметот на обвинетите, од страна на првостепениот суд им биле почитувани наведените права, при што постапката по предметот е спроведена по принципот на правично судење, пред надлежен, правичен и независен суд основан со закон, обвинетите биле информирани и запознаени за кривичното дело кое што им се става на товар, биле поучени за сите права кои се предвидени согласно законот, поради што жалбените наводи истакнати во оваа насока, советот на овој суд ги оцени како неосновани.“*

Во 4 од 15 пресуди на Основниот кривичен суд обвинетите и нивните бранители вложиле правен лек Барање за вонредно преиспитување на правосилна судска пресуда до Врховниот суд на Република Северна Македонија. Врховниот суд во ниту една од четирите пресуди не се повикал на ниту една меѓународна конвенција или договор кој го регулира криумчарењето на мигранти ниту на праксата на Европскиот суд за човекови права и основни слободи, иако одбраната во еден од предметите се повикала на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал, како и Протоколот за криумчарење на мигранти по копнен, воден и воздушен пат и дала опширно образложение, а во друг предмет на праксата на ЕСЧП.

Ваквата пракса на судовите доведува до заклучок дека Основниот кривичен суд во мал број случаи се повикува на меѓународните договори и конвенции во насока правно да ја оправда својата одлука за утврдување на идентитетот и возраста на мигрантите кои

не поседуваат документи за идентификација. Воедно судовите се повикуваат на одредбите на ЕКЧП, најчесто на членот 6 во насока дека правото на одбрана не било повредено и бил запазен принципот на еднаквост на оружјата. Исто така судовите се повикуваат на Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминал и Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат со цитирање на одредбите со кои констатираат дека обвинетите сториле кривично дело кое според начинот на сторување кореспондира со одредбите од Конвенцијата и Протоколот. Сепак може да се забележи дека кај судовите постои пракса на општи констатации, но отсуствува конкретно поврзување на одредбите од конвенциите и меѓународните договори со конкретниот кривично правен настан.

Согласно горенаведеното, може да се констатира дека **посебната хипотеза 8 од овој докторски труд делумно се прифаќа**, односно, при донесувањето на судските одлуки за криумчарење на мигранти судиите во своите одлуки ретко се повикуваат на праксата на ЕСЧП или на други меѓународни договори и стандарди во поглед на ценење на исказите на мигрантите како доказ во кривичната постапка.

## XI. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Нерегуларните мигранти кои се сведоци во кривичната постапка се лишуваат од слобода и се сместуваат во Прифатен центар каде што им е ограничена слободата на движење и им се прекршени основните човекови слободи и права. За потребите на судската постапка мигрантите кои треба да сведочат се задржуваат во временски период од неколку дена до три месеци во Прифатниот центар, односно до моментот кога ќе бидат повикани и сослушани од страна на надлежниот јавен обвинител. Се чуваат затворени во контејнери и обезбедувани од вооружени припадници на Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија.
2. Во Законот за кривична постапка не постои одредба врз основа на која сведок во постапката може да биде лишен од слобода. Во Прифатниот центар мигрантите се задржуваат по друг законски основ кој не кореспондира со реалниот основ за кој се задржани. Најчесто Министерството за внатрешни работи издава решенија за задржување на оваа категорија мигранти и како основ наведува утврдување на идентитет, илегален влез во државата или заради поднесено барање за добивање

на азил. Според извештаите на НПМ не е мал бројот и на случаите кога МВР воопшто не издава решенија за задржување на мигрантите, не ги евидентира, но сепак ги задржува до давање исказ кај јавниот обвинител. По сослушувањето во јавното обвинителство во својство на сведок според анализата на преметите мигрантите се префрлаат во Центарот за баратели на азил кој е центар од отворен тип од каде своеволно ја напуштаат државата. Дел од мгрантите по давањето исказ во јавното обвинителство се депортираат до граница со „асистенција" на полицијата.

3. Криумчарењето мигранти, како едно од потешките кривични дела за време на мигрантската криза, во себе крие несомнена опасност од кршење на човековите права и може да биде поврзано со голем број ризици за животот, здравјето и слободата, особено кога станува збор за најранливите категории мигранти, особено на децата без придружба, жени, стари лица.
4. Во Прифатниот центар неосновано се задржуваат и непридружувани деца мигранти кои треба да сведочат во судската постапка на кои како и на понолетните мигранти им се дава решение за задржување по други правни основи, или воопшто не им се издава решение за задржување.
5. При постапувањето со непридружуваните деца мигранти државните органи постапуваат согласно Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца, веднаш им се поставува старател од ЈУ МЦСР, по потреба им се обезбедува преведувач и бесплатна правна помош, кратко време од 2 до 3 дена се задржуваат во Прифатниот центар и потоа им се губи трагата. Ова докажува дека Република Северна Македонија нема механизми за да ги заштити непридружуваните деца мигранти, кои сакајќи да стигнат до посакуваната дестинација без придружба ја продолжуваат својата рута на која лесно можат да станат жртви на трговија со луѓе или жртви на други кривични дела како што се изнудување, киднапирање и насилство врз основа на пол.
6. Квалитативната анализа на судските предмети покажа дека водењето на истрагата од страна на обвинителите со поддршка на полицијата има нагорна развојна компонента. Имено во истрагите кои се воделе на почетокот опфатени со периодот на истражување (2015-2016 година), јавниот обвинител се потпирал повеќе на исказите на сведоците мигранти и успевал да обезбеди еден или неколку материјални докази како на пример, записник за препознавање и фотографии. За разлика од тие истраги, истрагите во подоцнежните години до

2021 година се опсежни, со голем број материјални докази кои кореспондираат со исказите на сведоците мигранти. Ова се потврдува и со резултатите од анкетните прашалници кои се спроведени на крајот на 2023 година, според кои експертите се согласни дека покрај исказите на мигрантите јавниот обвинител во прилог на обвинението доставува голем број материјални докази.

7. Нерегуларните мигранти во најголем број случаи не поседуваат лични документи за идентификација и нивниот идентитет се утврдува по нивно кажување, кои податоци во предистражната постапка првично ги евидентира МВР (Регионалните центри на граничната полиција или полициската станица). Мигрантите многу ретко поседуваат документи за идентификација во форма на евидентен лист, кој евидентен лист не потекнува од нивната држава на потекло.
8. Препознавањето како едно од првите дејствија во насока на прибирање докази во рана фаза од кривичната постапка се врши од страна на сведоците мигранти во полициските станици, но во најголем број случаи на препознавањето е присутен само јавен обвинител, а поретко преведувач или бранител на осомничениот. За препознавањето речиси секогаш се составува записник, но има случаи кога ова процесно дејствие се снима.
9. Иако одбраната приговара на законитоста на дејствието на препознавање како доказ, особено кога не е присутен преведувач, судовите и покрај оваа процесна пречка го прифаќаат како валиден доказ.
10. За потребите на истрагата сведоците мигранти по правило се сослушуваат во просториите на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. При нивното сослушување во најголем број случаи е присутен преведувач. Сепак при сослушувањето на сведоците мигранти многу ретко е присутен осомничениот или неговиот бранител. Околноста дека осомничениот и неговиот бранител најчесто не се присутни при сослушувањето на сведоците мигранти го повредува балансот меѓу одбраната и обвинителството на начин што обвинителот се става во привилегирана положба. Дополнително со оваа востановена пракса се отстапува од начелата на непосредност и контрадикторност во кривичната постапка.
11. Законската можност да се снима давањето исказ на сведоците мигранти во текот на истрагата по предлог на одбраната, не се користи од адвокатите кои имаат алтернатива да предложат снимање што упатува на нивен пасивен однос кон оваа законска одредба.

12. Снимањето на исказите во јавните обвинителства не се спроведува најчесто од причина што немаат услови и финансиски средства за обезбедување на опрема за снимање на ова процесно дејствие.
13. Одлуката за тоа колку сведоци од групата на откриени мигранти ќе бидат сослушани ја носи исклучиво јавниот обвинител. Јавниот обвинител во поголемиот број случаи носи одлука да се сослушаат еден или двајца сведоци од групата бидејќи смета дека исказите генерално се повторуваат, но ретко, во зависност од карактерот на кривичниот предмет одлучува да ги сослуша сите пронајдени мигранти.
